К III 7 14

Кочо Сидовски

# ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА СПРЕМА МАКЕДОНИЈА ОД ОБЕДИНУВАЊЕТО НА ИТАЛИЈА ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1870-1903)

- Магистерски труд -

С К О П Ј Е

1975

# П Р Е Д Г О В О Р

Темата "Италијанската политика спрема Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)" го третира проблемот на политиката на Италија кон Македонија и Македонското прашање од периодот на нејзиното обединување од 1870 година до Илинденското востание од 1903 година. Досегашната историографија му посветувала внимание на оваа проблематика само во склопот на политиката на големите европски сили спрема Македонското прашање особено во неговата акутна фаза при крајот на XIX век се до избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година. Инаку за периодот што следува непосредно по Илинденското востание а и потоа имаме повеќе прилози што ја третираат италијанската политика спрема Македонија.

Преку разработување на горенаведената проблематика целта ни е колку тоа можностите ни го допуштаат накратко да се запознаеме со италијанско-македонските врски до обединувањето на Италија, со политиката на Италија спрема Македонија во разните области како на економскиот план, кое што се вршело преку меѓусебната трговска размена која што се одвивала во рамките на трговијата на Турција со Италија, така и на политичкиот план кое што се огледало низ призмата на италијанско-турските односи а во кои Македонското прашање заземало едно од поистакнатите места.

При компонирањето на оваа наша работа користени се како објавена така и необјавена архивска документација, потоа печатот и литературата.

При давањето синтеза на "Италијанската политика спрема Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)" настојувавме распределбата на материјата да ја извршиме така за да може да се согледа италијанска политика во сите аспекти на своите односи со Турција односно Македонија. Секако натамошното истражување ќе донесе повеке материјал, можеби и нови поконкретни докази за ставовите на италијанската политика кон Македонија. Затоа сметаме дека усилбите на натамошното иследување треба да бидат насочени кон согледување на целосната архивска документација и со тоа да се осветлат сите недоизјаснети прашања.

Авторот.

# У В О Д

## Преглед на изворите и литературата

При изработувањето на нашата тема ние се користевме со извори и литература кои што се однесуваат на прашањето за "Италијанската политика спрема Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)".

Во изворите се опфатени дипломатските извештаи во кои што влегуваат: 1. необјавените дипломатски извештаи, 2. објавените дипломатски извештаи во овие треба да ги вброиме и разните трговски извештаи било објавени или необјавени и 3. печатот.

Што се однесува до литературата што ја користевме за изработката на ~~ти~~ нашата тема неа подолу хронолошки ќе ја изложиме.

### I Извори

### 1. Дипломатски извештаи

### а) Необјавени дипломатски извештаи

Како основен изворен материјал за нашата работа ни послужи материјалот од Archivio Storico del Ministero degli affari Esteri -Roma кој се наоѓа микрофилмован во Архивот на Македонија-Скопје. Овој материјал го микрофилмувал [redacted] Стјепан Антољак за време на неговото истражување во Рим во Архивот на Министерството за надворешни работи (Archivio Storico del Ministero degli affari Esteri). Кога сме кај ова посебно треба да нагласиме дека горенаведениот микрофилмувам материјал сеуште не е архивски обработен од Архивот на Македонија во Скопје кое ни ја отежнуваше работата. След обработката на овој микрофилмуван материјал од страна на Архивот на Македонија-Скопје работата во иднина многу ќе се олесни.

Во споменатиот микрофилмувам материјал се наоѓаат

извештаи на конзуларните претставништва на Италија во Македонија почнувајки од 1860 година од конзулатот во Солун, од 1895 од конзулатот во Битола и од 1902 од конзулатот во Скопје. Во овие извештаи воглавно се зборува за разни настани во Македонија од конзуларните окрузи на италијанските конзулати во наведениот период но треба исто така да се спомене дека тие извештаи главно ги регистрирале настаните а помалку ставот спрема нив напр. во периодот на разраснувањето на Македонското национално ослободително движење и др.

Исто така треба да се истакнат извештаите на дипломатските претставници на Италија од соседните земји па и од самата Отоманска империја напр. Софија, Пловдив, Белград, Атина, Букурешт, Цариград, Скадар каде воглавно се оценувале низа настани во Македонија од аспект на ставовите на соодветните влади на балканските држави и Отоманската империја а и на самата италијанска влада.

Во истиот контекст треба да се споменат и ретките извештаи на италијанските дипломатски претставници од Виена, Париз, Лондон, Берлин и Петроград во врска со Македонското прашање каде што се третирале или ставовите на владите на големите европски сили во поглед на Македонското прашање или пак контактите на самите италијански дипломатски претставници во тие градови со официјалните личности на големите европски сили во врска со Македонското прашање

Покрај дипломатските извештаи во микрофилмуваниот материјал од Archivio Storico del Ministero degli affari Esteri-Roma се застапени и извештаи за трговските односи меѓу Италија и Турција во чиј што склоп се наоѓаат и извештаи за трговијата меѓу Македонија и Италија. Најголем број од овие извештаи потекнуваат од италијанскиот конзулат во Солун и во нив има материјали кои што се

однесуваат само за трговската размена на Италија со Македонија. За оваа трговска размена меѓу Италија и Македонија извештаите воглавно се однесуваат за трговијата што се вршела преку пристаништата во Солун, Кавала и некои помали места.

### б) Објавени дипломатски извештаи

Посебна стојност за проблематиката што ја третираме во нашата тема има италијанската "Зелена книга" (Libro Verde)*. Во неа се изложени ставовите на италијанската влада по низа прашања од македонската проблематика особено февруарските реформи, кореспонденцијата на владата со своите дипломатски претставници акредитирани кај големите европски сили по однос на горната проблематика; Заедничките акции на италијанскиот дипломатски претставник во Цариград со претставниците на двете најзаинтересирани сили по Македонското прашање Русија и Австро-Унгарија. За нашата тема од интерес се документите во кои што се третираат настаните поврзани со македонската проблематика во 1903 година заклучно со Илинденското востание. Збирката ја ползуваме преку микрофилм, кој се наоѓа во Архивот на Македонија-Скопје а снимена е од [redacted] Љубен Лапе во Националната библиотека во Лозана.

Италија својата дипломатска кореспонденција систематски почна да ја издава дури по Втората светска војна за разлика од другите европски земји.**

Во оваа збирка на документи е изнесена дипло

---

*Официелниот наслов на "Зелената книга", е следен: "Atti Parlamentari-Camera dei Deputati. Documenti diplomatici presentati al Parlamento Italiano del Ministro Degli Affari Esteri. Roma 1906.

**Наслов на едицијата: "I Documenti Diplomatici Italiani." За нас посебно интересна е Seconda serie 1870-1896 Volume I, II Roma 1960, 1966 i Terza serie 1896-1907. Volume, I, II, III. Roma 1953, 1958, 1962.

матската кореспонденција на италијанската влада со своите дипломатски претставници во врска со различни прашања од нејзините односи со големите европски сили а и со други земји, можат да се најдат повеќе документи кои што се однесуваат на односите на Италија со Турција а се разбира во некои од нив се третира и Македонското прашање. Ова особено се однесува во времето на грчко-турската војна од 1897 година кога Италија е преокупирана со ситуацијата на Балканот и вршела постојана размена на идеи со Австро-Унгарија во врска со понатамошниот тек на настаните во ова подрачје за кое биле живо-но заинтересирани двете земји. Застапена е и документацијата во врска со реформните акции на Австро-Унгарија и Русија во Македонија и ставот на Италија спрема истите.

Пооделен материјал за темата се наоѓа и во документацијата на Турција и на Балканските држави, во поголем број случаи објавена како резултат на истражувачка работа.

И покрај неизмерното архивско богатство на цариградските архиви постои можност, поради непристапачноста до нив, да се ползува само сосема ограничен материјал и тоа објавен.

Една од попознатите по своето значење е збирката на П. Дорев*во која е објавен материјал од турските државни архиви. Тоа е предимно официјална кореспонденција на Портата со нејзините пратеници во странство во врска со настаните во Македонија. Во оваа збирка ~~има документи~~ има документи кои што се однесуваат за одредени периоди од италијанско-турските односи како напр. набавувањето на воена опрема на Турција во Италија и др. Исто така се третираат и извесни акции на Италија во врска со ситуацијата во и околу Македонија.

---

*П. Дорев, Документи из турските държавни архиви. Част II (1863-1909) София, БАН, 1942.

Извесен материјал каде што се третира ставот на Италија спрема Македонското прашање наоѓаме и во збирката на документи на Б.Д.Кесяков.* Тука воглавно се нагласува за тоа дека Италија на Берлинскиот конгрес во 1878 година не истапила како заинтересирана сила во поглед на Македонското прашање поради низа објективни околности.

Од интерес, во однос на третирањето на италијанската политика спрема Турција и Македонија, е и збирката на документи на на В. Ћоровић.** За нас овде е интересна кореспонденцијата на српските дипломатски претставници во Рим, Берлин, Атина, Софија, Цариград со својата влада односно српската влада со нив во врска со определени ставови на италијанската влада спрема Македонското прашање.

Воглавно во оваа збирка на документи се гледа дека српските дипломатски претставници му посветиле внимание на ~~их~~ балканската политика на Италија која била во противречност со источната политика на Австро-Унгарија. Истакнато е и посебното интересирање што го имала Италија за албанското прашање.

Во врска со Македонското прашање се забележува зголемената заинтересираност на Италија во 1903 година во моментот кога Русија и Австро-Унгарија до најголема степен се заангажирале во Македонија со цел за смирувањето на ситуацијата и кога тие заеднички изработиле реформи кои би се приложиле во овој дел на Европска Турција. Во истата 1903 година српските дипломатски претставници го регистрирале ~~ж~~ и сериозното внимание кое кај италијанската влада го предизвикале настаните сврзани со Солунските атентати во Македонија.

---

*Б.Д.Кесяков, Приносъ къмъ дипломатическата история на България 1878-1925. София, 1925, стр. 334.

*В. Ћоровић, Дипломатска преписка краљевине Србије, књига прва (1. Јануар. 1902- 1 јуна 1903), Београд, 1933, стр. 798.

на економската политика и воопшто на надворешната трговија на Италија со Македонија, во обезбедувањето на македонските ресурси со суровини и на осигурување на влијанието на македонските пазари.

Во однос на трговската размена на Италија со Македонија извесни податоци наоѓаме во следните публикации било во оригинал или во превод.

Иако непосредно не се однесува на разгледувањето на трговската размена меѓу Италија и Македонија овде ја одбележуваме и студијата на F. Bianconi* Во неа се даваат податоци за трговијата на Франција со Македонија во 1886 година каде што можат да се најдат некои материјали и за трговијата на Италија со Македонија во односниот период а во врска со разни споредувања за трговскиот промет и за некои порани годишта.

Ценни податоци за трговската размена на Италија со

---

* F. Bianconi, Cartes Commerciales Turquie D'Europe, Province de Macédoine, Paris, 1888, p. 25.

За подоброто согледување на политиката на Италија кон Турција односно Македонија, особено важна улога играат и економските аспекти. В суштина економскиот фактор бил доста важен бидејќи Италија настојувала да го зголеми својот извоз во Турција а исто така да обезбеди суровини за својата индустрија. Економските показатели на овие односи ги наоѓаме во статистичките прегледи, издавани особено од големите империјалистички држави. Тоа се документирани прегледи на надворешната трговија (внос и извоз), пловидбата, таксите и др. Италија како и сите други сили издавала статистички прегледи на трговија, воопшто или посебно на надворешната трговија, општо со сите земји или одделно за подрачја или за одредени земји. Од оваа документација можеме да ги согледаме релациите

Македонија наоѓаме кај Кармело Мелиа (Carmelo Melia).* Кармело Мелиа како професор на кралското италијанско трговско училиште во Солун ги забележал особеностите на стопанството на Македонија, а посебно прометот на Солунското пристаниште и вносот и износот меѓу Македонија и другите земји каде што се наоѓаат податоци за македонско-италијанските трговски врски. Во статијата на Кармело Мелиа податоците се однесуваат за периодот 1890-1893 година. Застапени се податоци за населението, градовите и пристаништата на Македонија, потоа за поморскиот сообраќај на Солунското пристаниште, трговијата на Италија со Србија која се одвивала по поморски пат до Солун а потоа со железница. Од особен интерес за нас се податоците кои што се однесуваат за увозната и извозната трговија која што се одвивала преку Солунското пристаниште. Прво се даваат податоци кои што се однесуваат за сите земји кои што вршеле трговска размена преку Солунското пристаниште. На крајот е даден посебен преглед за трговските врски на Македонија со Италија, во периодот 1890-1893 година. Но треба да се истакне дека тоа се податоци кои што се однесуваат само за трговската размена која што се одвивала преку Солунското пристаниште а не и преку некои други помали пристаништа.

Одредени податоци за трговската размена на Италија со Македонија наоѓаме и во некои извештаи на дипломатските претставници на Франција, Белгија и Италија кои во последно време се

---

* М.К.С. Бѣлѣжки за трговията и индустрията на Македония, из рапорта на Carmelo Melia, Български Прѣглед, София, кн.IV-V, 1895, стр.86-110. Инаку оваа работа претставувала поголем дел од статијата на Кармело Мелиа која носела наслов "Il commercio e le industrie della Macedonia" објавена во книгата Bolletino del Ministero degli Affari Esteri (Билтен на италијанското министерство за надворешни работи) Рим објавена во 1894 година.

Исто за ова може да се консултира- Movimento commerciale del Regno d'Italia. Roma III (1905)

се објавени во Г ИНИ како резултат на истражувачка работа на Александар Матковски и Поликсена Ангелакова во националната библиотека во Париз.

Извештаите на белгиските конзули испраќани од Солун* даваат податоци за производството во Македонија и тоа на разни култури; за увозот и извозот на Македонија преку Солунското пристаниште; за цените на разни артикли било земјоделски, било индустриски; за продорот на англискиот, францускиот, холандскиот, германскиот и белгискиот капитал или стока и воопшто за Македонија како пазариште за пласирање на европската индустриска стока и Македонија како извор на земјоделско-сточарските производи.

Во оваа смисла се однесуваат и извештаите на француските конзули од Солун.**

Во споредба со извештаите на белгиските и француските конзули од Солун кои веќе се објавени и даваат повеќе статистички и бројчани податоци, италијанските извештаи повеќе се наративни и побогати и пополни бидејќи во нив покрај трговските зделки се даваат податоци и за положбата во земјоделството, за турското законодавство, за положбата на патната мрежа, за поштенската служба, за трошарината и тн.***

---

* [redacted] А. Матковски и П. Ангелакова, Извештаи на белгиските конзули испраќани од Солун (Од 13.IV.1859 до 8 август 1871 г.), Г ИНИ, Скопје 1971, XV/3, стр.

** [redacted] А. Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, Г ИНИ, Скопје 1972, XV/1, стр. 209-244.

[redacted] Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун за економската положба во Македонија од 1883 до 1885 година, Г ИНИ, Скопје 1972, XVI/2, стр. 201-242.

А. Матковски и П. Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1887 до 1889 година, Г ИНИ, Скопје 1972, XV/3, стр.157-202.

***А. Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на италијанските

Меѓутоа кај сите овие извештаи карактеристично е да се истакне дека во нив во најголем дел податоците се даваат за повеќе земји заедно па не можеме во потполност со нив да се користиме Можеби сето ова е како резултат од непостоењето на посебни статистики за трговските операции на секоја земја поодделно.

## II. Печатот

Како дополнување на архивските материјали, а за комплетирање на темата за "Италијанската политика кон Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)", од значење е и современиот печат. Печатот како помошно средство ни помага мошне многу во подоброто определување становиштето кон одредено актуелно прашање, варијациите, модификациите и резервите што на моменти произлегуваат во обидите да се дефинира односот и најпосле во него наидуваме на интересни детали, кои не ги среќаваме во документацијата. Печатот како регулатор на јавното мислење мошне влијаел во искристализирањето на односот кон одредено политичко прашање, во помала или во поголема степен да се актуелизира настанот.

Ставот на италијанските официјални кругови а и на пошироките општествени средини во врска со Илинденското востание од 1903 година може да се регистрира и преку зборникот на одбрани статии за одгласот на Илинденското востание во странскиот печат. *
Конкретно во овој зборник што се однесува до нашата тема наоѓаме материјали каде што се зборува за формирањето на одбори во Италија како што биле "Pro Armenia e Macedonia" и др. кои што настојувале преку јавни митинзи и агитација во печатот да го покренат

---

конзули од Солун за 1861, 1862 и 1865 година, Г ИНИ, Скопје, XVII/3, 1973, стр.191-218.

А. Матковски и П. Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 до 1881 година, Г ИНИ, Скопје, 1974, XVIII/2, стр.211-236.

[redacted] *Х.Г. Андоновски, Б. Ковач, Б. Мокров, П. ...

италијанскиот парламент и владата да бара што поенергични мерки од европските држави во полза на христијанското население во Турција. Исто така може да се регистрира и ставот на италијанската влада во однос на Илинденското востание од 1903 година, потоа за учеството на италијанските воени личности во склопот на спроведувањето на Мирцштегските реформи во Македонија.

Заинтересираност за настаните во Македонија сред општественото мислење во Италија, предизвикал со своите статии познатиот италијански публицист Вико Мантегаца. Тој, во 1902-1903 година доаѓа во Македонија, со цел да го проучи револуционерното движење на македонскиот народ. Испраќал статии на весниците "Ла Национале", "Ил Кориере дела Сера" и на други.*

При изработката на нашата тема се консултирани и весниците "Реформи" и "Право" кои што го пренесувале пишувањето како на италијанските така и на весниците од другите европски земји во врска со разните мислења кои што биле изнесувани во Италија околу Македонското прашање и тоа особено во крајот на XIX век и првите години од почетокот на XX век до Илинденското востание во 1903 година.

## III. Литература

По прашањето за "Италијанската политика спрема Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)" постои извесна литература. Меѓутоа, истовремено може да се констатира дека не постои кај подолу наведената литература со мали исклучоци еден комплексен преглед на проблемот, со опфаќање на сите специфични аспекти на прашањето.

---

и Ј. Поповски, Странскиот печат за Илинденското востание, Скопје 1953, стр. 185.

* Впечатоците од Македонија ги изнел и во книгата: "Macedonia" (Marzo-aprile, 1903) Milano 1903.

Треба да се истакне дека за да ја проследиме развојната линија во односот на италијанската дипломатија кон македонските работи до Илинденското востание во 1903 година се осврнуваме покрај на литературата која директно се однесува на италијанската политика спрема Македонија и на онаа литература во која се разработува општата европска дипломатија т.е. нејзиниот однос кон Турција конкретно во нашиот случај кон Македонија во која секако спаѓаат и италијанските дипломатски акции.

Една од најкоплексните студии каде што за првпат се третира италијанскиот став спрема Македонското прашање во склопот на италијанската политика спрема Балканот и Отоманската империја [redacted] претставува студијата на Вико Мантегаца (Vico Mantegazza)*. Таа е една од малубројните дела каде што исцело се зборува за италијанската политика спрема Македонија. Студијата е издадене непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година.

Авторот на оваа монографија го проследува Македонското прашање од Берлинскиот конгрес во 1878 година па се непосредно до Илинденското востание во 1903 година. Вико Мантегаца во почетокот на својата студија,се осврнува на ситуацијата во Македонија под власта на Отоманската империја, за активноста на странските пропаганди на соседните балкански држави на територијата на Македонија од кои крајниот резултат одел во интерес на самата турска власт. Анализирани се и односите на големите сили на Берлинскиот конгрес во поглед на нивните становишта по Македонското прашање. Критикуван е ставот на Италија поради нејзината неактивност на тој конгрес. Карактеристично е да се спомене и тоа што Вико Мантегаца ги посетил и сите соседни земји на Македонија за да се запознае и од тие страни со становиштата по Македонското прашање. Во рамките на својата посета

---

* Vico Mantegazza, Macedonia (marzo-aprile 1903), Milano 1903. 340.

на Македонија Вико Мантегаца ги посетил Скопје, каде што согледувајки ја ситуацијата на теренот дал оценка за практичната примена на предложените мерки за реформи од страна на Русија и Австро-Унгарија Солун, каде што ~~ј~~ најповеќе се задржува на значењето на италијанската колонија во овој град и за важноста на истиот за италијанската извозна трговија, и Битола тогаш втор град на Македонија по важност. Во оваа студија Мантегаца ги разгледува и солуциите за решавање на Македонското прашање низ призмата на односите на големите сили и Турција.

Во XI глава на оваа монографија "Италија и Источното прашање" Вико Мантегаца посебно се осврнува на тоа дека целото политичко и конзуларно претставување на Италија на Истокот особено во Македонија било секогаш занемарено, и тоа најповеќе во последните години на XIX век и почетокот на XX век до избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година. На крајот Мантегаца заклучува дека Италија во почетокот на XX век се наоѓала на внатрешно-политички и надворешно-политички план во иста ситуација како во времето на Берлинскиот конгрес од 1878 година без да може активно да учествува во решавањето на Источното прашање.

Покрај студијата на Вико Мантегаца голем допринос во расветлувањето на италијанската политика спрема Македонија во поширокиот склоп на Европските провинции на Турција ни дава и стојносниот труд на Giovanni Amadori-Virgilj. *Тој се осврнува на проблемите на Епир, Македонија, Стара Србија и Албанија исклучувајки го проблемот на Цариград и на Одринскиот вилает Тракија. Исклучувајки го проблемот на Цариград кој според зборовите на Џовани Амадори

*Giovanni Amadori-Virgilj, La Questione Rumeliota (Macedonia, Vecchia Serbia, Albania, Epiro) e la politica Italiana, Volume primo Bitonto, 1908, p. 1006.

Виргил имал една специјална физиономија на интегралниот балкански проблем и целиот источен проблем, за избегнување на можните превентивни оценки со употребата на изразите Албанија-Македонија тој се послужил со изразот "Румелија" географски, политички и историски израз помалку детерминиран од првиот, но во својата неопределеност ("мента ") повеќе одговарал на географската и политичката конфигурација на проблемот кој што го разработувал авторот што значи само е дел на балканскиот проблем и интегралниот источен проблем.

Од посебен интерес за нас претставува уводот на оваа студија каде се проанализирани причините кои што довеле до тоа Италија покасно да се вклучи во решавањето на Источното прашање. Тоа се должело пред се како резултат на покасното конституирање на Италија во една обединета држава за разлика од останатите европски сили.

Во продолжение се разгледува Источното прашање во сите негови аспекти. Тука пред се едадена целокупна анализа на ситуација во Европските провинции на Турција т.е. во Македонија, Стара Србија, Албанија и Епир. Авторот посебно се осврнува на анализата на Македонското прашање во сооднос со Источното прашање. Според зборовите на Џовани Амадори-Виргил, во времето кога ја пишувал својата студија, Источното прашање се презентирало под парцијална форма на македонскиот проблем. Истакнувајки дека Источното прашање суштински се јавувало како прашање за владеењето на отоманските брегови на Медитеранот. Меѓутоа, вели тој, европската дипломатија го издвоила Македонското прашање од источниот проблем иако ситуацијата во Македонија директно се рефлектирала врз состојбата на другите парцијални проблеми поврзани со решавањето на Источното прашање. Потоа е прикажана балканската политика на Бугарија, Србија, Црна Гора,

Романија и Грција. Прикажани се односите помеѓу балканските држави во периодот од 1903-1906 и од 1907-1908 година, потоа се зборува општо за состојбата во Отоманската империја и влијанието што врз неа го вршеле големите европски сили на сите подрачја.

На крајот во студијата на Џовани Амадори-Віргиљ се приложени географски и статистички карти и тоа: Политичко-административна карта на Европска Турција и училишно-административни карти на Солунскиот, Битолскиот, Јанинскиот жи Одринскиот вилает.

Извесни податоци за италијанската политика на Балканот можат да се најдат и во студијата на Перниче Анџело (Pernice Angelo).* За нас од интерес е шестата глава од оваа книга каде што се зборува за Македонското прашање а исто така и за дејноста на Гоце Делчев во Македонското националноослободително движење.

За разлика од погоре наведените студии издадени во Италија уште во времето на првите децении од XX век до нас допре и една студија од поново време издадена исто така во Италија. Во оваа студија се третира односот на Италија спрема балканските народи а во тој склоп има и материјали и и за Македонија. Тоа е студијата на Марио Пакор (Mario Pacor) Италија и Балканот од Рисорџиментото до Отпорот издадена во 1968 година,** каде што се дава приказ на развитокот на врските на народот на Италија и балканските народи во контекстот на нивната борба за ослободување и за учеството на италијанските доброволци во борбите за ослободување на Грција, Босна и Херцеговина, Македонија, Албанија, Унгарија, Полска и др. Овде се дотакнува и проблемот за ставот на италијанската официјална полити-

*Pernice Angelo, Origine ed Evoluzione storica delle nazioni Balcaniche, Milano 1915, [redacted] p. 628.

**Mario Pacor, Italia e Balcani dal Risorgimento alla Resistenza Milano 1968, [redacted] p. 357.

ка спрема одредени настани на Балканот. Конкретно станува збор за третманот што го имала Италија на Берлинскиот конгрес во 1878 година во поглед на решавањето на Источното прашање, потоа учеството на Италија во Тројниот Сојуз низ призмата на нејзината балканска политика и италијанскиот став спрема административните реформи за Македонија предложени од Русија и Австро-Унгарија во времето на засилувањето на востаничкиот движења во Македонија непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година. Покрај официјалниот италијански став овде се третира и ставот што го имале пошироките општествено-политички групации во Италија спрема разните настани на Балканот.

Во студијата на Марио Пакор е проследена италијанската политика спрема Балканот заклучно со Втората светска војна. На крајот се дава литературата користена при изработката на оваа студија.

Кај нас прв [redacted] кон расветлувањето на македонско-италијанските односи во минатото претставува [redacted] на Христо Андонов-Полјански, посветена на ова проблематика, објавена во 1970 година.* Во овој [redacted] се третираат македонско-италијанските врски од најстарите времиња па се до денешни денови. Меѓу другото е истакнато учеството на Георги Капчев во италијанското национално-ослободително движење во 1848 година и поради тоа станал близок на Гарибалди и на неговото семејство.** Во овој [redacted] посебен акцент е ставен исто така за интересот на италијанската

---

*Христо Андонов-Полјански, За македонско-италијанските односи во минатото, Современост, Скопје, 1970/10, стр.1013-1025. Истата [redacted] е објавена и во Италија, Rapporti storici Italo-Macedoni.- Quid (Roma) II/8 (1969), 5-8.

**Види Г.Нешев, Българи-Гарибалдийци. -История и география 6 (1964) 49; Истиот, Българи Гарибалдийци. София 1965, 60-68; G.Nurigiani, ~~XXXXXXXXXX~~ L'Inssurrezione di Ilinden e i Suoi Artefici. Roma,1968,6.

Х.Г.Андоновски-Полјански.* Тоа е општ преглед на ситуацијата во Македонија настаната како резултат на востанието и последиците во врска со донесувањето на Мирцштегските реформи. Покрај ставот на останати заинтересирани европски сили спрема мирцштегскиот реформен програм е изнесено и становиштето на Италија по ова прашање. Факт е дека Италија била доста запоставена со мирцштегскиот реформен програм. Тој бил донесен без неа иако таа била член на Тројниот Сојуз. Италија се раководела од свои империјалистички прохтеви и била "силно" заинтересирана за приликите на Балканот, сметајки ја за своја интересна свера Албанија, северниот и дел од западна Македонија и Новопазарскиот санџак каде што се судирале со австро-унгарскиот империјализам. Истакната е и активноста на Италија во врска со спроведувањето на Мирцштегските реформи.

Проблемот за односот на Италија кон Македонското прашање изразен низ призмата на изворите и литературата издавани во Италија е претставен во прилогот [redacted] на Христо Андонов-Полјански, Осврт на изворите и на литературата за односот на Европа кон Илинденското востание издаден во 1967 година.** Тука се разработени дипломатските документи издавани во Италија каде што се третира Македонското прашање, потоа статистичките прегледи од економски аспект за

---

* Х. Г. Андоновски-Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи. - Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје) 8 (1955), стр. 5-58.

За политиката на Италија на Балканот, односно Македонија: cf. Mantegazza, Questioni di politica estera (6.. La Macedonia e le reforme); Pellegrini. Verso la guerra? (10.La questione macedone e l'Italia); Chlumecky, Oesterreich-Ungarn un Italien. Das Westbalkanische Problem und Italiens.

** Христо Андонов-Полјански, Осврт на изворите и на литературата за односот на Европа кон Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје) 19 (1967), стр. 203-243.

трговијата на Италија со Турција односно Македонија, пишувањето на италијанскиот печат, акциите на италијанското промакедонско општествено мислење,во врска со односот на Италија кон Илинденското востание. Исто така е дадена синтеза на литературата објавена во Италија а која го третирала Македонското прашање.

Материјали за влијанието на идеите на италијанското ослободително движење односно на неговите највидни претставници Гарибалди и Мацини врз Македонското револуционерно движење и неговите дејци особено Гоце Делчев наоѓаме во [redacted] монографијата од VI тома на Христо Андонов-Полјански за Гоце Делчев.* Во оваа [redacted] монографија исто така се наоѓаат материјали за пишувањето на италијанскиот печат за личноста на Гоце Делчев во врска со неговото загинување на 4 мај 1903 година во борба со турската војска.

За процесот на историскиот развиток на Италија со сите компоненти кои што влијаеле на нејзината надворешно-политичка ориентација прилично материјал ни дава студијата посветена на историјата на Италија издадена во 1973 година.** Во оваа книга на марксистички начин е прикажан процесот на историскиот развиток на Италија почнувајќи од крајот на 18 век па заклучно со завршувањето на Првата светска војна во 1918 година. Потенциран е периодот од историскиот развиток на Италија кога доаѓа до прераснување на домонополистичкиот капитализам во империјализам аналогно на тоа и до засилено интересирање на Италија за создавање на свои интересни сфери на влијанија, и освојување на територии прво во Африка а потоа и на Балканот. Карактеристично е да се спомене и тоа дека развитокот на надворешно-политичката ориентација на Италија е поврзан со

---

*Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, IV том. Скопје 1972, стр. 340.

**История Италии, том II, Москва 1973, стр.604.

развитокот на внатрешната економско-политичка ситуација во земјата.

По прашањето за развитокот на трговијата на Италија со Македонија исто така постојат извесни студии. Во тој однос драгоцен придонес ни дава студијата на [redacted] Данчо Зографски, за развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење објавена во 1967 година.* Во оваа студија се презенти рани материјали за развитокот на стопанството во Македонија со сит негови карактеристики кои произлегувале како последица на развитокот на капиталистичките елементи во Македонија под влијание на стра нскиот капитал. Значително место во оваа студија му е посветено на развитокот на трговската размена меѓу Македонија и одделните земј каде што наоѓаме материјали и за трговската размена на Италија со Македонија, потоа на развитокот на сообраќајот, создавањето и разв токот на кредитот и банките во Македонија во XIX и во почетокот на XX век и создавањето и развитокот на индустријата во Македонија до Балканската војна.

Придонес за разјаснувањето на прашањето во врска со италијанската политика спрема Македонија односно италијанскиот став спрема Источното прашање ни даваат дипломатските истории на Европа. Во контекстот на овие студии треба да се истакне "Дипломатската историја на модерна Европа" од Џ.П.Гуч и Ј.М.Јовановиќ** Тука е претставена од општ аспект италијанската политика, во склопот на акциите на европската дипломатија. Во оваа студија наоѓаме материја ли за односите на Италија спрема Балканот, потоа за односите меѓу

---

*[redacted] Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје 1967, стр. 568.

**Џ.П.Гуч-Ј.М.Јовановиќ, Дипломатска историја модерне Европе. Од Берлинског конгреса до Версаљског мира, 1878-1919, Београд 1933, стр.639.

членките на Тројниот Сојуз Италија и Австро-Унгарија, т.е. борбата за позициите во одделните реони на Отоманската империја. Покрај горенаведеното во оваа студија се даваат извесни факти за политиката на Италија спрема Балканот во чиј склоп се зборувало и за Македонското прашање.

Интересна во овој поглед е и студијата на А.Џ.П. Тејлор (Alan Dž. P. Tejlor) "Борбата за господство во Европа 1848-1918"* каде што низ акцентирањето на односите во империјалистичките сојузи е презентирана политиката на Италија кон Балканот.

Можеме да констатираме од освртот на користената литература за изработката на нашата тема "Италијанската политика кон Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)"дека таа во поголем дел е претставена од општи студии за италијанската политика спрема Балканот а во сосема мал обем за италијанската политика спрема Македонија, а тоа секако е и одраз како што истакнавме погоре на немањето на специјални интереси од страна на Италија за Македонија.

Пред да преминеме на конкретното изложување на материјата која што се однесува на "Италијанската политика спрема Македонија од Обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)" треба да кажеме дека горното ќе го изложиме во два дела. Во првиот дел ќе зборуваме за Економските односи на Македонија со Италија каде што ќе се осврнеме општо за стопанските врски на Италија со Турција со аспект на Македонија, каде што посебно ќе се осврнеме на трговската политика на Италија спрема Турција со посебен осврт за Македонија. Исто така во рамките на расположивите податоци ќе се осврниме посебно за вносната трговија т.е. увозот

---

*Alan Dž.P.Tejlor, Borba za prevlast u Evropi 1848-1918, Sarajevo 1968, str.590.

од Италија во Македонија и извозната трговија на Македонија во Италија.

Во вториот дел ќе зборуваме за дипломатските односи на Италија со Турција со посебен осврт за Македонија. Тука ќе стане збор за создавањето на италијанската држава со посебен аспект на нејзината политика спрема Истокот, потоа за интензитетот на интересот на Италија кон Македонија, времето на отварањето на италијанските конзулати во Македонија, осврт на извештаите на италијанските конзули во Македонија а исто така и краток осврт на извештаите на италијанските дипломатски претставници во балканските земји меѓу нив и Турција, а исто и на дипломатските претставници на Италија акредитирани кај големите европски сили а кои биле во врска со Македонското прашање.

Преку освртот на овие извештаи ќе видиме што придонесуваат тие во осветлувањето на италијанската политика кон Македонија. И на крајот ќе зборуваме врз основа на ползуваните извори и литературата: 1. За италијанската политика кон Македонија од 1870-1893 година до појавата на ВМРО и 2. За италијанската политика кон Македонија од 1893-1903 година до Илинденското востание

За да се дојде до развитокот на италијанско-македонските односи после обединувањето на Италија во единствена држава во 1870 година требало да постојат доста развиени врски и во претходниот период како на политички така и на економски план. За ова подолу ќе стане збор.

# ГЛАВА I

## ОСВРТ ЗА НАЈСТАРИТЕ ИТАЛИЈАНСКО-МАКЕДОНСКИ ВРСКИ ДО ОБЕДИНУВАЊЕТО НА ИТАЛИЈА ВО 1870 ГОДИНА

### а. Политички односи

Македонија ја зазема средишната положба на Балканскиот Полуостров. Нејзината поволна географска определеност влијаело осетно многу врз нејзиниот историски развиток. Тоа придонесло да се најде во средиштето на крстопатот на повеќето светски цивилизации кои оставиле печат на нејзиното тло и мешајќи се со автохтоните текови создале сопствен израз во ризницата на човечката култура.

Во контекстот на размената на културите меѓу Западот и Истокот, со културните жаришта на Подунавјето, со Егејот , Медитеранот и Левантот спаѓа и размената на културите на Апенинскиот Полуостров кое е од интерес да се испита воглавно,врз база на грижливото археолошко рекогносцирање и компарирање.

Првите историско констатирани односи на Македонија со царскиот Рим ги гледаме преку трите македонско-римски војни со кои се запечатила судбината на Античка Македонија. Во Македонија крстосувале легионите на Римската империја, кое осетно се одразило врз нејзиното натамошно егзистирање. Во времето на римската подчинетост Македонија ја изгубила својата слобода и својата државна особеност.

Во исто време се зголемила и културната размена за што ни зборуваат богатите остатоци на антички римски градови и сочувани те примери на римската скулптура низ повеќето македонски краишта.

Врски меѓу Рим и Македонија констатираме и во врска со големата мисија на браќата Кирил и Методиј каде што треба да се

истакне дека римската црква ја одобрила нивната мисија и тоа по нивното патување во Рим. Тука Кирил починал и бил сохранет во црквата ХХ Св. Климент а Методиј ја продолжил неговата дејност.

Периодот до потпаѓањето под власта на Турците е интересен и по тоа што тогаш се констатирани значајни елементи на македонско-италијанските односи. Тоа е времето на развиени меѓусебни трговски врски. Во тој трговски сообраќај воглавно учествувале трговците од сите поголеми италијански центри, од Венеција па на југ се до Сицилија. Трговците го ползувале познатиот пат Via Egnatia, а исто така и по море, за да воспостават врски и размена со македонските центри и тоа воглавно со: Солун, Серез и други.[1] Во врска со ова треба да се каже дека во Солун имало една силна венецијанска колонија, која ја имало во рацете трговијата на еден голем дел на Македонија. Исто така во Солун имало колонија на ѓеновските трговци. Од тоа може да се види дека и Венецијанците и Ѓеновјаните го избрале Солун за центар на нивните операции. Во 1329 година се регистрирани фирентински трговци во Солун. Покрај обичната размена на стоки таа се вршела и на панаѓурите. Таква размена на трговци била забележана на панаѓурите како во Македонија, така и во Италија. Освен тоа, на италијанските пазари биле регистрирани и продажби на робје од Македонија.[2]

Инаку Венецијанската република била трговски и политички господар на сите пристаништа на Истокот; и италијанскиот јазик бил неопходен јазик употребуван во трговската размена и од морепловците. Симболот на Венецијанската република лавот се среќавал како на Јадранот така и во пристаништата на Истокот. Истиот симбол се среќавал и во внатрешноста каде Венецијанската република имала воспоставувано патишта за сообраќај, на местата за набљудување

кое придонесувало за развитокот на нејзината трговија.

Турската окупација на Македонија многу тешко се одразила врз положбата на македонскиот народ. Меѓутоа, македонскиот народ преку организирање на повеќе бунтови и востанија давал израз на своите слободољубиви стремежи. Покрај формата на оружен отпор одделни истакнати македонски првенци се ползувале и од создаденото антитурско настроение во Европа во 16 и 17 век, за да го синхронизираат со востаничките акции во Македонија за борба против Турција. Акции за помош тие организирале и во италијанските држави. Таму тие наишле на топол одзив. Тоа се одразило во преземање на извесни чекори за реализирање на тие антитурски потфати. Така, Лео X уште во 1517 година готвел експедиција против Турција. Слична акција била организирана и во 1551 година и се правеле обиди да се назначи "Кнез на Македонија".[3] Покрај ова покасно Охридскиот архиепископ Атанаси водел преговори со Венеција. На 26 јануари 1596 година во Бутрино (Епирско пристаниште близу Крф) тој се сретнал со венецијанскиот претставник и капетан на островот Крф Ангел Базадона кој што бил придружен од својот советник.Бафо. После кога ги уверил во својата преданост кон сињоријата, Атанаси им предложил-Венеција неодложно да ја завземе Албанија.

Во текот на 1597 година Атанаси пристига во Италија со барање за помош од страна на Венеција за подигање востание против Турција. Но тоа не било направено.

Таквите акции продолжиле и во првите децении на 17 век, кога првенците на Македонија склучувале аранжмани за такви акции во Неапол и во Сицилија.

Од погоре искажаното можеме да заклучиме дека овие моменти од македонско-италијанските односи од овој период

интересни се да се подвлечат од повеќе аспекти. Прво тие чинат значаен момент во меѓусебните односи во целина; второ ги регистрираат високите цели на преземените акции да се помогне ослободителната кауза на македонскиот народ.

"Во ова време го бележиме феноменот на зголемена печатена продукција во Италија поврзаната со животот, делото и легендите на Александар Македонски. Освен тоа се јавуваат и неколку италијански поети што го земаат македонското име, како напр. Macedonio и др. Исто така во една печатена книга во Ватиканската библиотека се наоѓа една македонска песна од македонскиот крај-Костурско од 16 век, придружена со македонски речник (кој го издадоа: C. Giamelli и A. Vaillant )".[4)]

Треба да се истакне дека се правеле обиди за отворање на конзулати на италијанските држави во Македонија. Така, во 1743 година во Солун се инсталирал венецијанскиот конзулат.[5)]

Францускиот конзул Араси во својот извештај од 24 април 1778 година споменувал дека тогаш во Солун постоел покрај другите и вице-конзулат на Неапол.

Во XIX век во Македонија се јавувале првенци, кои неможејќи, поради турското ропство, да ги разгранат своите иницијативи, се посветиле да и служат на ослободителната кауза на другите народи. Во нашиот случај станува збор за италијанскиот народ. Конкретно го спомнуваме случајот на Ѓеорѓи Капчев, од македонскиот културен центар-Охрид, кој се присоединил кон италијанското национално-ослободително движење во 1848 година. Тој станал гарибалдинец и близок пријател на Џ. Гарибалди. Учествувал во низа судрувања и го придружувал Гарибалди при неговото отстапување преку Апенините. При преминот кај Сан Марино и патот кон брегот на Јадран Капчев го

придружувал Гарибалдија ж и неговата болна жена. Во последната битка кон овој премин Капчев добил наредба да ја префрли жената на Гарибалди и се наоѓал меѓу неколкуте најверни Гарибалдови сподвижници за време на нејзиниот претсмртен час. Со ваквата своја активност, Капчев станал присен пријател на Гарибалди, а и на неговите синови, а нарочно на генералот Ричоти Гарибалди.[6] Инаку за жж активноста на Ричоти Гарибалди на Балканот покасно ќе стане збор. Врските на Г. Капчев со Гарибалди, а и учеството на другите македонски доброволци во италијанското движење кое во иднина повеќе ќе се испита, претставуваат значаен момент во историјата на македонско-италијанските односи. Уште повеќе треба да се истакне дека ова движење по револуцијата 1848/49 година, било популаризирано на Балканот. Така и весникот "Македонија" пишувал за ова движење, за Гарибалди и Мацини.[7]

Карактеристично е да се спомене во овој контекст исто така за ставот на тогашните општествени кругови во Италија општо спрема Словените и општо спрема балканските народи. Тоа е еден став за поприсни односи, односи на соработка и помош.

Така во 1849 година се основало во Торино "Друштвото за итало-словенски сојуз" каде се истакнувала согласноста за "настојувања за братска и активна помош помеѓу Словените и Италијанците за независност и просперитет на обете нации. Во Рим се појавило во еден период романско собрание во корист на Словените".[8]

Инаку Гарибалдинските доброволци активно учествувале во Ж борбите на Балканот во различни земји. Така например во востанието на Крит во 1866-67 година учествувале повеке од две илјади доброволци (таму умреле Cesare Cesari, Achille de Grandi и десетици други борци) потоа во 1886. Тие исто така биле во Црна

Гора, Србија и Босна во 1876 година. Малку покасно иако излегува од рамките на нашето моментно разгледување ќе истакнеме за нивното учество во 1897 година во Гарибалдинскиот одред и во Филеленската интернационална легија кои се бореле во Епир, Македонија и во Тесалија под команда на Ричоти Гарибалди, Amilcare Cipriani, Luciano Mereu, Giuffride De Felice, и уште во Балканските војни во 1912-13.

За демократијата од Италија, -пишувал Ettore Ferrari -за старите војници на Гарибалди, солидарноста со угнетените народи кои копнееле за независност била една традиција во минатото и едно чувство на сегашноста. 9)

Марио Пакор ја истакнува заслугата на Гарибалдинските доброволци за односите помеѓу Италијанците и балканските народи во деветнаесетиот век бидејќи тие освен активното учество во борбите за слобода тие учествувале и во нејзиното раководење и учествувале во нејзината политичка организација.

Во шеесетите години на голем отзвук наеѓа Манифестот на Мацини до источните народи, повикувајќи ги да си подадат "...братска рака, зошто часот за вашиот спас-како се вели во Манифестот-е близу...иднината ќе ве награди за трудот и жртвите на денешната мачна работа, во која никако нема да ве остави вашиот Мацини". 10)

Не треба да заборавиме исто така дека Гарибалди земајќи го за повод востанието на Херцеговците и Црногорците (есента 1861 година), испрати една прокламација кон Словените каде што се читале следните редови: "Блиску е часот на народите нека се извлече мечот на справедливоста за да го придобие секој еден народ своето наследство. Време е да се приготват сите народи за конечната борба...заборавете ги кавгите, интригите, религиозните и расовите

суеверија. Разбудете се, имајки само една мисла-мислата за освета, за слобода, и смело атакувајтеги вашите тирани!".[11]

Од горе искажаното можеме да заклучиме дека врските меѓу Италија од една страна поарно речемо меѓу италијанските држави водејки сметка дека Италија во дадениот период не била обединета и балканските народи односно за нашата тема нагласено Македонија биле прилично широки и интензивни.

Меѓутоа по ослободувањето и Обединувањето на Италија македонско-италијанските односи добиваат конкретен вид особено на полето на дипломатијата и трговијата. Имено, Италија се повеќе тежнеела на овој дел на Балканот да ги зголеми своите позиции и интереси и да ја зголеми трговската размена.

б. Економски односи

Во почетокот накратко како уводен дел би се осврнале како се одвивала трговската размена меѓу италијанските држави и Македонија до 1870 година и кои биле предусловите кои ја овозможиле таа трговска размена.

Македонија наоѓајќи се на крстопатот на различните друмски патишта а исто така поврзаноста на Солунското пристаниште со линии на разни европски бродарски компании придонесувало за зголемено интересирање за пласирање на разни стоки од италијанските држави во Македонија.

Од друга страна Македонија располагајќи со плодна земја особено во своите средни и јужни делови, а и благопријатната клима влијаена од Средоземноморието, била во можност да одгледува низа земјоделски култури за извоз.

Македонија располагала и со разни рудни богатства кои предизвикувале интерес кај италијанските трговци за увоз во

Италија.~~хх~~ Сепак треба да се нагласи ниското ниво на нивната експлоатација.

Во 18 век и во првата половина и средината на 19 век во Македонија се манифестираат нови општествено-политички и културни промени, кои биле условени од економскиот развиток и продирање на европскиот капитал. Тоа придонесло за зголемен развиток на македонското стопанство, на градовите и на сообраќајот.

Треба да се истакне дека иако Италија во овој временски период не била оформена како единствена држава, туку разделена на ситни државици италијанските трговци уште од првите векови на турското владеење биле ангажирани во надворешно-трговската размена на Македонија.

Во првата половина на XVIII век и тоа се до 1743 година, венецијанските трговци заедно со холандските се ставале под заштита на англискиот и францускиот конзулат.

Меѓу другите европски трговци кои во средината и во втората половина на XVIII век учествувале во трговијата со Македонија спаѓаа треба да се истакне уште трговците од италијанските градови особено од Венеција, Неапол, Ѓенова и Ливорно.

Заради подобро вршење на трговските работи, Неаполското кралство во 1742 година организира пошта,која секој месец по сувоземен пат пренесуваше писма и помали пратки од Цариград преку Солун до Драч, а оттаму по море за Неапол, како и во обратен правец.

Отворањето на конзулатите и вице-конзулатите на италијанските држави во Македонија влијаело на порастот на трговската размена .

Според податоците од E. W. Zimmermann објавени

во неговото дело "A political surveu of the present stale of Europe (Лондон, 1787), од износот преку Солунското пристаниште на Италија и се паѓале 3.000 балиња памук.[12)]

Врз основа на статистиката од венецијанскиот конзул Choidas за 1751 година во износот на македонскиот памук, Венецијанците учествувале со 4000 бали, Ливорно со 600 бали, Ѓенова со 400 бали и Анкона со 300 бали.[13)]

Но покасно венецијанските и ѓеновските трговци беа истиснати во износот на памукот и на другите суровини од Македонија од англиската Леванеска компанија а потоа од Франција и Холандија и подоцна Австрија.

По отворањето на Неаполскиот конзулат во Солун, неполските бродови во поголем број го посетуваа Солунското пристаниште а од 1750 година Ѓеновјаните изнесуваа преку Солун најмногу загорска свила, а внесуваа разна мануфактурна стока. Италијанскиот град Ливорно во размената на стоките со Македонија играше посредничка улога, внесувајки англиски и холандски производи, а особено платно.

Во износот на некои македонски производи ливорниските трговци ефикасно ги конкурираа трговците од Марсеј, така што например, вредноста на изнесениот тутун во 1750 година за Ливорно и Сицилија била поголема од вредноста на тутунот што во истата година бил изнесен од Македонија за Марсеј.[14)]

Учеството на Италија во надворешната трговија на Македонија кон крајот на XVIII век може да се види од табелата на Феликс де Божур, која содржела податоци за претпоследната деценија на XVIII век. Вносот (изразен во турски пијастери) изнесувал 644,400 а износот 1,150,000.[15)]

Во овој ист период т.е. кон крајот на XVIII век (1796) износот на памукот го достигнал количеството од 10,890,000 оки (се однесува за износот на памук од Македонија во сите земји кои што по увезувале), од кое Французите изнеле 1,320,000 оки памук за Ливорно, 165,000 оки за Ѓенова.[16)]

Резултатите на истражувањата и проучувањата на Н. Свороноса покажуваат дека житото од Македонија го барале еднакo како англиските, така и венецијанските трговци кои го експедирале за Европа, каде што се чувствувал приличен недостиг на жито.[17)]

Од друга пак страна италијанските трговци внесувале во Македонија тафт, свила, огледала, стакларија и инкрустирано оружје.[18)]

Извозот на македонскиот памук продолжил и во XIX век. Во 1863 година беа изнесени извесни количини на памук за Италија.[19)]

Треба да се напомене дека и свиларството заземаше видно место во надворешно-трговската размена на Италија и Македонија. Со цел ~~xxxxxxx~~ за да се отстранат дегенерираните сорти на домашното семе, во 1869 година се пристапило кон внесување на семе за свилени кожурци покрај од Далечниот Исток (Јапонија) и од Средна Европа (Франција и Италија).[20)]

Горепреземените мерки допринеле значителни количества на свилените кожурци од Македонија да се изнесуваат во странство и тоа главно во Италија (Ломбардија и Пиемонт) и во Франција (Лион).[21)] Но и покрај горе реченото Италија и конкурираше на Македонија во производството и износот на свилени кожурци и свила со исто так во свое производство.

Треба да се истакне дека и производите од сточарството учествувале во надворешно-трговската размена меѓу Македонија и

Италија. Значителен број на сточари-велепоседници воспоставиле трговски врски со Италија каде изнесувале преку Солун волна.

По прекинувањето на поморските врски со Франција во времето на Револуцијата, наполеоновите војни и Континенталната блокада, внесената европска стока што се продавала на панаѓурите во Серес, Прилеп, Неврокоп, Енице-Вардар и Петрич во Македонија пристигаше преку Драч и Виена од Германија и Италија.[22)]

Напоредно со тоа доаѓа и до засилување на поморскиот сообраќај кое што исто така допринесувало да се зголеми надворешнотрговската размена меѓу Италија и Македонија.

Интензитетот на развитокот на надворешната трговија на Македонија со Италија продолжил со подеднаков раст и во средината на XIX век. Тоа ни го покажуваат и долунаведените податоци. Но нивниот број е ограничен и не ни овозможува посликовито да го предадеме тој развиток.

Во 1851 година се внесувале во Македонија од Италија: кафе "Рио" од Ѓенова, кое заедно со кафето од Марсеј, Трст и Смирна сочинувале еден внос од 5,000 вреќи со вредност од 200,000 гулдени. Исто така била внесена хартија од Ѓенова кое заедно со хартијата внесена од Трст и Марсеј сочинувале 10,000 топови со вредност од 15,000 гулдени.

Преку пристаништето во Кавала во 1851 година во износот на македонскиот тутун Сардинија и Тоскана учествувале со по 1,000 балиња, при што тежината на едно бале изнесувала околу 100 оки.

Во истата 1851 година пристаништето во Драч било посетено од 6 сардински бродови со 825 тони; со внос од 41,000 износ од 50,000 и вкупно 91,000.

Треба да спомeнеме дека ние овде даваме податоци за Драчкото пристаниште заради тоа што тоа имаше особено големо значење за трговската размена на Западна Македонија со Италија и Австрија.[23)]

Размената на Македонија со Италија била регистрирана и од страна на конзулите од другите земји покрај на оние од италијанските држави. Така например белгискиот конзул во Солун Л. Карбонери во својот извештај испратен од Солун на 31 декември 1863 година вели дека дотогаш (31.12.1863) за Италија биле испратени 5,000 бали памук (1 бала 50 оки памук).[24)]

Покрај другите земји како напр. Англија, Австрија, Франција, Саксонија, Прусија, Швајцарија и Италија се истакнувала со внесот на своите производи и други стоки во Битолскиот вилает во 1865 година.

Според податоците што ги содржел еден конзулски извештај за трговскиот промет на Румелија (со називот "Румелија" овдека било означено главно подрачјето на Битолскиот вилает) во 1865 година вкупната вредност на внесената стока од странство ја достигала приближно сумата од 2,100,000 гулдени, од која поголем дел се однесувала на стоката што била внесена од Англија.

Додека пак учеството на Италија во внесот на стоки од оваа подрачје може да се види од тоа дека: вредноста на внесената стока во австриски гулдени изнесувала само 60,000 гулдени.[25)]

Во подолната табела даваме податоци за внесот и износот на стоки преку Солунското пристаниште од страна на Италија во текот на 1868, 1869 и 1870 година.

| | ВНОС ВО ФРАНКОВИ | ИЗНОС ВО ФРАНКОВИ |
|---|---|---|
| 1868 | 203,000 | 4,989,000 |
| 1869 | 123,000 | 2,558,000 |
| 1870 | 197,000 | 1,152,000 |

Од горенаведеното значи треба да се истакне дека Италија имала сосема мал внос во Македонија, додека во износот на производи и суровини нејзиното учество било многу поголемо.[26)]

Од сето досега изложено во врска со трговската размена меѓу Македонија и Италија до 1870 година т.е. до Обединувањето на Италија може да се констатира дека и покрај не постоењето на единствена - обединета италијанска држава во овој период сепак постоеле расширени трговски врски меѓу Италија и Македонија во склопот на трговијата меѓу Италија и Отоманската империја.

## ГЛАВА II

## ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА СО ИТАЛИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1870-1903 ГОДИНА

Расширените трговски врски меѓу Македонија и Италија од периодот пред Обединувањето на Италија во 1870 година продолжиле и по овој период. Обединувањето на Италија позитивно се одразило на развитокот на трговските врски на Италија со Турција, односно Македонија. Единствениот пазар на Италија чувствувал се поголема потреба од суровини за развитокот на својата индустрија а во исто време и за извоз на одделни индустриски производи во Турција.

Во врска со трговските односи на Македонија со Италија во периодот 1870-1903 година располагаме и со одредени извештаи од изворен карактер.

### 1. Осврт на извештаите за трговските односи на Македонија со Италија во периодот од 1870 до 1903 година

Од италијанско потекло можеме да ги користиме следните извештаи:

1. Извештајот на италијанскиот конзул во Солун Francesco Zerboni каде што се дадени трговски известувања за прометот на градот Солун во текот на 1881 година. Инаку податоците биле земени од Bolletino Consolare, Vol XVIII, Parte II (Dicembre 1882).

2. Податоци за извозната трговија на Солун со Италија за 1882 година наоѓаме во извештајот на грофот Francesco Maza кралски вице-конзул во Солун соопштен од Франческо Зербони кралски конзул во Солун објавен во Bolletino Consolare, Vol.XX, Parte I (Febbraio 1884).

Инаку овие извештаи се наоѓаат во Archivio Storico del

Ministero degli affari Esteri,          во Рим. Ние ги користевме преку микрофилмови кои што се наоѓаат во Архивот на Македонија-Скопје.

Податоци за трговските односи на Македонија со Италија од 1890 до 1893 година наоѓаме во извештајот на Кармело Мелиа професор на кралското италијанско трговско училиште во Солун. Овој извештај бил објавен во книгата за месец август 1894 година на Bolletino del Ministero degli Affari Esteri (Билтен на италијанското министерство за надворешни работи) каде што била објавена статијата "Il commercio e le industrie della Macedonia" Трговијата и индустријата на Македонија".27)

Освен извештаите кои биле од италијанско потекло, се служевме исто така со извештаи од француско потекло кои биле објавени и преведени кај нас а и оние кои ги користевме преку микрофилм во Архивот на Македонија во Скопје.

Како извор за трговската размена меѓу Македонија и Италија во 1881 година, покрај користениот материјал од италијанско потекло, ни служи извештајот на M. Krajewski каде покрај податоците кои што се однесуваат за трговската размена меѓу Македонија и Франција наоѓаме податоци кои што се однесуваат и за нашата тема. Инаку овој извештај бил од 30 август 1882 година. Овој а и оние извештаи за кои подоцна ќе се осврниме биле испраќани од француските претставници во Македонија на своите претпоставени во Париз.

Податоци за нашата тема исто така користевме и од Трговскиот извештај на дипломатските и конзуларните агенти на Франција, издаден од Министерството за надворешни работи и Министерството на трговијата, индустријата, поштите и телеграфите објавен во 1895 година и носи број 303, Турција каде што се зборува за движе-

њето на трговијата и на пловидбата во Солунското пристаниште во текот на 1894 година. Инаку овој извештај бил објавен како анекс на Официјалниот трговски весник од 31 октомври 1895 година.

Податоци за трговската размена на Македонија со Италија [32] 1895 година наоѓаме во извештајот на францускиот конзул во Солун Veillet-Dufreche со дата од 8 јули 1896 година кој носи број 12 а се однесувал на "Движењето на трговијата и пловидбата во Солунското пристаниште во 1895 година".

Покрај извештаите што ги користевме преку микрофилмови во Архивот на Македонија во Скопје, ние се користевме и со преведени извештаи кои што биле испраќани од француските и италијанските конзули во Солун и Кавала до своите претпоставени во Париз и Рим.[28)]

Во извештаите на француските претставници од Солун наоѓаме покрај податоците за трговската размена на Македонија со Франција, исто така и податоци кои што се однесуваат за трговската размена меѓу Македонија и Италија во означените години кои што многу ни помагаат за комплетирањето на претставата за македонско-италијанските трговски врски.

Извештаите ни презентираат податоци, за трговските операции што ги водела Италија со Македонија во вносната и извозната трговија, потоа италијанската пловидба во Солунското пристаниште и др.

Слични податоци наоѓаме и во извештаите на италијанските претставници во Солун и Кавала.

Освен посочениот изворен материјал при разработката на поглавјето за македонско-италијанските трговски односи се користевме и со литература за односното прашање.

Во студијата на [redacted] Данчо Зографски "Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење" објавена во 1967 година во Скопје, во шестиот дел "Надворешната трговија и навлегувањето на капиталистичките елементи во Македонија" се их даваат податоци за надворешната трговија на Македонија со различни земји до крајот на турското ропство во што се наоѓаат и податоци за трговската размена на Македонија и Италија за периодот што е предмет на разгледување во нашата тема.

Во трудот на F. Bianconi, "Cartes Commerciales Turquie D'Europe, Province de Macédoine" објавен во Париз во 1888 година се даваат податоци за трговската размена на Франција со Македонија во 1886 година. Но покрај тоа можат да се најдат податоци и за трговската размена на Македонија со Италија во односниот период а во врска со разни споредувања за трговскиот промет и за некои порани годишта.

Треба да истакнеме дека скоро воопшто не располагаме со податоци за трговската размена на Македонија со Италија во периодот од 1895 година па се до 1903 година со мал исклучок за 1901 година наоѓаме сосема малку податоци и тоа објавени во весникот "Реформи" 32 Софија, 21.IX.1902, год.IV, стр.2-3, под наслов "Неколку податоци за економската моќ на Македонија". Инаку овие податоци биле земени од извештајот на бугарскиот трговски агент во Солун за износната и вносната трговија на Солунското пристаниште во текот на 1901 година. Овој извештај бил печатен во органот на пловдиската трговско-индустриска комора.

Од сето досега кажаното што се однесува на користениот материјал за изработката на поглавјето за македонско-италијанските економски односи во периодот од 1870 [redacted] до 1903 година можеме

да кажеме дека не располагаме со доволно материјал за целиот овој период кој ќе ни овозможи што попрегледно да ја изнесеме материјата. Но понатамошните истражувања можеби ќе ни овозможат да го комплетираме гореспоменатиот материјал за македонско-италијанските економски односи во наведениов период.

## 2. Трговската политика на Италија спрема Турција со посебен аспект на Македонија

Пред да преминеме на директното изложување на материјата што се однесува на македонско-италијанските економски односи во периодот од Обединувањето на Италија во 1870 година до Илинденското востание во 1903 година мораме да се осврниме на тоа каква била општо во дадениов период трговската политика на Италија спрема Турција бидејќи Македонија која што била под власта на Турција морала да биде влијаена од таквата политика.

Како и што погоре изнесовме развитокот на трговските врски помеѓу Македонија и Италија по обединувањето на последната во 1870 година до Илинденското востание во 1903 година зависел од низа суштествени услови, кои биле стриктно поврзани со овие врски. Развитокот на трговските врски пред се зависел од општите услови на трговските врски помеѓу Италија и Турција, кои вондредно влијаеле врз македонско-италијанските трговски врски.

Пред сѐ по Ослободувањето и Обединувањето на Италија, последната се повеќе тежнеела на овој дел на Балканот да ги зголеми своите позиции и интереси и да ја зголеми трговската размена. Во низа македонски центри почнале да се отвараат италијански конзулати и вице-конзулати. Италијанските дипломати во Македонија одиграле голема улога во правилното ориентирање за вистинската положба во Македонија. Во ова време се зголемува вносот и извозот со Италија. Италиј

започнала да внесува воглавно индустриска стока, а да извезува про-изводи на индустриските култури. Започнува периодот на италијанска-та индустриска експанзија во Турција.

Историјата на италијанската индустриска експанзи-ја во Турција под чија власт се наоѓала и Македонија во крајот на XIX и почетокот на XX век била историја на немногу успеси и многу порази. Овие последните биле предизвикани како жестока конкуренција на порано утврдените овдека посилни држави, така - и тоа главното - слабоста и оскудноста на италијанската експанзија, нејзината неор-ганичност за Италија. Да тоа била земја, во која потребата за извоз на капиталот уште не била назреана, а самиот извоз во значителна мерка се форсирал од владата.

Италијанската влада помагала на тоа, да би се по-голем дел од експортот се упатувал во земјите на Источното Средизе-мноморие. Таа истапувала како иницијатор за создавање од италијанс-ките парабродарски компании навигациони линии во тој регион и ги супсидирала нивните патувања на тие линии. По препорака на владата и со нејзина финансиска помош во различните пунктови на Османската империја биле создавани италијански трговски агенства. Но вниманието на италијанските експортери и без владините "напаствија" се обр-нувале кон земјите расположени во непосредно соседство со Италија, по изразот на францускиот публицист Р.Пинон.[29] Покрај територијална-та блискост италијанските купувачи и стопанственици ги привлекува-ла во Османската империја беззаштитноста на полуколонијалната зем-ја, сврзана со режимот на капитуалации и немајќи возможност да ја заштити својата тогаш појавена индустрија од увозот на странските стоки.

Изложениот осврт на стопанските прилики на Итали-

ја и Турција во текот на последните три децении на XIX и почетокот на XX век сведочи дека постоеле поволни услови да се развијат помеѓу нив раширени заемни трговски врски. Овие трговски врски во својата суштина зависеле од ред елементи што го условил нивниот пораширен развиток. Во прв ред тука спаѓала трговската политика, оној регулатор на надворешната трговија на секоја земја, на нејзините врски со останатите држави. Бидејќи Македонија се наоѓала во составот на Отоманската империја таа се вклопувала и била зависна од општата политика на Империјата. На тој начин Македонија влегувала во трговско-политичките односи на Турција со Италија.

По Кримската војна западноевропските капиталистички држави, за да ги зачуваат и да ги утврдат своите привилегии во Турција и пред се својата доминантна положба во турското стопанство заклучиле со неа поволни трговски договори. Во текот на 1861-1862 година неколку капиталистички држави успеале да извлечат од Високата Порта, преку заклучените трговски договори, поволни концесии за слободна трговија и пловидба. Со овие договори им се признало на странските држави правото слободно да внесуваат и извезуваат стока од Турција. Со тие договори вносните такси биле фиксирани на 8%, а додека извозните од 8% се намалувале секоја година, а на крајот на осмата година опфаќале само 1%. Транзитната царина се намалила на 2%. Со право е забележано дека имено со овие договори се определувала трговската политика на Турција.[30)]

Настојувања за заклучување на поволен трговски договор со Турција пројавувала и Италија. Овие настојувања вродиле со успех во 1861 година. На 10 јули истата година во Цариград бил склучен трговски договор помеѓу Турција и Италија. Се предвидувала негова ратификација во рок од два месеци а стапување во сила од

1 октомври 1861 година. Договорот содржи 23 члена.[31] Содржината на договорот била базирана врз основа на договорот за трговија и пловидба помеѓу Сардинија и Високата Порта склучен во Цариград на 2 септември 1839 година ратифициран во 1840.[32]

Во овој договор е нагласено дека тој претставува една неопходна мерка за поволната трговија и пловидба помеѓу обете држави. Дадените од порано права и привилегии со клаузулите, договорите и капитулациите склучени помеѓу Турција и државите кои во тој момент влегувале во составот на Италијанското кралство биле потврдени.

Со овој договор било подвлечено правото на италијанските поданици слободно да внесуваат и да извезуваат стока за Турција. Потем, детално е прецизирано прашањето за италијанските трговци, кои можеле слободно да купуваат турска стока и да ја препродаваат во внатрешноста на Империјата со плаќање на односна такса За внесената италијанска стока се плаќала единствена царина од 8% од нејзината вредност. Извозната царина изнесувала 8% но таа се намалувала секоја година, така што на осмата година изнесувала 1%. Внесната стока можела да се внесува во сите делови на Отоманската империја без исклучок. Се предвидела можноста стоката да може да се реекспортира за време од шест месеци и тоа за транзит.

Во овој договор исто така е подвлечен односот на Високата Порта спрема транзитната трговија. Исто се подвлекла намерата на Портата да фаворизира таква трговија и дава за нејзиниот поволен развиток потребни концесии. Транзитната такса од 3% се редуцирала на 2%. Се предвидела можноста италијанските трговци да ги уживаат истите права како и останатите странски трговци. Во овој договор е воведена и одредбата за оспорување правото на италијанските

трговци слободно да можат тутунот и солта да ги внесуваат во Империјата. Се предвиделе и одредби во врска со упловувањето и исповувањето на италијанските кораби во отоманските пристаништа. Исто така за преминот низ ~~да~~ Дарданелите и Босфорот се предвиделе што помало возможно задоцнување. При своето доаѓање во пристаништата на Отоманската империја капетаните на корабите биле должни да депозираат во Царината едно копие од своите документи. На крајот се прецизирале и завршните одредби на договорот. Заклучениот договор имал важност 28 години од денот на размената на ратификациите. Се предвиделе и модификации што во тек на време би се појавиле, но тие да се извршат во рок на 14 и на 21 година. Посебно се предвиделе да се оформи една комисија од Високите страни договорнички за установување тарифа за царинските такси на стоките внесени од Италија и извезени од Турција. Важноста на тарифата се установило да биде во сила седум години од датата на потпишувањето. Секоја страна договорничка имала право да побара ревизија на тарифата. Меѓутоа, тарифата и натаму сукцесивно во рок од седум години продолжувала да е во сила.[33]

По истекот на 21 година од заклучувањето на трговскиот договор, во 1883 година одново се разгледувале прашањата што биле поврзани со договорите, а исто така и со царинската тарифа. Во наведената година Турција настојувала за ревизија на сите договори. Се инсистирало на диференцијалната тарифа во зависност од стоката, како и зголемувањето на вносната царина од 8% на една граница од 3-20%.[33a]

Во 1890 година кога истекнувал 28 годишниот договор меѓу Турција и Италија а и останатите земји турската влада настојувала кај големите сили за обновување на трговските договори.

За развитокот на трговските врски меѓу Италија и Турција односно Македонија големо влијание играле и начинот на водењето на трговската размена.

Во трговската размена помеѓу Италија и Турција односно Македонија, особена улога имале турските вносноизвозни фирми, комисиони и шпедиции. Сета оваа размена зависела од заклучените трговски договори. Лиферувањето на стоката, како и плаќањето исто така се вршеле според заклучените договори. Покрај домашните фирми, особено во Цариград, Солун и Смирна, имало и странски кои се повеќе имале монополна положба во трговијата, како вносна, така извозна. Воопшто, трговските зделки се одвивале преку нив или преку домашните фирми. Попознати вносно-извозни фирми во Солун биле: Браќата Алатини, Модијано, Саперта и други. Некои покрупни трговски фирми биле раководени и од Македонци.[34)]

Обично,врските на овие фирми со странските, се усогласувале преку комисионери. Нивните односи биле регулирани со постојниот трговски закон. Во него нивните права и задолжувања подробно се изложени. Стоката од странство се порачувала од комисионерите и при пристигнување се распределувала на месните фирми или се испраќала за внатрешноста. Иста улога имале и комисионерите со сурови стоки што ги прибирале од внатрешноста и ги испраќале преку пристаништата за определената земја. Нивната улога била особено значајна во трговијата на Турција, особено во надворешната трговија. Тие работеле за изнаоѓање на пазари, за покупна продажба и друго. Сиот успех на зделките зависел од комисионерите. Имало комисионери од разни народности. Така попознати комисионери во Солун биле: Д.Д.Амбонети, Е.Бајона, Д.Ферандез и Сциаки, Модиано и Ко и други. Меѓу бројните комисионери имало и 24 Македонци, кои имале широки врски со внатреш

шноста. Дејноста на овие комисионери била особено раширена, тие имале филијали и во поважните центри. Во Македонија тие имале ж филијали во Битола, Скопје, Прилеп, Штип, Велес и други. За своите услуги тие добивале провизија од купувачот и од продавачот.[35)]

Различни мерки се предвидувале и за транспортот. Обично транспортирањето се вршело преку шпедициите и шпедитерските фирми. Овие шпедиции развиле особена дејност во транспортирање на стоката. Транспортирање по поморски пат се вршело од парапловните линии. Овдека се предвидувале и мерки околу пакувањето, кое зависело од тежината и размерот на товарот. Се инсистирале за правилно обезбедување на пакувањето, заради тоа што утоварот и истоварот на стоката се изведувал со човечка рака.[36)]

На овој начин се изведувала и италијанската трговска размена со Турција.

Сите овие споменати фактори соделствувале и биле главни движечки услови, преку кои се одвивала целокупната италијанско-турска трговска размена.

Италија извезувала во Турција најразновидни стоки -во основа изработки на лесната и прехрамбената индустрија. Во Турција оделе италијански конзерви, кибрити, хартија, долна облека, волнени и свилени ткаенини. Главна ставка на италијанскиот експорт во Турција, сепак, неизменето останувале памучните ткаенини и преѓа Ова се објаснувало со тоа, што протекционистичката тарифа, дејствувајќи во Италија од 1887 година, била мошне поволна за италијанската памучна индустрија.[37)]

Како резултат на ова во италијанската текстилна индустрија изникнал своеобразен "бум", и текстилните фабрики се граделе на полуостровот во почетокот на XX век, во количество кое све-

сно ги надминувало потребите на внатрешниот пазар. Одвај изникнале, тие биле принудени да бараат пазари за продажба.[38)]

Интересно е да се спомени мислењето на К.Е.Кирова во врска со квалитетот на италијанските текстилни стоки која што вели: Кај Италијанците слични традиции и немало (како кај Англичаните-забелешка наша); и тие ги "биеле рекордите" со лоши работи. Ткаенините, извезувани од нив во Турција , или биле специјално изработувани за Истокот многу ниски видови, или просто едноставно шкарт на текстилната индустрија. Нивната евтинија исто така по местните услови била "совршено исклучителна".[39)]

По податоците на Панафидин, францускиот експорт во Турција пораснал од 1900 до 1905 година на 3,2%, англискиот-на 13,7%, германскиот на 70% и италијанскиот на 80,6%. Турскиот експорт во Италија пораснал за тие години на 69,9%, во Германија на 37,6%, во Австро-Унгарија-на 18,7%, во Русија-на 10%, во Англија на 3,8% и во Франција се намалил на 1,5%.[40)]

Спрема некои успехот на Италија се должел на нискиот квалитет на ткаенините а и на блискоста на италијанските градови-производители кон морето, блискоста на Италија кон Турција, што ја намалувало вредноста на превозот на стоките итн.[41)]

Во склопот на таквите интензивни трговски врски меѓу Турција и Италија се одвивала и размената меѓу Македонија и Италија која се повеќе се засилувала по Обединувањето на Италија во 1870 година кога продолжил континуитетот во трговската размена меѓу овие две земји што постоел во претходниот период пред конечното обединување на Италија во единствена држава.

Во ова наше излагање не сме во можност да дадеме податоци за сите години за трговската размена меѓу Македонија и

Италија поради тоа што со такви не располагаме.

Во продолжението на нашето излагање ќе стане збор за движењето на трговската размена меѓу Македонија и Италија во периодот од 1870 година т.е. од Обединувањето на Италија па се до Илинденското востание во 1903 година. Излагањето ќе се состои од две целини и тоа: 1. Вносната трговија во која што ќе биде опфатен увозот од Италија во Македонија и 2. Извозна трговија во која што ќе биде опфатен извозот од Македонија во Италија.

Меѓутоа имајќи го предвид фактот дека за периодот од 1870 година па до 1878 година според извештаите што ги користевме за овој период нема податоци за структурата на артиклите што учествувале во меѓусебната трговска размена на Македонија со Италија сметаме за поцелисходно да не се придржуваме за погоре наведената распределба посебно за вносната и посебно за износната трговија за целиот период од 1870 година до 1903 година. Ова го правиме од две соображенија. Бидејќи за периодот од 1870 година до 1878 година располагаме само со податоци за вредноста на меѓусебните трговски операции меѓу Македонија и Италија а и за пловидбата на италијанските бродови кои биле ангажирани во прометот меѓу Солунското пристаниште и италијанските пристаништа. Тоа е првата причина. А од друга страна сметаме дека ваквата распределба ќе ни овозможи поцелосен увид во движењето на трговската размена на Македонија со Италија кое како за увозот од Италија во Македонија исто така се однесува и за извозот од Македонија за Италија бидејќи се забележува, во податоците со кои што располагаме дека во дадениот период 1870-1878 година, многу поголем обем на трговска размена меѓу Македонија и Италија отколку после тој период.

### 3. Трговската размена на Македонија со Италија во периодот од 1870 до 1878 година

Предусловите кои што постоеле за развитокот на трговската размена меѓу Италија и Турција овозможиле и трговската размена меѓу Македонија и Италија да зазема еден поширок обем. Меѓутоа треба да се истакне дека покрај трговските односи меѓу Италија и Турција врз меѓусебната македонско-италијанска трговска размена голема улога одиграле и други фактори меѓу кои секако и било и значењето на Солун односно неговиот постојан растеж во втората половина на XIX век па и понатаму имајќи го во предвид фактот дека најголемиот дел на размената на Македонија со другите земји а во нашиот случај со Италија се вршела токму преку Солун.

Поврзувањето на Солун со хинтерландот предизвикал негов изразит стопански подем. При крајот на 80-те години на XIX век, според Бианкони градот имал 105,000 жители.[42)]

Меѓутоа, оваа цифра веројатно дека била погрешно наведена, за што сведочело едно соопштение што го објавил весникот "Turquie" од 4 мај 1889 година кое го наведувал Дорн, според кое Солун имал 195,000 жители.[43)]

А. Кармело Мелиа наведувал дека во 1892 година Солун имал 150,000 жители.[44)]

Трговскиот подем на Солун започнал поизразито да се истакнува по 80-те години од XIX век. За овој развиток влијаеле три фактори-1. Отворањето на Суецкиот Канал со кое светското значење на Солун пораснало. 2. Поврзување со железнички линии на поважните центри во внатрешноста на Македонија. 3. Се одбележила тенденцијата за децентрализација на надворешната трговија на Турција во која изразита улога имал и Солун. Покрај Цариград, Солун бил главен

центар за цела Европска Турција. Тој опфаќал се хинтерландот една површина од 85,750 км$^{2}$.[45)]

Од хинтерландот биле внесувани во Солун земјоделски производи, и производи од индустриските култури, кои во поголем дел служеле за извоз. Скоро сета трговија на хинтерландот се одвивала преку Солун. Кога ќе се земеле предвид сите овие околности со право Дорн на едно место наведувал дека "Солун е важно трговско место на Македонците ..."[46)]

Мал дел од трговската размена меѓу Македонија и Италија се вршела и преку пристаништето во Кавала а и преку некои други помали пристаништа.

Имајќи го во предвид погоре споменатото дека за периодот од 1870-1878 година не располагаме со податоци за структурата на производите кои ја сочинувале надворешно-трговската размена меѓу Македонија и Италија подолу даваме податоци само за нејзината вредност изразена во француски франкови.

### а. Учеството на Италија во увозно-извозните операции на Солунското пристаниште во периодот од 1870 до 1878 година

Развиената надворешно-трговска размена што постоела меѓу Македонија и Италија во периодот пред обединувањето на последнава во 1870 година продолжила со несмален интензитет и во периодот 1870-1878 година со незначителни осцилации. Меѓутоа Италија морала да се бори со многу посилни конкуренти на трговски план а тоа биле Франција и Англија кои уште од поодамна имале монопол во трговската размена со Македонија. Сепак Италија, користејќи го присуството на една силна италијанска колонија во Солун каде се вбројувале дваесетина трговски куќи од прв ред меѓу кои најистакнати биле

трговските куќи:"Браќата Алатини", "С.Фернандес и син", "Саул Модиано"и "Исак Јосуа Модиано", потоа релативната близина на Солун спрема италијанските пристаништа, и за разлика од останатите земји, со што се намалувале трошоците при транспортот на одделни стоки, успела да си избори значајно место во надворешно-трговската размена на Македонија. За ова впрочем ни сведочи и поделу наведената табела каде што се даваат податоци за вредноста на увозно-извозните операции што ги вршела Италија преку Солунското пристаниште во периодот од 1870 до 1878 година.

| Година | Увоз во франкови | Извоз во франкови | Вкупна вредност франкови |
|---|---|---|---|
| 1870 | 25,000 | - | - |
| 1871 | 236,795 | 1,657,171 | 1,893,966 |
| 1872 | 343,114 | 3,540, 925 | 3,884,039 |
| 1873 | 1,006,777 | 4,311,092 | 5,317,869 |
| 1874 | 1,426,409 | 4,801,710 | 6,228,119 |
| 1875 | 2,295,885 | 4,666,392 | 6,962,277 |
| 1876 | 409, 860 | 10,499,662 | 10.909,522[47)] |
| 1877 | 2,142,218 | 12,387,469 | 14,529,687[48)] |
| 1878 | 832,300 | 11,068,792 | 11,901,092[49)] |

Од горенаведената табела може да се констатира дека учеството на Италија во општото трговско движење на Солунското пристаниште започнувајќи од 1870 година забележува константен пораст а падот веќе го забележуваме во 1878 година кој ќе продолжи и во идните години.

Како второ што може да се забележи од горенаведената табела е дека учеството на Италија во извозот на стоки од Солунското пристаниште било многу поголемо отколку увозот.

Тоа значи дека Италија увезувала од Македонија преку Солунското пристаниште многу повеќе стоки отколку што извезувала во Македонија свои прозводи.

Како исклучок на горенаведената констатација за немањето податоци за структурата на меѓусебната трговска размена меѓу Македонија и Италија е само за 1872 година бидејќи во студијата на д-р Данчо Зографски "Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење" забележуваме дека памукот, кој што заземал значајна ставка во извозот на Македонија во сите земји, во истата 1872 година бил изнесен од страна на Италија, Франција и Австрија во вредност од 7,770,000 франкови, што кога ќе се земе предвид дека вкупната вредност на вносот и износот преку Солун истата година ја достигнала сумата од 55,069,000 франкови, имал вид на улога во прометот на Солунското пристаниште.

Во истата 1872 година Франција и Италија изнеле разни сорти на жито во вредност од 2,244,000 франкови.50)

Еден од најзначајните производи на земјоделието во Македонија тутунот заземал мала ставка во извозот за Италија во ж овој период. Еве кои биле причините за тоа според италијанскиот вицеконзул Е. Chiecco од италијанскиот конзулат во Солун. "Извозот на тутунот во Италија е доста мал бидејќи нашата трговија, заинтересирана за тутунот, не мислеше да врши крупни набавки во овие места, додека јас пак мислам дека би можела ж да си обезбеди позиција еднаква со она што си ја има австриската трговија. Бидејќи шпекулацијата со тутунот е препуштена на приватниците, тие кога немаат побарувања од други страни го испраќаат во ѓеновската царинарница како место на депонирање, изјавувајќи дека стоката е за транзит т.е. за Швајцарија или Германија или пак за други земји, но ретко останува дел за консумација во Италија."51)

За да може да ја врши трговската размена меѓу Македонија и Италија последнава ангажирала свои бродови во прометот меѓу Солунското пристаниште и италијанските пристаништа, но треба да се истакне дека покрај италијанските бродови тој промет го извршувале и бродовите на други земји.

Во 1871 година било основано италијанското параброжарско друштво "Trinacria " ( потем преименувано во "Florio Rubattino" и подоцна во "Navigazione Generale Italiana"), кое секои 15 дена сообраќаше на линијата Ѓенова-Палермо-Месина-Катанија-Канеа-Пиреј-Солун-Дарданели-Цариград-Одеса.[52)]

Подолу ја даваме табелата за:

Движењето во пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште пристигања и заминувања заедно за периодот од 1872 до 1878 година

| ГОДИНА | БРОЈ НА БРОДОВИ | ВКУПНА ЗАПРЕМИНА ВО ТОНИ |
|---|---|---|
| 1872 | 44 | 6,309[53)] |
| 1873 | - | - |
| 1874 | 168 | 113,157[54)] |
| 1875 | - | - |
| 1876 | 208 | 138,422[55)] |
| 1877 | 293 | 162,846[56)] |
| 1878 | 193 | 127,425[57)] |

Од погоре изнесеното забележуваме дека пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште забележувала константен растеж како и по вкупниот број на бродови така и по нивната запремина. Бавниот растеж на учеството на италијанските бродови во пловидбата на Солунското пристаниште предизвикувало значите-

лен интерес кај претставниците на останатите земји во Солун. Интересно е мислењето на францускиот конзул во Солун P.Moulin кој во својот извештај од 7 јуни 1875 година во кој што дава податоци за трговијата и за пловидбата во Солунското пристаниште во текот на 1874 година, за тоа откаде дошла супериорноста на Италија во пловидбата со Солун кога вели дека таа супериорност доаѓала најповеќе од големиот развиток која го имала земено парично помаганата Италијанска компанија "Trinacria" која не пропуштала некој напор или некое жртвување за да бидат Французите во Солун истиснати.[58)]

Покрај учеството на италијанските бродови треба да се истакне и учеството на италијанските бродови-едрилици кои учествувале во трговијата на Солун. Ние располагаме само со податоци за 1877 година кога пристигнале 95 италијански бродови-едрилици кои пренесле 29,009 тони. Во истото време заминале 91 италијански бродови едрилици кои пренесле 24,669 тони.[59)]

На крајот на нашето излагање за пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште би дале една:

Табела за средната тонажа на италијанските бродови кои што пристигале и заминувале од Солунското пристаниште од 1875 до 1878 година.

| ГОДИНА | СРЕДНА ТОНАЖА НА БРОДОВИТЕ |
|---|---|
| 1875 | 737[60)] |
| 1876 | 665 |
| 1877 | 555[61)] |
| 1878 | 660[62)] |

Како резиме на досега кажаното може да се заклучи дека македонско-италијанската трговска размена во периодот од 1870

до 1878 година непрестано се развивало со исклучок на последната година. Но ние не сме во можност тоа да го претставиме преку одделни производи кое ќе ни дадеше поцелосна претстава за оваа размена.

Во продолжението ќе се осврниме на трговската размена на Македонија со Италија во периодот од 1878 до 1903 година со забелешка дека со податоци за ова располагаме речиси исклучиво до 1895 година.

4. Увозот од Италија во Македонија во периодот од 1878 до 1903 година

Континуитетот на трговската размена меѓу Италија и Македонија продолжил и во периодот после 1878 година иако вредноста на трговските операции меѓу овие две земји покажувала значително опаѓање. Причините за ова биле многубројни а една од нив секако како најзначајна била несредената политичка ситуација што настанала како резултат на војната на Турција со Русија. Ова а и некои други причини придонеле да се смали трговското движење на солунското подрачје (пристаништата на Солун, Кавала, Порто Лагос и Волос) како во однос на трговската размена со Италија а исто така и со другите земји.

а. Учество на Италија во увозно-извозните операции на Солунското пристаниште во периодот од 1879 до 1903 година.

За подобро согледување на соодносот на увозот и извозот на Италија со Македонија во почетокот настојуваме да ја прикажеме вредноста на трговските операции на овие две земји во двата правци. Меѓутоа една споредба со вредноста на увозно-извозните операции кои што ги водела Италија со Македонија во периодот 1870-1878 година покажува значително намалување во наредниот период од

1879 година и понатаму. Причините за тоа ги наведовме погоре. За периодот од 1895 до 1903 година не сме во можност поради немање на одредени податоци да ја прикажеме вредноста на увозно-извозните операции меѓу Италија и Македонија.

Според податоците со кои што располагаме во овој момент подолу даваме табела од која што може да се види учеството на Италија во увозно-извозните операции на Солунското пристаниште во периодот од 1879 до 1895 година:

| Година | Увоз во франкови | Извоз во франкови | Вкупна вредност во франкови |
|---|---|---|---|
| 1879 | 1,636,000 | 2,052,825 | 3,688,821 63) |
| 1880 | 1,023,345 | 1,624,005 | 2,647,350 64) |
| 1881 | 2,215,406 | 2,536,864 | 4,752,270 65) |
| 1882 | - | - | - |
| 1883 | 3,110,050 | 2,363,900 | 5,473,950 66) |
| 1884 | 1,852,426 | 9,803,659 | 11,656,085 67) |
| 1885 | 3,625,240 | 3,225,601, | 6,850,841 68) |
| 1886 | 1,598,000 | - | - 69) |
| 1887 | 1,371,000 | - | - 70) |
| 1888 | 1,070,200 | - | - 71) |
| 1889 | - | - | - |
| 1890 | 2,063,135 | 10,550,000 | 12,613,135 72) |
| 1891 | - | - | - |
| 1892 | - | - | - |
| 1893 | - | - | - |
| 1894 | 1,200,000 | - | - 73) |
| 1895 | 1,480,000 | - | - 74) |

Од горенаведената табела можеме да заклучиме дека

иако располагаме со приличен број на извештаи, било од италијанско било од француско потекло, за трговската размена меѓу Македонија и Италија, не можеме да утврдиме за секоја година колкава била вредноста на увозно-извозните операции на Италија со Солунското пристаниште, за да можиме да оформиме целосна слика за тоа како се одвивала трговската размена меѓу Македонија и Италија во дадениот период.

И покрај тоа што не располагаме со податоци за сите годишта колкава била вредноста на трговската размена меѓу Италија и Македонија, може да се заклучи дека Италија имала поголемо учество во извозот од Македонија преку Солунското пристаниште отколку што таа извезувала свои стоки преку истото пристаниште во Македонија. Кога ќе се побараат причините за таквата положба во меѓусебната трговска размена на Македонија со Италија една од нив е и тоа што поразвиените капиталистички земји во Европа во тоа време имале поголема можност да ги пласираат своите стоки на пазарите во Македонија односно во целата Отоманска империја заради тоа што и побргу ги имале освоено пазариштата во Македонија а и во Отоманската империја. Италија во Македонија воглавно внесувала индустриски стоки.

Потребите на тогаш започнатата поинтензивно да се развива италијанска индустрија, биле големи од суровини и заради тоа Италија почнала да се јавува како голем увозник особено на производите на индустриските култури од Македонија. Немањето на податоци за сите години не ни овозможува поцелосно да ја согледаме структурата на македонско-италијанската трговска размена особено не располагаме со податоци за периодот од 1895 година па се до Илинденското востание во 1903 година. Исто така треба да се истакни

дека податоците воглавно се однесуваат за размената која што се вршела преку Солунското пристаниште а пак за размената која се вршела преку другите пристаништа како Кавала и други пристаништа сосема малку располагаме со податоци.

Прегледот на меѓусебната трговска размена на Македонија со Италија ќе го претставиме прво преку увозот од Италија во Македонија преку Солунското пристаниште а потоа и за извозот од Македонија преку истото пристаниште во Италија.

Треба да се истакне дека и за оние години за кои имаме податоци за трговската размена меѓу Македонија и Италија не сме во можност тоа поделно да го истакнеме затоа што се среќаваме со податоци кои се даваат заедно за повеќе земји веројатно заради тоа што и тогаш се немало податоци за секоја земја посебно.

### б. Структурата на увозот од Италија во Македонија преку Солунското пристаниште

Обемот на надворешната трговија на Македонија со Италија во овој период постојано осцилираше но сепак со тенденција, кон зголемување кое имаше значење за стопанскиот живот на Македонија во дадениов период. Улогата на Солун во надворешната трговија на Македонија со Италија растеше се повеќе доколку Солун подобро се поврзуваше со италијанските пристаништа. Сите делови на Македонија се снабдуваа со италијанска стока главно преку Солун. Што се однесува до местото на Италија во надворешната трговија на Македонија чии цифрени показатели ги покажавме погоре може да се каже дека зависеше од конкурентската способност на италијанската индустрија и од потребите што таа ги чувствувала од суровини какви што можеа да се изнесуваат од Македонија.

Подолу изнесуваме какви се производи биле внесува-

ни од Италија во Македонија.

Различни ткаенини: Во овие спаѓале разни свилени и памучни ткаенини, сатин, кадифе, луксузни штофови, пантлики, алишта, басма, лесни ткаенини, свечени сукни, кашмир, платно, драперии, волнени ткаенини и др.

Во текот на 1883 година биле внесени облеки во вредност од 5,500 фр.[75] Спрема податоците на Кармело Мелиа во текот на 1890 година биле внесени облеки од Италија 48 метрички квинтали, 1891-37, 1892-7 и 1893-55 метрички квинтали.[76]

Свила во 1883 година била внесена за 12,300 франци а во текот на 1884 година за 288 франци.[77] Свилена преѓа била внесена во 1892 година 18 метрички квинтали.[78]

Волнени стоки во 1884 година биле внесени за 8,388 франци.

Во временскиот период од 1890 до 1894 година од Италија во Македонија биле внесени следните количини на разни мануфактурни производи изразени во метрички квинтали:

| | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Памучна преѓа .... | 415 | 450 | 709 | 630 |
| Трикотажа ........ | 32 | 54 | 183 | 100 |
| Свилени стоки .... | 11 | 6 | 13 | 15 |
| Различни ткаенини. | 15 | 21 | 37 | 263 |
| Преѓа од коноп и лен | - | - | 10 | 10[79] |

Во текот на 1883 година биле внесени мануфактурни изработки во вредност од 80,300 франци а во 1884 година во вредност од 5,560 франци.

И најпосле во текот на 1886 година биле внесени и тоа: платно за 105,000 франци и платови за 65,000 франци.[80]

Од производите на текстилната индустрија кои што биле внесувани од Италија во Македонија спаѓале и конците.

Биле внесувани различни видови на конци. Но ние во извештаите не располагаме со подетални податоци колкав бил посебно уделот на Италија во внесот на овој артикал. Имаме одредени податоци само за 1883 година кога бил внесен памучен конец во вредност од 184,500 франци и во 1884 година конци во вредност од 79,404 фр.[81)]

Исто така се внесувале платно за вреќи и ткаенини од јута. Не располагаме со конкретни податоци за внесот на горенаведените артикли со исклучок на тоа дека во 1892 година била внесена јута во количина од 39 метрички квинтали.[82)]

Еден од значајните артикли кои се внесувале биле и празните вреќи. Вреќите биле внесувани покрај од Италија и од Англија, Холандија и Франција во бали, една бала содржела по 500 вреќи. Внесеното количество варирало според потребите кои зависеле од реколтата. Кога годината била добра пристигале во Солун повеќе од 1,500,000 вреќи, подеднакво нови и стари.

Според извештајот на горе веќе споменатиот Кармело Мелиа во текот на 1890 година биле внесени 1,295 метрички квинтали празни вреки во 1891-135 и во 1892 година 39 метрички квинтали.[83)]

Еве ги димензиите, тежината и цените на вреќите кои потекнувале од Англија и Италија:

| Димензии на вреќите Метри | Тежина Килог. | Цени Франкови |
|---|---|---|
| 1,20x1,80 | 1,75 | 1,75 |
| 1,20x1,80 | 3," | 2,30 |
| 1,20x1,80 | 3,50 | 2,55 |
| 0,70x1,20 | 1," | 0,65 |
| 0,60x1,20 | 1," | 0,55 |

| Димензии на врекіте Метри | Тежина Килог. | Цени Франкови |
|---|---|---|
| 0,62×1,20 | 0,90 | 0,65 |
| 0,65×0,95 | 1,10 | 0,80 |
| 0,60×0,87 | 0,90 | 0,60 |
| 0,71×1,13 | 0,62 | 0,52[84] |

Покрај горенаведените артикли се внесувале и јажиња конопзпреѓа од коноп и лен и канап. Така во 1884 година биле внесени јажиња за една вредност од 4,420 франкови и коноп во вредност од 1,237 франкови,[85] додека во текот на 1892 и 1893 година биле внесени за секоја година по 10 метрички квинтали на преѓа од коноп и лен. Исто така биле внесени знатни количества на канап и тоа во текот на 1890 година 50 метрички квинтали во 1891-142, во 1892-228 и 1893-95 метрични квинтали.[86]

Биле внесувани од Италија за задоволување на локалните потреби машки шешири и сламени шешири. Така во 1884 година биле внесени филцани шешири во вредност од 552 франкови и сламени шешири за 3,362 франкови.[87] Внесот на овие артикли продолжил и во наредните години но ние располагаме со податоци само од 1890 до 1893 годин Во овој временски период се внесени следните количества на овие артикли: Во 1890 година биле внесени 20 метрични квинтали на шапки од слама и од филц, во 1891-12, 1892-9, 1893-10 метрички квинтали.[88]

На листата на внесуваните артикли од Италија спаѓале чаршавите за маси и марамите.

Значајна ставка во увозот од Италија за Македонија г сочинувале прехрамбените артикли.

Главните прехрамбени артикли кои што се внесувале од Италија биле оризот и кафето.

Ориз. - Се први податоци за количини на ориз кои што би ле внесени од Италија во Македонија се среќаваме во 1881 година и тоа само за внесот кој бил извршен преку пристаништето во Кавала. Биле внесени 400,000 килограми ориз со вредност од 150,000 франци.[89] Инаку приближната цена на оризот била 150 пијастри за врека од околу 100 килограми. Но оваа цена варирала во зависност од условите на пазарот. Така цената во 1882 година изнесувала 140 пијастри а во 1885-155 пијастри а во 1886-160 пијастри за една врека ориз од 100 килограми што доаѓала од Италија.

Во времето од 1883 до 1886 година вредноста на внесениот ориз од Италија изнесувала: 1883-7,800 франци; 1884 година 24,130 франци[90] и 1886 година 195,000 франци[91]

Од горното може да се забележи дека вредноста на внесениот ориз во 1886 година многу се наголемила во однос на претходните години. Меѓутоа во периодот од 1889-1890 година Италија многу го намалила својот извоз на ориз кој не преминувал од 1,000 или 1,200 вреќи.[92] Оризот од Ѓенова бил од добар квалитет и чинел во Солун 34 фр.50 до 41 фр. за една вреќа од 100 килограми.

Исто така треба да се спомене дека и самата Македонија била голем производител на ориз која произведувала околу 250,000 вреќи ориз.

Внесените количини на ориз од Италија во временскиот период 1890-1893 година изнесувале 1890-102 метрични квинтали 1891-357 метрични квинтали, 1892-495 и 1893 година-750 метрични квинтали[93]

Во текот на 1893 година средната цена на оризот се движела од 26 до 40 фр. за 100 килограми.

Значаен производ кој бил на листата на внесуваните

артикли од Италија било и кафето. Но треба да се истакне дека внесувањето количество на кафе од Италија било всушност транзит од Јужна Америка. Неговата побарувачка кај месното население допринесувала тоа да биде значајна ставка на увозот на Македонија не само од Италија туку и од другите земји. Но не располагаме со доволно податоци за да го илустрираме интензитетот на количините на кафе кои што се внесувале од Италија во Македонија.

Во 1883 година било внесено кафе од Италија за една вредност од 44,100 франци.[94] Цената на внесуваното кафе во 1885 година варирала од 5 3/4 до 7 пијастри во злато по ока.[95]

Во текот на временскиот период од 1890 до 1892 година увозот на кафе од Италија во Македонија се одвивал со следните количини. Во 1890 година-77 метрички квинтали; 1891-15 и 1892 година 24 метрички квинтали.[96]

Што се однесува до цените на кафето тие во овој период се движеле во следните рамки: во 1892 година 2 фр.15 до 2 фр.75 за една ока а во 1894 и 1895 година 2 фр.50 до 3 фр.50 за една ока според квалитетот.

Покрај горенаведените артикли оризот и кафето и останатите прехрамбени артикли земале значајна ставка на италијанскиот извоз во Македонија.Тука влегува голема група на прехрамбени артикли. Но за квантитетот на увозот на овие производи не располагаме со доволни податоци освен за одредени периоди. Така напр. во 1883 година најзначајна вредност достигнал увозот на шекер 1,447,300 франкови;овоштие 65,600 франци; зејтин 559,600 франци а другите производи сочинувале мала вредност како напр. конзерви за 6,850 франкови; маслинки за 1,650 франкови, компири за 2,900 франкови и др.[97]

Во 1884 година италијанскиот извоз во Македонија ги давал следните цифри: маслинов зејтин 970,083 франкови; зејтин 477,483 фр.; овоштие ж 23,520 фр.; солени продукти 1,553 фр.; компири 1,140 фр.; сирење и путер 468 фр.; костени 256 фр.; житарици 239 фр.; и како посебно минерални води за 74 фр.[98)]

Благодарејќи на извештајот на Кармело Мелиа сме во можност скоро да дадеме комплетна слика на увозот на прехрамбени артикли од Италија во Македонија преку Солунското пристаниште во периодот од 1890 до 1893 година. Подолу даваме табела на внесените прехрамбени артикли:

Увоз на прехрамбени артикли од Италија за Македонија во метрички квинтали преку Солунското пристаниште од 1890 до 1893 година

| Артикли | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Минерални води.. | 4 | 12 | 5 | - |
| Јужно овоштие ... | 4,140 | 555 | 2,956 | 3,880 |
| Путер ......... | 11 | 16 | 56 | 40 |
| Костени ....... | 177 | 326 | 330 | 710 |
| Прехрамбени конзерви | 30 | 31 | 36 | 20 |
| Слатки ......... | 3 | 5 | 9 | 45 |
| Брашно ........ | 2,135 | 3,975 | 150 | 500 |
| Сирење ........ | 17 | 21 | 91 | 100 |
| Бадеми ....... | - | - | - | 70 |
| Ореви ....... | - | - | 25 | - |
| Маслинов зејтин .. | 56 | 48 | 276 | 2,900 |
| Тестенини ....... | 21 | 29 | 34 | 55 |
| Компири .......... | 236 | 580 | 1,024 | 1,260 |
| Црн пипер ........ | 44 | - | - | 50 |

| Артикли | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Сувемеснати стоки ... | - | 4 | 13 | 30 |
| Грис ................ | 1,936 | 2,465 | - | - [99] |

Покрај горенаведените производи биле внесувани конзервиран зеленчук и маргарин.

Исто така биле внесувани и различни алкохолни пијалоци. Така во 1883 година бил внесен алкохол за 86,500 фр. и ликери за 7,890 фр. а во 1884. ликери за 6,966 фр.; вина и вермути за 1,292 фр.[100]

Според извештајот на Кармело Мелика увозот на ликери и вина во периодот 1890-1893 година изнесувал: ликери 1890-28; 1891-106; 1892-332 и 1893-245 метрички квинтали и вина 1890-50; 1891-94; 1892-199 и 1893-255 метрички квинтали.[101]

Хартија. - Од фабриките за хартија во Неапол се извезувала хартија за Солун. Структурата на внесуваната хартија од Италија се состоела од сите видови на хартија и тоа хартија за пишување, печатена хартија, хартија за огласи, хартија за пакување и картон. Во текот на 1883 година количината на внесената хартија ја давала вредноста од 42,000 фр.[102] а во 1884 година 27,364 франкови.[103]

Во временскиот период од 1890 до 1893 година биле внесени следните количини на хартија изразени во метрични квинтали: 1890-238; 1891-316; 1892-98 и 1893-360 метрични квинтали хартија.[104]

Фармацеутски производи и дрогерии. - Италија исто така се јавувала како еден од испорачувачите на фармацеутски производи и дрогерии. Цените на нејзините производи се движеле меѓу оние на Германија и оние на Франција.

Вредноста на внесените лекови од Италија во 1883

година изнесувала 13,300 фр. а во 1884. 3,348 фр.[105] Во 1886 година било внесено белило за 9?000 фр.[106] Во текот на 1889 година биле внесени фармацеутски производи и дрогерии во количина од 12,700 килог. а во 1890. 7,500 килог.[107] Во времето од 1890-1893 година биле внесени заедно хемиски и лековити производи следните количини 1890-14; 1891-69; 1892-130 и 1893-90 метрични квинтали.[108]

Важна ставка на италијанскиот извоз во Македонија заземале извозот на сулфурното масло за правење на сапун а и готов сапун. Така во 1882 година потребните сулфурни масла за производство на сапун биле внесени од Италија во вредност од околу 500,000 фр.[109] Наредната 1883 година увозот на сапун изнесувал 9,400 фр. а во 1884. изнесувал само 80 фр.[110] Увозот на сулфурното масло за правење на сапун и готов сапун ја достигнал следната количина во периодот од 1890 до 1893 година: сулфурно масло 1890-6,489; 1891-12,520; 1892-10,682 метрични квинтали; сапун 1890-106; 1891-94; 1892-125 и 1893-130 метрични квинтали.[111]

Вносот на сулфур во 1884 година изнесувал 28,418 фр.[112] а во 1886 година вносот на овој артикал ја достигнал вредноста од 615,000 франкови.[113] Количината на внесениот сулфур во периодот од 1890 до 1893 година ги дава следните цифри изразени во метрични квинтали: 1890-50; 1891-57; 1892-296; и 1893-90.[114]

Бои и лакови. - За вносот на овие артикли располагаме со сосема малку податоци. Во текот на 1884 година вредноста на внесените бои изнесувала 4,040 фр.[115] Според веќе цитираниот извештај на Кармело Мелиа внесените количини на бои и боја за чевли во годините од 1890 до 1893. ги давале следните цифри: бои 1891-69; 1892-92 и 1893-190 метрични квинтали; боја за чевли 1890- 170; 1891-394; 1892-241 и 1893-396 метрични квинтали.[116]

Исто така биле внесени и извесни количини на лакови од Италија во Македонија.

Значително место во листата на увозните артикли кои што биле пласирани од страна на Италија во Македонија заземале стаклото, стакларијата, и порцеланот. Така во 1883 година порцелан бил внесен за 32,200 фр. а стаклари за 12,900 фр.[117)] Овој увоз продолжил и во наредните години но за тоа не располагаме со конкретни податоци. Исто така биле внесувани и извесни количини на полупорцелан.

Биле внесени во текот на 1885 година за 25 франкови италијански земјени садови и саладиери,[118)] а во 1886. вредноста на внесената грнчарија изнесувала 21,000 франкови.[119)]

Во текот на 1889 и 1890 година биле внесени различни производи на лончаријата, грнчаријата и стакларијата. Вредноста на внесениот полупорцелан (фајанс) и порцелан во горенаведените години ја достигнала вредноста од 12,000 франкови.[120)]

Од порано веќе познатиот извештај на Кармело Мелиа можат да се добијат податоци за внесените фини грнчарски изработки од Италија во Македонија и тоа во 1890 година - 175 метрични квинтали; 1891-80; 1892-227 и во 1893-440 метрични квинтали.[121)]

И после овој период продолжил увозот на стакло, стакларија и порцелан но за тоа колкава била вредноста на овие увезени артикли не располагаме со конкретни податоци бидејќи тие што ни се даваат во француските извештаи се групирани за повеќе земји.

Во голема мера се развил и увозот на градежни материјали. Меѓу внесуваните производи спаѓал и мермерот. Така во 1883 и 1884 година бил внесен мермер за 3,500 фр. односно 4,472 фр.[122)]

Подолу даваме преглед за количествата на внесените граде-

жни материјали во периодот од 1890 до 1893 година изразени во метрични квинтали:

| Вид на производ | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Мермер ........ | 689 | 405 | 470 | 500 |
| Мермер во прав. | - | 37 | - | 545 |
| Цемент ........ | - | - | 10 | -[123] |

Покрај горенаведените градежни материјали биле внесувани и следните: Во 1884 година камен од Везув за 24,000 фр.; цигли за 9,800 фр. и граѓа за градење за 165 фр.[124] Во текот на 1889-1890 година биле внесени извесни количини на вар и гипс.

Метали и метални стоки. - Металите и различните метални производи сочинувале значајна ставка на италијанскиот извоз во Македонија. Во 1883 година бил внесен челик за 31,500 фр.; оловна глеѓ за 8,200 фр. и олово за 4,700 фр. а во 1884. ситна метална стока за 7,477 фр.[125] Во 1886 година биле внесени железни каси за 40,000 фр.[126]

Покрај челикот биле внесувани во 1886 и 1888 година железо, бакар, калај, олово,оловни зрна и цинк.

Подолу даваме преглед на внесените количини на металите и металните стоки во периодот од 1890 до 1893 година изразени во метрични квинтали:

| Вид на производ | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Железарија ....... | 26 | 123 | 120 | - |
| Железни кревети .. | - | 65 | 35 | 30 |
| Олово ........... | 19 | 43 | 51 | 315[127] |

Кинкалерија. - Внесот на овие производи од Италија е одбележан скоро во сите извештаи со кои што располагаме но нема конкретни податоци за нивната вредност. Имаме податоци само за две

годишта. Во 1884 година била внесена кинкалерија за 525 фр.[128] но наредната 1885 година покажува многу зголемена вредност 75,000 фра нкови.[129]

Мебели и огледала. - И за овие производи кои што се внесувале од Италија располагаме со сосема мал број на пода тоци за тоа колку изнесувала нивната вредност. Во 1883 година биле внесени огледала за 14,750 фр. во 1884. намештај за 8,382 фр.[130] а во 1886. мебел и огледала за 75,000 фр.[131] Увозот на мебели од Италија продолжил и во текот на 1894 и 1895 година.

Кожи и ѓон. - За увозот на кожи и ѓон располага ме со повеќе податоци. Во 1881 година се внесени извесни количини на кожи и ѓон. Во 1883 година биле внесени кожи од Италија во вред ност од 4,100 фр. а во 1884. обработени кожи за 1,912 фр. и необра ботени кожи за 3,120 фр.[132] Вредноста на внесените кожи во 1886 година веќе достигнала на 93,000 фр. Во исто време биле внесени ко жи од Месина во вредност од 205,000 фр.x[133] xx Во 1889 и 1890 го- дина биле внесени 25,000 килог. кожи за ѓон.[134]

Инаку количеството на внесената обработена кожа каде што е опфатен и увозот од XXXX Massana и ѓон за чевли во пе риодот од 1890 до 1893 година ги покажува следните цифри во метрич ни квинтали. Обработена кожа 1890-59; 1891-190; 1892-581 и 1893- 495 метрични квинтали. Ѓон за чевли 1890-33; 1892-50 метрични кви нтали.[135]

Ќибрити. - Исто така важен артикал кој што уче ствувал во вносот на Италија во Македонија биле и ќибритите. Треба уште во почетокот да се истакне дека во извештаите на француските конзули од Солун вредноста на овој артикал што се внесувал од Ита- лија се дава заедно со вредноста на ќибритите што биле од австро-

унгарско потекло така во 1881 година вредноста на внесените ќибрити и фитил заедно со Австро-Унгарија изнесувала околу 200,000 фр.;[136] а во 1885. вредноста на горенаведените артикли од Австро-Унгарија и Италија била приближна сума околу 100,000 фр.[137] Ваквата состојба се одржала и во текот на 1886 година.

Во наредните години бележиме извесно наголемување на вредноста и на овие артикли. Така да во 1888 година биле внесени ќибрити и трут од Австро-Унгарија и Италија за 120,000 фр.[138]

Во периодот од 1890 до 1893 година биле внесени следните количини на ќибрити од Италија изразени во метрични квинтали: 1890-204; 1891-290; 1892-87 и 1893-80 метрични квинтали.[139]

Во текот на 1891 година ќибрити и трут биле внесени од Австро-Унгарија и Италија за 125,000 фр.[140]

Цената на мало на ќибритите во текот на 1893 година се движела од 0 фр. 18 до 0 фр. 25 за пакет од кутии. Во извештаите на француските конзули од Солун се забележувало дека ќибритите и трутот биле од слаб квалитет, но имале добар исклучителен пазар и биле речиси исклучиво од австро-унгарско и италијанско потекло. Инаку вредноста на овие артикли кои што се внесувале и во наредните години скоро речиси ја задржувала истата висина. Така напр. во 1894 година приближната вредност на увозот била 130,000 фр.[141]

На крајот би се осврнале на увозот на некои артикли од Италија кои се појавуваат само во извештаите за поедини годишта. Тие би ги ставиле во едно подзаглавие разни артикли. Овие податоци би ги давале по поедини годишта.

Во 1883 година биле внесени следните артикли од Италија: Восок за 19,050 фр.; крмез за 22,950 фр.; разни стоки за 258,300 фр.; мануфактурни изработки 80,300 фр.; ѕидни часовници

6,150 фр.

Во 1884 година биле внесени машини за 720 фр.; мануфактурни стоки за 5,560 фр.; разни стоки за 11,725 фр.; празни садови за течност 4,484 фр.; предмети од слама 1,680 фр.; тутун 8,740 фр.; талк 4,950 фр.; ситничарска стока 2,000 фр.; дрвен јаглен за 11,900 фр.; петролеј 1,454,200 фр.[142)]

Во 1886 година индиго 150,000 фр.; разна стока 140,000 фр.[143)]

Во периодот од 1890 до 1893 година спрема веќе порано цитираниот извештај на Кармело Мелиа покрај горespomenатите артикли од Италија се внесувале и следните производи:

| Производи | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Копчиња ........ | - | 10 | 5 | 3 |
| Јаглероден калцит | 10 | 50 | 102 | - |
| Чешли ......... | 6 | 23 | 28 | 15 |
| Четки ......... | 10 | 38 | 40 | 60[144)] |

Горенаведените цифри означуваат метрични квинтали.

Исто така во текот на 1889 и 1890 година бил внесен талк и тоа во 1889. 119,000 килограми а во 1890 година 349,000 килограми испратени речиси исклучиво од Италија.[145)]

Во овие години исто така биле внесени и извесни количини на штирак, креда и парфимерија.

Во 1894[146)] и 1895 година[147)] во извештаите на француските конзули од Солун се зборува за различни артикли под едно подзаглавие кои биле внесувани покрај од другите земји и од Италија а под тоа се опфатени следните артикли: бибер, пиво, стипса амонијачна сол, витриол и тн.

За понатамошните годишта не располагаме во моментот

се податоци како се одвивал италијанскиои извоз во Македонија односно кои производи него го сочинувале.

Погоре ја истакнавме структурата на италијанскиот извоз во Македонија. Од тоа може да се види кои производи го сочинувале италијанскиот извоз во Македонија.

Како што може од погоре искажаното да се види во рамките на расположивите податоци се изнесени податоците за вносот на Италија во Македонија воглавно преку Солунското пристаниште а во помала мера и преку пристаништето во Кавала. Нецелосните податоци не ни овозможуваат посеопфатно да ја согледаме сликата на интензитетот на италијанскиот внос во Македонија кој осцилирал од година во година како што видовме уште во почетокот каде е дадено учество на вносот на Италија по години.

Во најголем дел во италијанскиот внос во Македонија доминирале производите на италијанската текстилна индустрија, потоа разни прехрамбени артикли, хартијата, фармацеутските производи, стаклото, порцеланот, градежните материјали, и металургиските производи.

Италијанските претставници во Македонија а и други Италијанци често пати во своите извештаи се осврнувале на трговските односи на Македонија со Италија каде што покрај останатото се третирала и проблематиката на италијанскиот извоз во Македонија.

Така италијанскиот конзул во Солун Vito Finzi, во својот извештај публикуван во Билтенот на трговските вести ( Bollettino di notizie comerciale) (1)[2] (cfr. il ~~xxkx~~ n. 15 della serie II, vol. IX, anno 1892.)пишувал за трговскиот промет покрај со Италија и со следните земји: Австро-Унгарија, Германија, Франција и Белгија со Македонија.[148]

Сметајки го за прилично интересен оној дел од неговиот извештај каде што како предмет на разгледување се "Трговските односи на Македонија со Италија" подолу изложуваме некои мислења на Vito Finzi во врска со оваа проблематика.

Во почетокот осврнувајќи се на тоа дека трговските односи на Македонија со Австро-Унгарија, Германија, Франција и Белгија покажувале едно зголемување за разлика од оние со Италија кои покажувале едно смалување а како потврда на тоа наведувал дека значителните количества на ориз, на кафе и на други продукти, кои тогаш во последните години доаѓале право од Генова понатаму доаѓале од Хамбург и од Трст.

Италијанскиот конзул во Трст, нагласувал дека Италија можела многу повеќе да учествува во увозот на Македонија. Понатаму тој продолжувал во својата констатација и велел: "Нашите трговци ќе треба да дојдат или да испратат способни агенти (посредници) за да ја проучат земјата, и тоа преку основање на изложби на збирки, нагласување на барањата на пазарот, и пред се извршување со совесна исправност порачките настојувајќи многу повеќе на изгледот на амбалажата."[149)]

Во продолжението Vito Finzi истакнувал дека приватната иницијатива на италијанските стопанственици се пробудувала и барала пазари за пласирање на своите стоки без да барала помош од владата.[150)] "Нашите трговци ќе треба без губење на време да ги проучат кои предимства можат да извлечат од дефинитивното ориентирање на отоманските железници и освојување или поарно да се рече завладување пазарите на овие предели кои се откриени од цивилизацијата на парната локомотива."

Инаку кога сме кај извозот на италијанските стоки во

Македонија да пренесеме и едно мислење на еден италијански автор кој пишувал за италијанскиот извоз на Левантот (Истокот) а тоа мислење се однесувало за квалитетот на изнесените стоки од Италија. Конкретно станува збор за извозот на ѓонови од Италија.

Штавените кожи за ѓон, од италијанските фабрики, кои во поранешните години успеале да ги истиснат француските производи биле тогаш речиси непродадливи пишувал l'Olivari (L'importazione italiano nel Levante, di Leonida Olivari, Genova 1893.) и додал многу целисходно:"Причина на оваа жалење положба на работите беше стоката лошо подготвена и, она што е полошо, фалсификувана која во овие последни времиња дојде доставена од некој наш сонародник. Сега италијанскиот ѓон е примен со недоверливост и ќе бидат потребни тешки жртви за приготвување за прифаќање на еден друг пат во овој пазар" (Солун).

Спрема Кармело Мелиа забележувањето кое го направил Оливари за ѓоновите требало за жал да се направи и за многу други артикли изнесувани од Италија.[151)]

Од сето досега изнесеното што се однесува на извозот од Италија во Македонија би можело да се констатира следното:

Прво дека вкупната вредност на внесените стоки од италијанско потекло во Македонија заостанувала зад вредноста на стоките пласирани од страна на останатите поразвиени капиталистички држави. Причината за тоа е што поразвиените капиталистички земји во Европа во тоа време имале поголема можност да ги пласираат своите стоки на пазарите во Македонија заради тоа што и побргу ги имале освоено пазариштата во Македонија како што впрочем било и на територијата на целата Отоманска империја;

Второ дека како главни извозни артикли од Италија

за Македонија оделе производите на италијанската текстилна и прехрамбена индустрија а во помал обем разни метални стоки и друго;

Како трета констатација за италијанскиот извоз во Македонија е таа што производите наменети за извоз биле од послаб квалитет за разлика од производите на останатите европски земји.

5. Извозот од Македонија во Италија преку Солунското пристаниште во периодот од 1878 до 1903 година[152)]

Во динамиката на економските врски помеѓу Македонија и Италија е изнесен обемот во износот од Македонија во Италија изразен во франкови. Извозот од Македонија за Италија воглавно се одвивал преку Солунското пристаниште а во помал дел преку пристаништето во Кавала. Како што беше случај и со извозот од Италија за Македонија, вредноста на италијанскиот износ од Македонија варира од година во година.

Започнатиот поинтензивен развиток на италијанската индустрија имал за последица зголемена потреба од суровини и заради тоа Италија почнала да се јавува како голем увозник особено на производите на индустриските култури од Македонија.

Подолу ја изнесуваме структурата на италијанскиот износ од Македонија во кој воглавно доминираат индустриските култури и земјоделските производи.

Тутун. - Тутунот се јавува како еден од најважните износни артикли од Македонија за сите земји а исто така и за Италија. Во најголем дел тој се изнесувал преку пристаништето во Кавала во чиј регион се произведувал многу поквалитетен тутун за разлика од оној тутун што се произведувал во регионот на Солун.

Во 1881 година преку пристаништето во Кавала бил изнесен тутун за Италија чија што количина изнесувала 150,000 кило-

грами.[153]) Во 1884 година според статистиката на Алатини вредноста на изнесениот тутун за Италија изнесувала 68,450 фр. а според француксиот конзул во Солун De Sainte Marie во истата година за првото тромесечје за Италија бил изнесен тутун во вредност од 3,240 фр.[154]) И во наредните години продолжил извозот на тутун за Италија така да неговата вредност во 1888 година достигнала 520,000 фр.[155])

Во периодот од 1890 до 1893 година извозот на тутунот преку Солунското пристаниште ги давал следните количини изразени во метрични квинтали: 1890-21; 1891-1,270; 1892-256 и 1893-1,800.[156])

Но многу поголеми количини на тутун се извезувале преку, како што е истакнато погоре, пристаништето во Кавала. Во периодот 1889 и 1890 година Италија внесла околу 250,000 килограми тутун од Кавала и се наоѓала на четвртото место меѓу земјите увозници на тутун од Кавала.[157])

И во наредниот период продолжил извозот на тутун за Италија но не располагаме со конкретни податоци за внесеното количество. Инаку треба да се истакни дека трговијата на тутунот била монополизирана во две третини од италијанската фирма на браќата Алатини, од царската отоманска режија и од Унгарската фирма Herzog e C°, и други мали индустријалци. Годишниот извоз на тутун изнесувал 7 милиони килограми со вредност близу 23 милиони франкови (од Кавала); а од Солун 400,000 килог. со една вредност од околу 540,000 фр.

За Италија се испраќало годишно 500,000-600,000 килограми.[158])

Памук. - За потребите на италијанската текстилна

индустрија од Македонија постојано биле изнесувани значајни количини на памук за Италија. Веќе во 1884 година вредноста на изнесениот памук за Италија изнесувала 222,300 фр.[159] Памук бил изнесуван за Италија и во претходните години но не располагаме со конкретни податоци ниту за количината ниту за вредноста на изнесениот памук. Треба да се спомени дека спрема францускиот конзул во Солун De Sainte Marie во првото тромесечје на 1884 година, бил изнесен памук за Италија во вредност од 305,034 фр.[160]

Во 1885[161] и 1886 година[162] биле изнесени околу 555,000 килограми односно околу 500,000 килограми памук за Италија и Франција во вредност од 800,000 фр. и приближна вредност од околу 650,000 фр. Во 1885 година средниот курс при продажбата на памук за извоз од Македонија изнесувал 140 фр.,франко брод за 100 килограми памук од американско семе и 115 фр. за памукот од домашно семе а во наредната 1886 година цената на памукот се движела од 110 до 125 фр франко брод според квалитетот.

Во 1888 година вредноста на изнесениот памук за Италија нешто се намалила и изнесувала 141,000 фр.[163]

Изнесеното количество на памук во периодот од 1890 до 1893 година ги давало следните количини изразени во метрички квинтали: 1890-3517; 1891-530; 1892-4,795 и 1893-7,351.[164]

Во 1892 година забележуваме дека покрај за Франција и Австро-Унгарија пратките на памук во голем дел оделе и за Италија. Вкупниот извоз се искачил на 200,000 фр.[165] Средните цени се движеле за памукот од американско семе за 100 килограми франко брод од 85 до 90 фр. а предениот памук од домашно потекло за 100 килограми франко брод од 75 до 80 фр.

И во наредните години продолжил извозот на памук

за Италија. Но во 1895 година производството било средно со слаб квалитет. Дел од произведените количества на памук биле употребени за две или три локални предилници а остатокот кој што бил околу 500,00( килограми бил испратен за Франција, Италија и Австрија. Цените се движеле за памукот од американско семе од 90 до 95 фр. за 100 килограми франко пристаниште Солун. Предениот памук од домашно потекло имал цена која варирала помеѓу 75 и 85 фр. за 100 килограми франко пристаниште Солун.

Вредноста на извозот се искачувала на околу 420,000 фр.[166)]

Волна.- Покрај тоа што внесувала значителни количества на памук италијанската текстилна индустрија имала потреба од увоз на волна. Македонија која имала развиено сточарство можела да изнесува значителни количества на волна. Но како и за другите артикли не располагаме со многу конкретни податоци.

Во 1884 година вредноста на изнесената волна за Италија изнесувала 151, 608 фр.[167)]

Во периодот од 1890 до 1893 година преку Солунското пристаниште биле изнесени следните количини на волна изразени во метрични квинтали: 1890-260; 1891-327; 1892-308 и 1893-217.[168)]

Најповеќе за Италија била испраќана испрана волна

Во 1895 година вкупното годишно производство на волна се искачило на околу 500,000 килограми. Од оваа бројка само близу 100,000 килограми биле изнесени, остатокот бил искористен во земјата.

Цените на волната што се изнесувала се движеле:

Од 110 до 115 фр. за непрана волна;

Од 160 до 200 фр. за испрана волна и

Од 170 до 190 фр. за потстрижена волна.

Овие цени се подразбирале за 100 килограми, франко пристаниште Солун.

Речиси целокупното изнесено количество на волна било испратено за Италија. Вредноста на извозот на волната во 1895 година се искачила на 180,000 фр.169)

Кожурци од свилени буби. - Меѓутоа артикал кој што бил во центарот на вниманието на италијанските увозници биле кожурците од свилените буби. Италија покажувала значително внимание кон овој артикал уште во периодот пред своето обединување во единствена држава во 1870 година. Во Македонија во тоа време во прилична мера се одгледувале свилените буби. Италијанските конзуларни претставници во Македонија во своите извештаи му обрнувале прилично внимание било за самата реколта на кожурците од свилените буби било за изнесените количества на овие за Италија и другите земји.

Во 1881 година биле изнесени околу 220,000 килограми на кожурци од свилени буби за Франција, Италија и Русија. Практикуваната средна цена била 11 до 12 фр. за килограм кожурци од свилени буби франко брод. Од 4 килограми на кожурци од свилени буби се добивало 1 килограм свила. Приближната вкупна вредност изнесувала 2,300,000 фр.170)

Во својот извештај грофот Франческо Маза, италијански вице-конзул во Солун, кој што бил соопштен од италијанскиот конзул во Солун Франческо Зербони објавен во Bolletino Consolare, Vol XX, Parte I (Febbraio 1884), забележувал дека трговијата со кожурците од свилените буби помеѓу Италија и Солун добивала секогаш поголемо значење, и тоа било придружувано со допуштени олеснувања од различни италијански фабрики и специјално од Касата за

штедење во Милано, која примала пари на чување и помагајќи ја на секој начин трговијата. Порано италијанските индустријалци своите набавки на кожурци од свилени буби ги вршеле во Марсеј, но во времето за кое што станува збор во извештајот на Франческо Маза кожурците од свилените буби оделе директно во Италија, а испраќањата за Марсеј биле намалени на најмали граници.[171)]

Во текот на 1882 година биле изнесени за Италија Франција и Бруса 130,000 килограми на кожурци од свилени буби во вредност од околу 1,400,000 фр., а средните цени варирале од 11 до 12 фр. килограм.[172)]

Но наредните години уште повеќе се зголемувала вредноста на изнесените количества на кожурци од свилени буби.

Во 1883 година реколтата на кожурците од свилени буби била богата а извозот се качил на 200,000 килограми и скоро целата била испратена за Италија. Во Франција биле испратени сосема мали x количини на кожурци од свилени буби. Средната цена била 10 1/2 до 11 фр. франко брод. Приближната вредност на извозот била 2,200,000 фр.[173)]

Во Италија биле испратени и 50,000 килограми на отпадоци од кожурци на свилени буби, во вредност од 250,000 фр.[174)]

Во 1884 година реколтата била богата. Изнесени биле околу 250,000 килограми на кожурци од свилени буби за Северна Италија и нешто за Франција. Цените таа година се одржале од 10 до 11 фр. и 50 сантими килограм според квалитетот, франко брод.[175)] Според францускиот конзул во Солун de Sainte Marie вредноста на кожурците од свилени буби што биле испратени за Италија во првото тромесечје од 1884 година ја достигнала сумата од 420,090 фр.[176)] Покрај чистите кожурци од свилени буби, се испраќале и отпадоци од

истите за Италија околу 50,000 килограми. Целокупната сума на извозот била 2,730,000 фр.[177)]

Наредната 1885 година реколтата на кожурци од ж свилени бубу била средна. Изнесени биле околу 200,000 килограми за Северна Италија а особено за Милано.[178)]

До месецот октомври, цените се одржале од 10 фр. до 10 фр. и 50 сантими по килограм, франко брод. Во почетокот на ноември имало покачување до ж 3 франци по килограм поради поголемата побарувачка од страна на Италија каде бил формиран еден синдикат на банкари и трговци кои имале намера да ја засилат трговијата на овој артикал. Покрај чисти кожурци за Италија биле испратени особено за Милано и отпадоци од истите околу 75,000 килограми. Целокупната приближна вредност на извозот била 2,500,000 фр.[179)]

При една богата реколта на кожурци од свилени буби во 1886 година изнесената количина била околу 250,000 килограми за Италија, особено за Милано.[180)]

За Италија биле упатени покрај чисти кожурци од свилени буби и 75,000 килограми отпадоци од истите во вредност од скоро 340,000 фр.[181)]

Во текот на 1888 година при една богата реколта од околу 350,000 килограми на кожурци од свилени буби 220,000 килограми чисти кожурци од свилени буби биле испратени за Милано а покрај тоа и 50,000 килограми отпадоци од истите кои заедно со изнесените 35,000 кгр. на чисти кожурци од свилени буби за Бруса вкупно давале една вредност од 2,800,000 фр.[182)]

Вредноста на изнесените количини на кожурци од свилени буби преку Солун за Италија во горенаведената година изнесувала 1,680,000 фр.[183)]

Во периодот од 1889 и 1890 година спрема трговскиот извештај на француските конзул во Солун биле изнесени следните количини на кожурци од свилени буби: Во 1889 година годишниот извоз изнесувал 290,000 килограми а во 1890. тој стигнал на бројката од 360,000 килограми. Целиот извоз бил испратен во Италија. Во Франција се испраќале незнатни количини.[184]

Во текот на четиригодишниот период од 1890 до 1893 година извозот на кожурци од свилени буби од Македонија за Италија, според извештајот на Кармело Мелиа се одвивал со следниот интензитет:

| | | |
|---|---|---|
| Во | 1890 | ..................259,600 кг. |
| " | 1891 | ..................380,000 " |
| " | 1892 | ..................545,900 " |
| " | 1893 | ..................384,460 "[185] |

Од горе изнесената тебела се заклучува дека најголем извоз на кожурци од свилени буби е остварен во текот на 1892 година кога изнесената количина достигнала 545,900 кг.

Но треба да се забележи дека во извештаите на француските конзули од Солун количините на изнесените кожурци од свилени буби за Италија биле нешто помали во однос на оние кои што ни ги дава Кармело Мелиа во својот порано споменат извештај. Така за 1891 година се вели дека биле изнесени околу 200,000 килог., и тоа како и во претходните години Италија и главно Милано биле тие кои ги внесле кожурците од свилени буби од Македонија. До месецот септември, цените на кожурците од свилените буби се одржале између 9 фр. и 25 сантими килограм франко пристаниште. Со доаѓањето на ноември, цените спаднале на 8 фр. 50 сантими и трансакциите така да се рече престанале. Исто така биле изнесени околу 20,000 килог. отпадоци од

кожурци од свилени буби.[186)]

Исто така и за 1892. постои голема разлика во однос на количините на извезените кожурци од свилени буби. Во извештајот на францускиот конзул од Солун се вели дека извозот на кожурците од свилените буби изнесувал во горенаведената година на околу 300,000 килограми за Франција и Италија, со цена 9 фр. и 50 сантими до 15 фр. за килограм, франко брод.

Покрај чисти кожурци од свилени буби, биле изнесени исто така околу 50,000 килог. на отпадоци од истите со променлива цена од 5 до 10 фр. за килограм.

Вредноста на извозот на овој артикал се искачила во 1892, на една приближна сума од 4,000,000 фр.[187)]

Реколтата на кожурците од свилените буби во текот на 1893 година била позадоволителна отколку онаа во претходната година. Се рачунало на производство од 400,000 килог. на чисти кожурци од свилени буби и на 40,000 килограми на отпадоци од истите. Од тоа количество било изнесено околу половината од кое најголемиот дел за Италија; Франција примала сосема мали количини. Вкупната приближна вредност на извозот изнесувала: 2 милиони франкови што била многу помала во однос на претходната година.[188)]

Вкупното производство на чисти кожурци од свилени буби во текот на 1894 година се искачило на околу 400,000 килограми и 35,000 килограми на отпадоци од истите. Изнесеното количество во 1894 година се искачило на околу 400,000 килограми од кое повеќе од половината потекнувало од реколтата од 1893 година и остатокот од онаа на 1894 година. Освен една незнатна партија на кожурци од свилени буби испратена во Франција речиси сите останати биле испратени за Италија. На почетокот на кампањата цените достигнале до 9 фр. за

килограм франко пристаниште Солун; но во продолжението дошло до едно опаѓање за еден франк за килограм тоа било предизвикано од цените на пазарот. Вредноста на извозот на кожурците од свилените буби во 1894 година била проценета на околу 3,000,000 фр.[189)]

Со цел да се подобрат резултатите во одгледувањето на кожурците од свилените буби по иницијатива на браќата Алатини фирмата Сузани ( Susani ) од Милано основала во 1890 година во Солун еден бакологичен институт за микроскопско иследување на семето на кожурците од свилените буби. Во текот на 1891 година тој институт даде 4,500 унции, а во текот на 1892 и 1893. по 12,000 унции семе на кожурци од свилени буби, кое се раздало на одгледувачите на истите во Македонија и се испратило во Воло, Одрин и по други места. Спрема Кармело Мелиа добиените превосходни резултати давале тогаш надеж, дека излупувањето на семето по системот Сузани ќе ги заменело со време производите на француската фирма.[190)]

За последната година за која располагаме со податоци за извозот на кожурци од свилени буби од Македонија за Италија т.е. 1895 година може да се каже дека реколтата на истите била слаба за разлика од онаа во претходната година. Вкупното производство не се искачило повеќе од 420,000 килограми од кое 380,000 килограми на чисти кожурци од свилени буби и остатокот на отпадоци од истите.[191)]

Инаку извозот се искачил на 350,000 килограми во кој бил како дел од реколтата од 1895 година исто така и дел од реколтата од претходната година. Целиот извоз на кожурците од свилените буби бил речиси исклучиво управен во Италија со различни цени кои варирале помеѓу 8,40 фр. и 9,60 фр. за килограм франко пристаниште а вкупната вредност на извозот на кожурците на свилените буби

во 1895 година се искачила приближно на 2,600,000 фр.[192]

Различни видови на кожи. - Воглавно од Македониј за Италија биле изнесувани кожи од јазовци и од видри.

Во текот на 1881 година за Австрија и Италија биле изнесени 3,000 парчиња кожи од јазовци чија цена за секој чифт изнесувала од 6 1/2 до 6 3/4 фр.[193] Наредната година биле изнесени преку Солун за Италија 2,500 парчиња кожи од јазовци чија цена изнесувала како и претходната година 6 1/2 до 6 3/4 фр. за чифт, кожи;[194] а во 1883 година биле испратени за Италија заедно со Германија 4,000 парчиња на сурови кожи од јазовци со цена како и претходната година.[195]

За наредната 1884 година располагаме само со податоци за вкупната вредност на изнесените кожи. Така според францускиот конзул во Солун De Sainte Marie во првото тромесечје од горенаведената година вредноста на изнесените кожи изнесувала 10,998 франкови.[196] Додека пак според друг извор вкупната вредност на изнесените кожи за Италија изнесувала 634,700 фр. а вредноста на изнесените кожарски стоки и крзнарски стоки исто така за Италија изнесувала 13,300 фр.[197]

Во 1886 година за Италија и Германија биле изнесени 2,500 парчиња сурови кожи од јазовци, а приближната цена по парче изнесувала 4 фр.[198]

Две години покасно т.е. во 1888 година вредноста на изнесените кожи за Италија изнесувала 45,000 фр.[199]

Во временскиот период од 1890 до 1893 година преку Солунското пристаниште за Италија биле изнесени следните количини на кожи изразени во метрични квинтали: 1890-45; 1892-32 и 1893-50.[200]

Покрај кожите од јазовци од Македонија како што истакнавме погоре се изнесувале и кожи од видри. Во периодот од 1881 до 1883 година годишно биле изнесувани по 500/600 парчиња на кожи од видри со цена за секој чифт од 25 до 28 фр.[201])

Во 1885 година нешто се намалил извозот на сурови кожи од видри за Италија. Биле испратени се на се 200 парчиња со приближна цена од 12 до 14 фр. за чифт.[202])

Пред да преминеме на извозот на житните култури од Македонија за Италија накратко би се осврнале за извозот на сусамот од Македонија за Италија. Во 1881 година сусам бил изнесен околу 14,000 метрични квинтали за Франција, Италија и Германија. Цената за секој квинтал се движела од 44 до 46 фр. франко пристаниште. Приближната вкупна вредност на изнесеното количество изнесувала 700,000 фр.[203])

И во наредните години продолжил извозот на сусам за Италија меѓутоа не располагаме со конкретни податоци и за изнесените количества.

Преку Солунското пристаниште за Италија биле изнесени во текот на 1892 година 310 а во 1893 година 2,690 метрични квинтали на сусам.[204]) Инаку средната цена на сусамот била од 32 до 36 фр. за 100 килограми франко пристаниште.[205])

Во продолжението ќе се осврниме на извозот на житните култури од Македонија за Италија, со една забелешка дека во повеќето извештаи не се наоѓаат поодделно податоци за Италија но тие се заеднички за повеќе земји, впрочем како што беше и за останатите производи. Извозот на житните култури од Македонија за Италија поодделно ќе го проследиме за секој артикал.

Овес. - Овесот воглавно бил извезуван за Франција и

и Италија. Во текот на 1881 година за овие две земји биле изнесени приближно 110,000 метрички квинтали[206)] а во 1882 година приближно 100,000 метрички квинтали.[207)] Од друга страна според извештајот на Франческо Маза со бродовите на италијанската компанија "Florio-Rubattino" биле изнесени 63,628 килог. овес а со едрилиците на истата компанија 4,922,860 килог. овес.[208)] Изнесеното количество на овес за Франција и Италија во 1883 година изнесувало приближно 90,000 метрички квинтали.[209)]

Според францускиот конзул во Солун De Sainte Marie во првото тромесечје на 1884 година овес бил изнесен за Италија само за 642 франкови а пак за целата 1884 година извозот на овој ист производ достигнал до 488,900 фр. според податоците на Италијанскиот конзулат во Солун[210)] а според извештајот на италијанскиот конзул од Солун за Франција и Италија во горенаведената година биле изнесени 80,000 метрички квинтали на овес.[211)] 88,000 метрички квинтали од овој производ биле изнесени за истите земји во 1885 година.[212)]

Во наредната 1886 година количеството на изнесениот овес за Франција и Италија изнесувало приближно 53,000 метрички квинтали.[213)]

Вредноста на изнесениот овес за Италија во текот на 1888 година изнесувала 336,000 фр.[214)]

Во текот на четиригодишниот период од 1890 до 1893 година преку Солунското пристаниште за Италија биле изнесени следните количини на овес: 1890-13;770; 1891-750; 1892-14,408 и 1893-1,750 метрички квинтали.[215)]

Во наредните години како увозници на овес од Македонија покрај Италија и Франција се јавиле уште Германија,

Англија и Холандија така да сите овие земји во 1894 година внесле 90,000 метрични квинтали овес.[216] Во 1895 година Италија, Францијa и Германија внесле 140,000 метрични квинтали на овес.[217]

Според извештајот на бугарскиот трговски агент во Солун за износната и вносната трговија на Солунското пристаниште во текот на 1901 година се вели дека за Италија биле изнесени извесни количини на овес.[218]

Друг важен производ на житните култури кој што земал значајна ставка во извозот од Македонија за Италија била пченката.

Во 1881 година количеството на изнесената пченка преку Солунското пристаниште за повеќе земји во кои влегувала и Италија изнесувало 200,000 метрични квинтали[219] а во 1882 година приближно 130,000 метрични квинтали;[220] а според извештајот на Франческо Маза со бродовите на гореспоменатата италијанска компанија "Florio-Rubattino" биле изнесени 1,366,883 килог. пченка а со едрилици 401,774 килог. пченка.[221]

Наредната 1883 година преку Солунското пристаниште количеството на изнесената пченка достигнало приближно 250,000 метрични квинтали кое се распределувало на повеќе земји меѓу кои била и Италија.[222]

Според податоците на Италијанскиот конзулат во Солун во текот на 1884 година вредноста на изнесената пченка за Италија ја достигнала сумата од 102,600 фр.[223]

Наредната 1885 година за Франција, Италија, Англија и Грција биле изнесени приближно 103,000 метрични квинтали пченка.[224] Веќе во 1886 година забележуваме нагло опаѓање на изнесеното количество на пченка приближно само 17,200 метрични квинтали

и тоа за Италија, Франција и Грција.[225] По две години т.е. во 1888 година вредноста на изнесената пченка за Италија достигнала сума од 427,000 фр.[226]

Во периодот од 1890 до 1893 година количеството на изнесената пченка преку Солунското пристаниште за Италија изразено во метрични квинтали изнесувало: 1890-6,680; 1891-13,850; 1892-23,294 и 1893-11,600.[227]

Во 1894 година биле изнесени преку Солунското пристаниште 230,000 метрични квинтали на пченка кои биле реализирани во разни земји меѓу кои и Италија.[228] Наредната 1895 година за Италија биле изнесени 290,000 метрични квинтали пченка.[229]

Во 1901 година биле изнесени извесни количини на пченка од Македонија за Италија.[230]

Освен горенаведените артикли од житните култури за Италија се експортирале и следните житарици тврдата и меката пченица, јачменот, ржта и просото.

Во текот на 1881 година биле експортирани 100,000 метрични квинтали на пченица мека и црвена за Франција, Англија и Италија и 10,000 метрични квинтали на пченица мека и бела за Франција и Италија.[231]

Со бродовите на италијанската компанија "Florio-Rubattino" според извештајот на Франческо Маза, во текот на 1882 година биле експортирани 589,412 килог. пченица а во истото време со едрилици на истата компанија биле експортирани 5,683,478 килог. пченица.[232]

Во 1883 година продолжил извозот на пченица мека и црвена и тоа 240,000 метрични квинтали за Франција, Англија, Шпанија и Италија и 50,000 метрични квинтали на пченица мека и бела

за Франција, Италија и Шпанија. Треба да се напомене дека горезначените количини се приближни поради недостаток на официјална статистика.[233)]

Според францускиот конзул во Солун De Sainte Marie во првото тромесечје на 1884 година вредноста на експортираните житарици за Италија ја достигнала сумата од 637,386 фр.,[234)] според статистиката на Allatini вредноста на експортираната пченица за Италија изнесувала 312,400 фр.[235)] Според податоците на Италијанскиот конзулат во Солун во текот на горенаведената година било изнесено жито за Италија во вредност од 742,500 фр.[236)]

Во текот на 1885 година за Франција и Италија биле изнесени 65,000 метрични квинтали на пченица мека и црвена.[237)]

Износот на пченица преку Солунското пристаниште за Италија во 1888 година изнесувал 200,000 фр.[238)]

Во четиригодишниот период од 1890 до 1893 година извозот на пченица за Италија преку Солунското пристаниште ги давал следните количини изразени во метрични квинтали: 1890-46,770; 1891-13,400; 1892-72,200 и 1893-24,126.[239)]

Во наредните години исто така продолжил извозот на пченица од Македонија за Италија но не располагаме со конкретни податоци колкаво било пооделно учеството на Италија во оваа трговија. Така во 1894 година за Франција, Италија и Германија биле изнесени 20,000 метрични квинтали на жито меко, црвено и бело.[240)]

Во текот на 1895 година експортот на житото меко црвено и бело достигнало 74,000 метрични квинтали и тоа за Италија, Белгија, и Германија.[241)]

Треба да се истакне и тоа дека кога овие артикли се изнесувале за Италија исто така за Франција и Белгија вредноста

се покажувала во франкови за метрични квинтали (1,000 килограми) франко пристаниште Солун.

Јачменот исто така често се појавувал на листата на житариците што се изнесувале за Италија. Во текот на 1882 година биле експортирани вкупно 6,344,640 килог. јачмен со бродовите и едрилиците на италијанската компанија " Florio-Rubattino".[242]

Две години подоцна во текот на 1884 година според податоците на Италијанскиот конзулат во Солун, бил експортиран јачмен за Италија во вредност од 22,500 фр.[243] Во наредната 1885 година за Франција, Италија, Англија и Грција биле изнесени 71,000 метрични квинтали на јачмен.[244]

Количините на изнесениот јачмен за Италија во периодот од 1890 до 1893 година, според порано цитираниот извештај на Кармело Мелиа изнесувале во метрични квинтали: 1890-2,450; 1891-3,500; 1892-7,675 и 1893-1,400.[245]

Во текот на 1894 година за Италија и други земји биле изнесени 120,000 метрични квинтали јачмен[246] а наредната XXX 1895 година 160,000 метрични квинтали на јачмен.[247]

'Рж. - Франческо Маза во својот веќе порано наведен извештај вели дека во текот на 1882 година биле изнесени 787,109 килог. 'рж со бродовите на италијанската компанија "Florio-Rubattino".[248]

По две години т.е. во 1884 година според статистиката на Allatini била експортирана за Италија 'рж во вредност од 10,250 фр., XXXX[249] а во 1888 година вредноста на 'ржта што се експортирала за Италија изнесувала 47,000 фр.[250]

Се повеќе податоци за извозот на 'рж во Италија располагаме за четиригодишниот период од 1890 до 1893 година спо-

ред порано цитираниот извештај на Кармело Мелиа. Преку Солунското пристаниште за Италија во горенаведениот период биле изнесени следните количини на 'рж изразени во метрични квинтали: 1890-2,120; 1891-2,400; 1892-30,868 и 1893-10,240.[251)]

Во текот на 1894 година 'рж била испратена за Италија и некои други земји чие количество изнесувало 100,000 метрични квинтали[252)] а наредната 1895 година биле експортирани 140,000 метрични квинтали за Германија, Белгија и Италија.[253)]

Како артикал кој што се експортирал за Италија од областа на житните култури се јавува и просото. За првпат се споменува во извештајот на францускиот конзул од Солун De Iacretelle. Така во 1889 година количеството на просото што се експортирало изнесувало 20,210 килог.[254)] а во 1890 година 596,020 килог. за Италија, Франција и Америка.[255)]

Во периодот од 1890 до 1893 година извозот на просо за Италија преку Солунското пристаниште ги покажувало следните количини изразени во метрични квинтали: 1890-1,650; 1891-5,000; 1892-8,994, и 1893-960.[256)]

Заедно за Германија, Франција и Италија биле испратени 5,000 метрични квинтали на просо во текот на 1894 година,[257)] а во 1895 година за Италија, Англија и Германија 6,000 метрични квинтали.[258)]

На крајот би се осврнале и на преработките од житариците кои што се изнесувале за Италија конкретно станува збор за преработките од пченицата т.е. брашното и триците.

Во првото полумесечје на 1884 година според францускиот конзул во Солун De Sainte Marie вредноста на брашното изнесено за Италија била 7,200 фр. а на триците 12,777 фр.[259)]

Инаку со други податоци за извозот на овие артикли за Италија не располагаме освен за периодот од 1890 до 1893 година. Во овој период биле експортирани за Италија преку Солунското пристаниште следните количини на трици и брашно изразени во метрични квинтали: трици 1890-900; 1891-3,000; 1892-1,264; брашно 1893-1,650.[260)]

Во текот на 1895 година за Австро-Унгарија и Италија биле испратени 90,000 вреки на брашно и трици.[261)]

На крајот би се осврнале на останатите производи кои учествувале во извозот од Македонија за Италија. Тоа се производи кои често не се јавувале во листата на македонскиот извоз за Италија туку само повремено. Така во 1884 година биле испратени: алкохол за Италија во вредност од 130 фр.; суво овоштие 45,521 фр.; разни стоки 111,226;фр; афион 60,723 фр.; сливи 25,494 фр.; афионско семе 14,190 фр. и вино 60 фр. а според италијанскиот конзулат во Солун во текот на 1884 година покрај горното биле изнесени за Италија крпи за 47,300 фр. и грав за 20,500 фр.[262)]

Во текот на 1888 година се експортирале за Италија: афионско семе за 50,000 фр. и копар за 77,000 фр.[263)]

На крајот на овој преглед би дале табела за четиригодишниот период од 1890 до 1893 година за извозот на некои артикли од Македонија за Италија преку Солунското пристаниште чие количество е изразено во метрични квинтали:

| | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Старо железо ..... | - | - | 1,436 | 210 |
| Копар ............ | 75 | - | 10 | 273 |
| Стар бакар ....... | - | 91 | 279 | - |
| Афионско семе .... | 500 | 200 | 810 | 322 |
| Крпи ............. | 5,010 | 6,200 | 3,133 | 1,450 |

| | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Граорица .. | 522 | - | - | 1,950 |
| Скршено стакло | 290 | 115 | - | - 264) |

Од сето досега реченото во поглавјето за извозот од Македонија за Италија кој што во најголема мера се одвивал преку Солунското пристаниште можеме да констатираме дека најповеќе се застапени индустриските култури и житариците. Во првите спаѓале тутунот, памукот, кожурците од свилените буби а во вторите разновидните житни култури. Исто така волната и кожите влегувале во македонскиот извоз за Италија. Сепак најголемо внимание Италија му посветувала на вносот на кожурците од свилените буби од Македонија. Италија преку низа практични акции [redacted] настојувала да се зголеми производството на кожурците од свилените буби во Македонија со што би ја обезбедила својата индустрија за свила со повеќе суровини.

Исто така Италија се јавувала во прилична мерка и како вносител на житарици од Македонија но нецелосното располагање со податоци за внесените количества на житните култури не ни овозможува да добиеме права слика за уделот на Италија во увозот на житарици од Македонија.

И покрај горе реченото може да се констатира дека увозот на Италија од Македонија заземал значајна ставка во експортот на разните производи од Македонија во поедините години со различен интензитет во зависност од низата фактори кои што ја одредувале висината на надворешно- трговската размена на Македонија.

Како што и порано истакнавме за да можи да се врши трговската размена меѓу Македонија и Италија од страна на последнава биле ангажирани нејзини бродови во сообраќајот меѓу Солун-

ското пристаниште и италијанските пристаништа, но покрај италијанските бродови прометот меѓу Македонија и Италија го вршеле и бродовите на други земји. Во текот на овој период како и порано од страна на Италија ~~ии~~ била ангажирана италијанската компанија која го одржувала сообраќајот со Солунското пристаниште, го носела името "Италијанско друштво за општо поморство (Florio-Rubattino )" - која ја одржувала двонеделната линија помеѓу различните пристаништа на Италија , Пиреј, Солун, Цариград, Одеса и обратно.

### 6. Движењето во пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште во периодот од 1879 до 1895 г.

Интензитетот на трговската размена меѓу Македонија и Италија во периодот од 1879 до 1903 година влијаел секако врз движењето во пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште. За разлика од останатите поразвиени капиталистички земји на Европа кои во пловидбата со Солунското пристаниште учествувале речиси исклучиво со парабродови, Италија била застапена како со парабродови така и со едрилици кое секако имало значење за уделот што го имало италијанското поморство во прометот на Солунското пристаниште. Покрај ова имало и други причини кои што го оневозможувале зголемувањето учеството на италијанската пловидба во трговската размена меѓу Македонија и Италија. Треба да се истакне дека не располагаме со податоци за пловидбата на италијанските бродови во другите пристаништа на Македонија кое ќе ни овозможеше поцелосна претстава за уделот што го имала италијанската пловидба во трговската размена на Македонија со Италија.

Подолу даваме табела од која што може да се види каков бил интензитетот на движењето во пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште во периодот од 1879 до 1895 год.

| Година | Број на бродови | Вкупна запремина |
|---|---|---|
| 1879 | 132 | 102,788 |
| 1880 | 172 | 133,343 |
| 1881 | 186 | 148,072 |
| 1882 | 219 | 163,978[265)] |
| 1883 | - | - |
| 1884 | - | - |
| 1885 | 69 | 66,033[266)] |
| 1886 | 62 | 61,715[267)] |
| 1887 | - | - |
| 1888 | - | - |
| 1889 | - | - |
| 1890 | - | - |
| 1891 | 131 | 189,459[268)] |
| 1892 | 134 | 166,425[269)] |
| 1893 | 126 | 173,512[270)] |
| 1894 | 112 | 182,000[271)] |
| 1895 | 120 | 177,608[272)] |

Според непотполните податоци со кои што располагаме може да се забележи дека во почетните години кои што се претставени во оваа табела има зголемување во прометот на италијанските бродови во Солунското пристаниште а во текот на последните години се забележува горе долу една константна бројка на вкупната запремина на италијанските бродови што пристигнале и заминале од Солунското пристаниште. Исто така треба да се каже дека во последните години, со податоците што располагаме во однос на пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште може да се забележи постојано намалување на уделот на едрилиците во вршењето на проме-

тот меѓу италијанските пристаништа и Солунското пристаниште во полза на парабродите што секако било како резултат на се поголемата примена на пареата во развитокот на поморскиот сообраќај.

Покрај гореизнесеното, во извештајот на веќе порано цитираниот Кармело Мелиа наоѓаме податоци за прометот на Солунското пристаниште од 1 март 1893 до 28 февруари 1894 година што се однесува како за италијанските бродови така и за оние на останатите земји.[273)]

Во гореспоменатиот период под италијанско знаме влегле во Солунското пристаниште 52 параброди и 3 едрилици што вкупно означува 55 бродови. Инаку во истиот период тонажата на италијанските парабродови изнесувала 85,480 тони а тонажата на едрилиците 491 тон.[274)]

Долунаведената табела ни го дава сообраќајот на италијанските бродови влезени во Солунското пристаниште во периодот 1890-1893 година.

| Година | Парабродови Бр. | Едрилици Бр. | Вкупно Бр. |
|---|---|---|---|
| 1890 | 63 | 7 | 70 |
| 1891 | 53 | 12 | 65 |
| 1892 | 53 | 7 | 60 |
| 1893 | 54 | 12 | 66[275)] |

Во истото време тонажата на италијанските бродови влезени во Солунското пристаниште изнесувала:

| Година | Парабродови Тон. | Едрилици Тон. | Вкупно Тон. |
|---|---|---|---|
| 1890 | 99,552 | 841 | 100,393 |
| 1891 | 91,348 | 2,862 | 94,210 |

| Година | Парабродови Тон. | Едрилици Тон. | Вкупно Тон. |
|---|---|---|---|
| 1892 | 86,924 | 1,275 | 88,199 |
| 1893 | 86,745 | 945 | 87,690[276] |

Табела за средната тонажа на италијанските бродови кои што пристигале и заминувале од Солунското пристаниште во периодот од 1879 до 1895 година

| Година | Средна тонажа на бродовите |
|---|---|
| 1879 | 778 |
| 1880 | 775 |
| 1881 | 796 |
| 1882 | - |
| 1883 | - |
| 1884 | - |
| 1885 | 957[277] |
| 1886 | 995[278] |
| 1887 | - |
| 1888 | - |
| 1889 | - |
| 1890 | - |
| 1891 | 1,719 (238)[279] |
| 1892 | 1,545 (92)[280] |
| 1893 | 1,606 (84)[281] |
| 1894 | 1,625[282] |
| 1895 | 1,503 (104)[283] |

Од горенаведената табела може да се забележи дека во почетокот имаме постојано зголемување на средната тонажа

на италијанските бродови што го посетувале Солунското пристаниште но во последните години за кои што се располага со податоци се забележува горе долу една константна рамнотежа во средната тонажа на италијанските бродови.

Врските помеѓу Италија односно нејзините пристаништа и Солунското пристаниште по поморски пат ѓи одржувале две компании и тоа француската компанија на Fraissinet 1) Секоја недела поаѓање од Марсеј, престој во Италија и Грција, пристигнување во Солун и продолжување за Цариград. 2) Неделно враќање, Цариград-Марсеј преку Солун.

И погоре споменатата италијанска компанија Florio et Rubattino која ја одржувало двапати месечно линијата меѓу Италија, Пиреј, Солун, Цариград и Одеса и обратно.

И покрај ваквата поврзаност на Италија со Солунското пристаниште која покрај француската компанија Fraissinet ја вршела и италијанската компанија Florio-Rubattino спрема податоците што ни ги презентира Кармело Мелиа за пристигањето на италијанските трговски бродови во Солунското пристаниште се гледало дека тонажата на италијанските бродови била во постојано опаѓање во текот на четиригодишниот период од 1890 до 1893 година.

Причините за едно такво намалување според Кармело Мелиа биле следните:

1. Средствата на Италијанското друштво за општо поморство (Florio-Rubattino) за вршење на услуги на оваа линија (помеѓу различните пристаништа на Италија, Пиреј, Солун, Цариград, Одеса и обратно) биле парабродови со мала носивост;

2. Жестоката конкуренција на бродовите од другите земји кои спуштајќи ги постојано наемнините го имаа речиси елиминирано

учеството на бродовите под италијанско знаме а услугата на италијанските бродови не била субвенционирана.[284)]

Но секако треба да се истакне дека покрај италијанските бродови исто така ф и француските, холандските и данските бродови покажувале едно прогресивно намалување на вкупната тонажа.

Италија преку Солунското пристаниште покрај со Македонија намеравала да ги насочи своите трговски операции и со Србија Затоа таа и давала значење на железниците за директната италијанска трговија со Србија преку Солун.

Кармело Мелиа констатирал дека тогаш имало мала согласност за испраќање на италијански стоки преку Австро-Унгарија (преку Риека) за Србија. Кармело Мелиа го земал предвид и тоа дека наемнините биле релативно ниски и попустливи и дека Солун не стоел далеку од Белград, растојанието меѓу двата градови изнесувало 696 километри, италијанските трговци можеле да се ползуваат од погодноста преку Солун за извозот во Србија.

Италијанското друштво за општо поморство ( Florio-Rubattino) ќе морало потоа да комбинира мешани поморско-железнички услуги со снижени тарифи на истите ниски од оние кои биле установени од Австрискиот Лојд ( Lloyd) и од Германската источна линија (Deutche Levante-Linie) со источните железници за австриските и германските стоки.[285)]

Од сето досега изложеното за пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште може да се констатира дека тие придонесувале за зголемување на трговската размена меѓу Македонија и Италија и покрај укажаните недостатоци како малата тонажа на италијанските бродови и нивното несубвенционирање од страна на италијанската влада за извршуваните услуги во областа на поморскиот превоз на разни стоки.

# ГЛАВА III

## ДИПЛОМАТСКИТЕ ОДНОСИ НА ИТАЛИЈА И ТУРЦИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ ЗА МАКЕДОНИЈА

### 1. Создавањето на Италијанската држава

Се до обединувањето на Италија не постоела единствена италијанска држава што ќе ја опфаќала територијата на цела Италија. Територијата на Италија била подчинета од силата на двете големи северни држави Франција и Австрија и била разделена меѓу неколкуте Бурбонски и Хабзбуршки кнежевства.

Голем удел во раздвижувањето на борбата против австриската власт дал Мацини кој го основал "Младоиталијанското движење" кое привлекло во своите редови многу привrзаници.

Во револуционерната 1848 година, италијанската буржоазија во политички расцепканата територија се борела за обединување на земјата и преземање на политичката власт од благородништвото. Обединувањето на Италија најмногу го пречела Австрија која не само што владеела со најразвиената Ломбардиско-Венецијанска област туку имала и доминантна положба во цела Италија. Најистакнат борец за обединување на Италија бил Џузепе Гарибалди, припадник на "Млада Италија".[286]

После поразот на револуцијата од 1848 година Италија и понатаму останала распарчена. Некои делови на Италија биле под туѓинска власт. Во Северна Италија господареле Австријанците. Во Рим се наоѓала освен австриската војска, уште и француската, а исто така и наемничката швајцарска стража на папата.

Како најважна италијанска држава во периодот после 1848 година била Сардинското кралство. Во надворешната политика на

Сардинското кралство длабоко влијание извршил грофот Кавур (1810-1861 година). Во текот на 1852 година станал премиер на владата на Сардинското кралство, и како таков Кавур имал можност да ја креира надворешната политика на Сардинското кралство.

Надворешната политика на владата на Кавур имала за цел привлекување на сојузници на страната на Сардинското кралство за постигнување на обединување на Италија во кругот на пиемонтската монархија.

Сардинското кралство во времето на Кримската војна 1853-1856 година се присоединило кон сојузот на западните држави во војната против Русија. Ова било сторено со надеж дека како компензација за учеството на Сардинското кралство во војната ќе биде решено италијанското прашање.

Учеството на Сардинското кралство во Кримската војна како сојузник на Франција му овозможило на Кавур да потпише договор со Наполеон III. Во јануари 1859 година бил потпишан тајниот договор за сојуз меѓу Сардинското кралство и Франција. Согласно договорот после победата над Австрија Сардинското кралство би ја добило Ломбардо-Венецијанската област и во компензација за тоа ги отстапувало на Франција Савоја и Ница.

Во текот на воените операции кои што отпочнале на 29 април 1859 година сојузената армија на Сардинското кралство и на Франција им нанела решавачки пораз на австриските војски.

Меѓутоа на 11 јули во Вилафранка е постигнат договор за примирје меѓу Франција и Австрија. Согласно на примирјето, утврдено потоа со Циришкиот мировен договор од 1859 година, Италија останала раздробена.

Виктор Емануел II, на условите од горниот миро-

вен договор се согласил, но претседателот на владата Кавур дал оставка во знак на протест.

Кон пролетта на 1860 година Ломбардија и државите на Централна Италија биле присоединети кон Сардинското кралство. Била создадена силна италијанска држава. Таа сеуште не се јавувала како општонационална држава,X но не било веќе старото Сардинско кралство: обединувањето на државата внело своја струја во неговиот општествен живот и многу се видоизменило не само во административното устројство на земјата.

На 27 јануари 1861 година биле одржани избори за италијанскиот парламент. Новиот парламент го примил законот за создавање на Италијанското кралство и прогласување на Виктор Емануел II за крал на Италија (на 17 март 1861 година). Италијанското кралство било прогласено во Торино.

Во резултат на војната и револуцијата од 1859-1860 година Италија во основа била обединета. Сепак недостаточната организираност на демократските сили, слабото учество на селанството во револуцијата, колебањата на водачите на републиканската буржоазија ја обусловиле незавршеноста на револуцијата. Решавачка улога во обединувањето на земјата одиграла борбата на народните маси, раководена од револуционерните елементи на буржоазијата, на кои највидни претставители биле Мацини и Гарибалди.

Огромна улога одиграл походот на гарибалдиевата "Илјада" организиран од демократите. Експедицијата на Гарибалди на Југот на Италија се јавила како најкрупно истапување на народните маси во нивната борба за обединување на Италија по револуционерен пат. Во тој поход се обединиле антифеудалните демократските сили на сите италијански држави. Ако дејците на демократското движење не би

пошле на таа решавачка битка за обединување и независност Италија надолго би останала раздробена.[287)]

II. Завршување на обединувањето на Италија

Умерените либерали, кои што биле на власт во Сардинското кралство до обединувањето, ја зачувале власта и во новото кралство. Нивната групировка влегла во историјата под име "десна". Левото крило на умерените либерали и дел од бившите демократи, кои што составувале во парламентот одделна групировка, го добиле името "лева". На 6 јуни 1861 година умрел Кавур и него го заменил Бетино Риказоли, кој што припаѓал на "десната"групировка на политичките кругови во италијанскиот парламент. Сите влади, често сменувајќи ја едната другата во 60-тите години,припаѓале кон таа групировка, која владеела 15 години.

Надвор од Италијанското кралство останале Венецијанската област и Рим,кој останал под папска власт со еден дел од Црковната област. За младото Италијанско кралство било од големо значење присоединувањето на Рим, како природна престолнина на Италија.

Во 1862 година Гарибалди на своја одговорност опремил експедиција од две илјади луѓе со цел да го завземе Рим. Тој се искрцал на јужниот дел на полуостровот, но таму го задржала војската на Виктор Емануел, кој тоа го направил заради тоа што Наполеон III отворено му запретил.

Не гледајки на неуспехот, аспромонтскиот поход одиграл значителна улога, влијаејки на борбата која што следела за завршување на обединувањето на Италија. Говорејки за значењето на аспромонтскиот поход, Мацини забележа, дека му покажал на целиот

свет, дека во Италија не се прекратувала революционерната борба дотогаш, ~~xxx~~ додека Рим не постанел Италијански.

Владите во овој период т.е. во текот на 60-тите години често се менувале ( за 9 години 9 пати се менувал составот на владата), и тие влегле во историјата под името "консортерија", т.е. "група". Таа "консортерија", составена од тесен круг на десните либерали барала поддршка од Наполеон III. Во 1864 година меѓу Италија и Франција бил потпишан договор-така~~xxxxxxxxx~~ наречена Септемвриска конвенција. Согласно тој договор, Италија презела на себе обврска да се ~~xxxxxxxx~~ придржува на неприкосновеноста на Папската држава, а исто така да ја заштитува неа со воена сила од секој напад имајќи ја во вид возможноста на нов поход на патриотите за ослободување на Рим. Со тајниот параграф владата на Италија му дала на Наполеон III гаранција, дека таа немала никогаш да претендира на Рим како на седиште.

Во 1865 година седиштето на Италија било пренесено од Торино во Фиренца.

Меѓународната положба во овој период за решавање на римското и венецијанското прашање постанала благопријатна за Италија.

Во овој период доаѓа до зближување на Италија и Прусија, ~~x~~ кое што после долготрајни преговори довело до заклучување тајно согласување на 8 април 1866 година во Берлин меѓу двете земји т.е. Италија и Прусија.

Според ова согласување во случај на војна меѓу Прусија и Австрија Италија и објавувала војна на Австрија. Страните се обврзале да не ги прекратуваат воените дејствија дотогаш, додека Италија не ја добиела Венеција, а Прусија-територии со еднаква

вредност во Германија, а исто така да не заклучуваат сепаратен мир.

Војната почнала и на 24 јуни италијанската армија под командата на генералот Ла Мармора претрпела тежок пораз во битката кај Кустоца, додека пак на 3 јули 1866 година австриската армија била разбиена од пруските војски во судирањето при Садова. Со посредништво на Наполеон III на 26 јули Прусија без согласување со Италија заклучила со Австрија, прелиминарен мир, по кој, посебно Австрија и ја отстапувала на Франција Венеција, а Франција се согласувала да ја предаде Венеција на Италија.

Треба да се спомене дека договорот меѓу Прусија и Австрија, заклучен зад грбот на Италија, предизвикал возбудување на Италијанците.

Дури либералите негодувале, и некои од нив барале продолжување на војната. Гарибалди и сите дејци на демократското движење откажувале да го признаат тоа согласување: италијанските патриоти не сакале да ја примат Венеција во својство "на дар" на Наполеон III. Низ земјата се пренесле бранови на демонстрации во врска со договорот меѓу Прусија и Австрија и се што произлегувало од тоа. Но да се победело во војната со Австрија Италија би требала да ги мобилизира сите сили на нацијата. Сепак токму тоа владеачките кругови не го сакале. Тие најповеќе од се се плашеле од учеството во војната на народните сили и затоа го ограничиле дејството на корпусот на доброволците под командата на Гарибалди-единствената италијанска единица која одржала победа во војната од 1866 година.

Во август било заклучено примирјето меѓу Италија и Австрија, и на 3 октомври во Виена бил потпишан мировниот договор, по кој Австрија и ја отстапувала Венецијанската област на

Наполеон III, а тој неа ја предавал на Италија. После плебисцитот, спроведен во Венецијанската област на 21 октомври, таа била присоединета кон Италија.

И понатаму продолжиле напорите за освојувањето на Рим. Така при обидот за освојувањето на Рим во 1867 година гарибалдинците биле поразени при Ментана.

Во 1870 година, после поразот кој на Франција и го нанела војската на Северногерманскиот сојуз италијанските доброволци и војската на Виктор Емануел користејќи се со тешката положба на Франција и нејзината неспособност да пружи помош на папата, стапиле во Рим не сретнувајки скоро никакво спротивставување (на 20 септември 1870 година). Световната власт на папата била симната, а територијата на Папската држава, после плебисцитот од 2 октомври, присоединета кон Италијанското кралство.

Во 1871 година престолнината на Италија била пренесена во Рим. Создавањето на Италијанската национална држава завршило.

Италија станала конституциона монархија, закрепувајки го блокот на побуржоазените големопоседници со крупната буржоазија.

Создавањето на единствена италијанска држава имало големо значење за движењето на италијанскиот народ по патот на прогресот. Бил создаден национален пазар, што стимулирало на развитокот на капитализмот.[288)]

## III. Италија од 1870 до 1903 година и нејзината надворешна политика

Со присоединувањето на Рим во 1870 година се завршила борбата за единството на Италија. Со самото тоа завршила цела епоха на буржоаско-националните движења, револуции и војни. Земјата оттогаш влегла во нова фаза на својот историски развиток.

Внатрешните политички односи давале одраз и во надворешната политика на Италија.

Отворената во предвечерието на империјалистичката епоха ожесточена борба за територијалното разделување на светот ја побудила италијанската буржоазија почнувајки од крајот на 70-тите години да ја активира својата надворешна политика. Од друга страна, неа ја туркала самата нејзина неспособност да ги разреши ред проблеми на внатрешниот живот на земјата, кои станувале се поостри.

Активната надворешна политика, насочена кон создавање на опширна колонијална империја, станувала во очите на господаречките класи не само прашање на "националниот престиж, но и средство да си ги осигури своите социјални привилегии."

За осуштествување на повеќе или помалку широката програма на колонијалната експанзија веќе не одговарала спроведуваната при "десната" политика на "чисти раце", со тоа што италијанската буржоазија не се излагала на опасност да стапи на тој пат сама, без помош на посилен партнер. Од европските држави најпогоден за Италија сојузник во борбата за колонии можела да стане Германија, преживувајки после националното обединување период на бурен економски раст и се повеќе безобзирно барајки за себе "место под сонцето". Ориентацијата на италијанската надворешна политика на

Германија ја олеснувала и понатамошното влошување на односите меѓу Италија и Франција на основа на нивното соперништво во претензиите на Тунис, а исто така заемното исползување од нив на протекционистичките мерки.

Меѓутоа на италијанско-германското зближување пречеле острите противоречности меѓу Италија и Австро-Унгарија која од 1879 година била сврзана со Германија со сојузнички односи. Тие се појавиле уште во епохата на Ризорцименто, кога Италија мораше да го завојува своето единство и независност во упорната борба против Хабзбуршката империја. Во втората половина на 70-тите години се појавило цело политичко течение, сметајќи ја таа борба за незавршена и барајќи присоединување кон Италија на Трст и Јужен Тирол (Трентино).[289]

Заземањето на Тунис од ж страна на Франција XXXXXX (1881 година) му нанесло тежок удар по плановите за експанзија на Италија во Северна Африка и надолго ја оттурнала од нејзината "латинска сестра". Стоејќи на власт од јуни 1879 година вториот кабинет на Каироли бил принуден да даде оставка. Должноста премиер повторно ја зел Депретис, познат по своите прогермански симпатии. Тој го завршил превратот во надворешната политика на Италија во страната на централните држави: на 20 мај 1882 година Италија потпишала со Германија и Австро-Унгарија договор, оформувајќи го создавањето на Тројниот сојуз.

Со договорот за Тројниот сојуз Австро-Унгарија не можела да ја нападне Италија, а додека на Берлинскиот конгрес Италија не значела многу, дотогаш во 1882 година постанала голема сила. Иако Италија не добила обезбедување за својата престолнина Рим , сепак барем го засилила своето влијание во сојузот.

Кон 80-тите години се однесувале првите чекори на Италија на поприштето на колонијалната експанзија во Африка -на побережјето на Црвеното море.

На 20 февруари 1887 година, Договорот од 1882 година е продолжен до 1892 година; двете централни сили Австро-Унгарија и Германија направиле засебни договори со својот сојузник.

Австро-Унгарија и Италија се биле договориле нарочито за Истокот. "Австрија и Италија сакајки да ја одржат сегашната положба на Истокот, ќе се грижат да се спречи секоја промена која би била на штета на договорничката. Но ако во текот на настаните постане таа положба неиздржлива на Балканот или на отоманските брегови, и ако, или некоја трета сила или инаку некој настан изврши промена, едната страна најде да треба да се изврши стална или привремена окупација, оваа после ќе направи договор а на основа на взаемни територијални и други отстапувања.[290]

Во исто време Англија и Италија сакале да бреговите на Црното, Егејското и Јадранското Море, како и северниот брег на Африка, останат во исти раце. Ако би некаков несреќен настан довел до тоа да таа положба не можела да се одржи, двете страни сакале да ниедна трета држава не стави рака на тие брегови.

Пред крајот на 1887 година, Италија, Австро-Унгарија и Англија се зближиле уште поарно. На 12 декември Австро-Унгарија и го предложила на Англија вториот договор за Средоземното море. "Австрија и Италија, - стои во нотата, - се договориле да се предложи ова што следува и ги обележат начелата и држењето на трите сили: (1) Одржување на мирот. (2) Status quo на Истокот на основа договорот. (3) Зачувување на месните автономии утврдени со договорите. (4) Независност на Турција како чувар на важните европски

интереси и брана од секое премоќно туѓо влијание."[291)]

Во наредниот период покрај интересирањето на Италија за Балканскиот Полуостров продолжува нејзиното засилено продирање во Африка. Во 1896 година доаѓа до сукоб меѓу Италија и Абисинија. Кај Адуа Италијанците биле победени, а со тоа Италијанците "да освојуваат и завладуваат во Абисинија" прекинале за долго со својата политика на завојувања.

По ова Италија повеќе се заинтересирала за Балканскиот Полуостров. На 24 октомври 1896 година италијанскиот престолонаследник Виктор Емануел се оженил со црногорската принцеза Елена, со што италијанскиот кралски дом го довел не само во родбински врски со рускиот царски двор, туку го зајакнал интересот на Италија за балканските прашања воопшто, а посебно за Албанија.

За таквата надворешна политика што била водена од страна на Италија секако дека имало големо влијание и внатрешниот економски развиток. Тоа е времето на прераснувањето на домонополистичкиот капитализам во империјализам.

Со стапувањето на Италија во XX век се откривала новата етапа во нејзиниот историски развиток. Подготвена во претходните десетолетија, таа се совпаднала во времето со почетокот на новата епоха на светската историја - епохата на империјализмот.

Прераснувањето на капитализмот во неговата монополистичка фаза, разгореното соперништво на големите држави кои се стремеле за конечна поделба и повторна делба на светот, остро заострување на класните противоречности во одделните земји и уште невидено усвитување на борбата меѓу трудот и капиталот - таква била меѓународната клима, во која во Италија созревале економските и политичките процеси, се јавува неопходност од остра пресвртница во општествениот живот.

Во ова време економскиот развиток на Италија одел со засилено темпо. Индустријализацијата на земјата одела така стремително и бурно, што некои историчари ја нарекле неа "индустриска револуција во Италија".

Инаку во почетокот на XX век надворешно политичкиот курс на владата т.е. на кабинетот на Занардели бил нејасен и колеблив. Со доаѓањето на овој кабинет на власт во Италија лавирајки меѓу Тројниот сојуз (во рамките на кој тешко било да се преодолеат нејзините противоречности со Австро-Унгарија) и другите големи држави, се порешително почнала да се зближува со последните. Во јуни 1902 година согласувајки се да го возобнови договорот за Тројниот сојуз, Италија истовремена заклучила согласност со Франција (која што останала во тајна до 1 ноември истата таа година), која формално не противречила на Тројниот сојуз, сепак фактички се сведувало на немање на обврски на Италија по однос кон нејзините сојузници. (По условите на таа согласност, Италија се обврзувала да се придржува кон "строга неуталност " во случај ако Франција се изложела на напад или ако таа како последица на отворено предизвикување се покаже принудена да објави војна). Исто така не случајно, што првата посета, која, согласно на традицијата, младиот крал ја извршил на странските држави, го донела во Петроград, бидејки Италијанското кралство се стремело да воспостави цврсти пријателски односи со Русија. Во тоа исто време од страна на Италија, а исто така и Англија била пројавена готовност за закрепување на односите меѓу двете земји, што, во поединости било посведочено за време на посетата на Рим од страна на Едвард VII напролетта 1903 година. На тој пат италијанските владеачки кругови се надевале успешно се на се да ги реализираат плановите за експанзија, сврзани со Балканскиот Полуостров,

каде како главен објект на нивните стремежи се јавувала Албанија.

Напролетта 1903 година не само во владеачките свери, но и во блиските кон нив политички кругови се засилило недоверието кон австриската сојузничка, во која не без основа го гледале главниот противник на проникнувањето на Италија на Балканот. Во парламентот и во полуофицијалниот печат се изразувало беспокојство и раздразнување по повод настапувачката надворешна политика на Австро-Унгарија и решително се поставило прашањето за компензација која би следувала да ја добие Италија во случај на раширување на австриските владенија. При тоа токму толку решително и без заобиколување станувало збор за италијанските претензии на Јадранското побережје. Во времето на посетата на Рим од страна на кајзерот Вилхелм II во мај 1903 година Виктор Емануел III подвлекол, дека "Италија не можела да позволи на некоја друга држава, а посебно не на Австро-Унгарија да се утврди во Албанија. Нејзиното истоварување во Валона, одделена само со тесен морски појас од италијанското побережје, би означувало крај на италијанската династија."[292)]

Покрај односите на Италија со Австро-Унгарија, дипломатските компликации се назревале и на другиот надворешно-политички дел. Важен елемент на италијанската надворешна политика бил, како веќе е забележано, зближување со царска Русија, што го обусловувало пред се италијанско-австриските противоречности. Во изјавите на италијанските официјални лица непроменливо се потцртувала желбата да се зацврстат односите со Русија, што, впрочем, сретнувало благопријатен отклик во Петроград.[293)]

Како што видовме погоре на мерките на Италија во однос на Балканскиот Полуостров наоѓале на спротивставување кај

останатите големи сили а особено кај нејзината сојузничка Австро-Унгарија. Сепак повиците кон активна колонијална политика која што била нарекувана "политика на енергија и завојувања" се содржеле во многу говори и статии на националистите. Тие повици се наоѓале веќе во нивниот прв печатен орган " Il regno" ("Кралство"), почнувајќи да излегува во Фиренца во 1903 година. Особено интересна била публикуваната во весникот статијата на Е. Корадини "Записка за експанзионизмот". Авторот изјавувал дека, италијанската индустрија и трговија биле уште недостаточно развиени, за да би биле економски заинтересирани во колонијалната експанзија.

Разбирајки се тоа, дека Италија економски слаба и заостаната, го побудувало Корадини да бара вооружено зафаќање на колонии. "Почитувајки ја состојбата на италијанската индустрија, - пишувал тој, - следува да се признае, дека најдобра естетсвена форма на експанзија за Италија се јавува во сегашното време xxxjxxxx територијалната експанзија по пат на завојувања. Тоа значи, дека територијалната експанзија била должна да претходи на индустриската и трговската а не обратно", со други зборови,завојувањата на колонии било должно да создаде благопријатни услови и претпоставки за нејзината економска експлоатација.[294)]

Од сето xxxx погоре кажаното може да се констатира дека италијанската надворешна политика бележела кон крајот на XIX и почетокот на XX век изразита активност по сите прашања што го интересирале Италијанското кралство. Таа покажала особен интерес кон нејзините источни соседи. Поконкретно нас не интересираат нејзините односи со Турција во склопот на Источното прашање а особено за ставот на италијанската политика спрема Македонија во периодот од конечното обединување на Италија во 1870 година па се до Илинденското востание во 1903 година.

## IV. Односите на Италија со Турција во периодот од 1861-1870 г

### 1. Плановите на Италија и положбата на словенските народи под власта на Османската империја

Се до своето обединување во една единствена држава Италија се наоѓала расцепкана и затоа можат да се констатираат односи само меѓу поголемите италијански држави и Османската империја како напр. Венеција до нејзиното постоење во 1797 година, Неаполското кралство и некои други.

Османската империја во овој период навлегува во се поголеми внатрешни тешкотии поради се позасилените истапувања на поробените народи а и поради самата криза што ја преживувал самиот феудален систем во Османската империја.

Во рамките на активностите на националноослободителното движење во Италија во периодот на борбите за создавање на една обединета италијанска држава како напр. барањата за добивање на Рим за престолнина и присоединувањето на Венеција и др. одредено место им било наменето како на оние народи што биле под власта на Австриската а подоцна на Австро-Унгарската империја а исто така и на оние што биле под власта на Османската империја.

Познато е дека уште во времето на припремите за војната со Австрија сардинската влада и Наполеон III имале планови за искористување на ослободителните движења на Унгарците, Полјаците и јужнословенските народи како би се Австрија што повеќе ослабила. Примирјето во Вилафранка ги пресекло сите тие планови. Тие пак се обновени дури покасно, само што, поради се поголемото зближување на австриската влада и унгарската опозција, тежиштето со време се преместило на балканските христијани. Со овие планови се одело кон тоа да со помош на словенските народи под власта на

Отоманската империја се држи во шах Австрија, евентуално да се предизвика побуна на нејзините граничарски полкови и создаде можност да нејзе и се додели накнада во вид на Босна ако Венеција ја отстапи на Италија. Радикално решение на Источното прашање, и тоа уште со примена на начелото на народноста, практично не ни доаѓало во предвид заради империјалистичките интереси на Русија и Англија спрема Турција.[295)] Со ова се разбира, не сакало да се рече дека поединците кои учествувале во одржувањето на врските со христијанските народи не биле во најголем број случаеви искрени револуционери кои своите задачи ги обавувале верувајќи дека го помагаат ослободувањето на балканските народи.[296)]

Впрочем за активностите на познатите италијански револуционери Гарибалди и Мацини е споменато во Уводот на нашата работа. Главно го истакнуваме нивниот став дека ослободувањето на потчинетите словенски народи под власта на Османската империја можело да се изврши само со помош на нивната сопствена сила а и братството и помошта што им ја ветувале тие.[297)]

Наспроти на ставовите, на погледите на поедините италијански револуционери во однос на соработката со ослободителните движења на балканските народи посебно со југословенските народи можеме да констатираме и за ставовите на официјалните италијански влади во однос на положбата во Отоманската империја.

2. Односите меѓу Италија и Турција во периодот 1861-1870 година според извештаите на италијанските дипломатски претставници во Турција и ослободените балкански држави

За да можеме да проследиме еден континуитет во италијанско-турските односи после Обединувањето на Италија во 1870 година накратко ќе осврниме на тоа кои биле главните прашања

што ги опфаќале овие односи во периодот од 1861-1870 година.

Уште со самото конституирање на Италијанското кралство во 1861 година имало свој конзулат во Цариград преку кој министерството за надворешни работи било известувано за разните настани во Отоманската империја. Но треба да се констатира дека во испраќаните извештаи воглавно не се среќаваат критички осврти спрема самите настани.

Од свои соображенија италијанските дипломатски претставници во своите извештаи посебно место им посветувале на развојот на унијатското движење во почетокот на 60-тите години на XIX век а како главни поттикнувачи на ова движење се споменуваат француската амбасада во Цариград и мисијата на лазаристите во овој град. Покрај ова тие обрнувале внимание и на настојувањата за создавање на независна црква одвоена од Грчката Патријаршија. Според горенаведените извештаи настојувањата за гореспомената цел биле потпомагани од рускиот конзул во Пловдив Најден Геров. 298)

Посебно треба да се одбележи за ангажирањето на италијанските дипломатски претставници во заштитата на интересите на своите поданици во Отоманската империја. Имајки го предвид тоа дека голем дел на еврејското население во Солун всушност имало италијанско поданство италијанската влада му посветувала посебно внимание во решавањето на некои негови проблеми. Така во еден извештај, на генералниот конзул на Италија за Македонија и Тесалија Fernandez, од Солун од 3 септември 1867 година пишувал за тоа дека Еврејското училиште во тој град било претворено во Италијанско кралско училиште. Од своја страна италијанската влада дала 500 италијански лири наиме помош за тн. Институт за образование односно на Комитетот што управувал со еврејското училиште во Солун.

Во знак на благодарност ова училиште го променило името во "Италијанско кралско училиште". Fernandez посебно го истакнува значењето на ова училиште за италијанската колонија во Солун и нејзиниот прогрес а со поддршката на италијанската влада се настојувало да се помагаат со доделените средства децата на бедните италијански поданици во трошоците за нивното образование. Исто така се настојувало да се испратат учебници од Италија за бедните ученици и овие да бидат опфатени во што поголем број во горенаведеното училиште.[299] Инаку во подоцнешното излагање на нашата материја поделално ќе се осврниме на оваа проблематика која била актуелна и предизвикувала значително ангажирање на Италија во решавањето на проблемите на својата колонија во Солун и во периодот после 1870 година.

Иако и самата Италија во периодот до 1870 година се наоѓала во фаза на постојано внатрешно раздвижување за остварување на својата конечна цел обединување на сите италијански земји во една единствена обединета италијанска држава, таа преку известаите на своите дипломатски претставници во Турција му посветувала значајно внимание на раздвижувањето на разните народи во Отоманската империја. Така во својот поверлив извештај од Солун од 15 декември 1862 година италијанскиот конзул Fernandez осврнувајќи се историски на различните востанија во Босна, Херцеговина, Црна Гора, Србија вели дека сите биле лишени од единствена и комбинирана акција. Затоа тој ги советувал Словените, тој тука ги подразбирал сите јужнословенски народи што биле под турска власт, Албанците и Грците да се држат подготвени и да се вооружуваат, затоа што Турција како организирана сила можела да ги победи и обузда изолираните движења, но не ќе била во состојба истото да го направи кога сите ќе се

подигнеле заедно и дека општото востание кое би било и добро организирано сериозно ќе се одразело на интегритетот на Отоманската империја која што според зборовите на Фернандез веќе се наоѓала во полна декаденција. На крајот ги повикувал потчинетите народи под турска власт да бидат единствени и сложни за да можат да ги остварат своите цели за ослободување од турската власт.[300]

Во склопот на гореизнесеното во врска со раздвижувањето на разните народи во Турција, често пати италијанските претставници, било во самата неа или надвор од нејзините граници, ја советувале италијанската влада за тоа каква политика и погодува на Италија сообразно на дадените околности. Во своите извештаи тие изложувале свои концепции во кои биле опфаќани како народите кои биле под власта на Турција така и надвор од нејзините граници. Така Италија не би требала да посакува Босна и Херцеговина да паднеле во влијателната свера на Австрија. Италија во принцип а исто така и во нејзин интерес било да посакува преродба на населението од словенско потекло, вообичаен назив кои што го употребувале италијанските дипломатски претставници за сите јужнословенски народи, од латинско и грчко потекло на Истокот и според истите принципи и исти от интерес немоќна Турција не можела повеќе да биде една добра сојузничка за Италија.

Но исто така се нагласува дека низата околности овозможувале руското, француското, англиското и пруското влијание да го надвладее италијанското влијание кај горенаведеното население но и покрај ваквиот заклучок, од страна на генералниот конзул на Италија во Србија St. Scovasso се инсистирало дека Јадранското Море требало да биде исклучително италијанско море. Но тоа Италија не можела да го оствари ако Австрија успеела да ја завладее

Босна и Херцеговина, зголемувајки ги така своите непосредни владенија во Далмација а ќе се приближела и на Албанија. Сето тоа Австрија ќе го остварела сметал горецитираниот St. Scovasso ако словенеските народи не се подигнеле со политичкиот живот обединети само во едно кралство.

Поеминентните политички луѓе на Србија и Србите воопшто продолжува понатаму St. Scovasso сакале зајакнување на Италија, тие сакале таа да биде силна зошто јасно го согледувааа тоа дека Италија навистина била природно најнезаинтересиран пријател и сојузник на Србија а исто така требала да биде на тогаш замисленото создавање на Југословенското кралство и Дунавска конфедерација.

Италија продолжува понатаму St. Scovasso не ќе требала да покажува амбиции на Архипелагот ниту во Далмација зошто ќе бидат погубни за односите со овие народи.[301]

Италијанската влада му посветувала големо внимание на политичкото поведение кое требало да се следи на Истокот. Во еден извештај на генералниот конзул на Италија во Солун Фернандез од 29 март 1868 година се гледа дека тогашниот претседател на Советот на министрите на италијанската влада а во истото време и италијански министер за надворешни работи генералот гроф Menabrea им упатил на своите дипломатски претставници упатсва каде детално се развиени нормите на политичкото поведение, кои италијанската влада мислела да ги следи од тој момент за натаму на Истокот.

Италијанскиот конзул во Солун Фернандез ги проучувал со најсериозно внимание инструкциите кои што му биле испратени од италијанската влада и заклучува дека обележените норми одговарале на линијата на поведение која дотогаш била следена,

оставајки на неговите колеги од Франција и Русија да се вметнуваат во прашањата од политичко-религиозен карактер кои што се однесувале на христијаните, а акцијата на италијанскиот конзул се ограничувала исто како и онаа на англискиот конзул во давање на совети според потребата на околностите и како што се одбележува понатаму во извештајот речиси секогаш биле прифаќани од надлежните турски власти бидејќи со таквите меѓусебни односи се создавала една активна соработка во развитокот на локалните економски интереси корисни за вршењето на трговските работи на италијанските поданици. Ретко кога италијанскиот конзул во Солун морал да бара подршка од италијанското пратенииштво во Цариград за заштитата на трговските и личните права на италијанските поданици. Фернандез се залагал таквото политичко поведение да продолжи и за понатаму.[302)]

И покрај зафатеноста на Италија со своите внатрешни прашања таа сепак настојувала во однос на проблемите кои ги тангирале другите големи сили во врска со положбата во Турција да заземе една позиција која се согласувала на тогашните нејзини можности и во сите прилики и при конференциите кои биле организирани од страна на турските власти во Солун и на кои биле поканувани конзулите на големите сили. На овие конференции, каде што се разгледувале материи од интернационален интерес, исто земал учество и италијанскиот конзул во Солун и дека во сите прилики еднакво истапувал со свои становишта по одредени прашања како и конзулите на Франција, Австрија, Англија и Русија.[303)]

По конечното обединување на Италија во 1870 година се среќаваме со нови моменти кои ќе влијаат на односите помеѓу Италија и Турција.

## V. Односите помеѓу Италија и Турција во периодот од 1870 до 1903 година

Обединувањето на Италија во 1870 година во една единствена држава и овозможило поактивно вклучување во тековите на надворешно-политичките односи покрај со другите земји исто така и со Турција. Во истото време се заострило и прашањето за опстанокот на Отоманската империја. Низ призмата на односите на Италија со останатите големи сили подолу ќе ги проследиме италијанско-турскит односи во периодот од 1870 до 1903 година.

Во првите години по конечното обединување на Италија таа поради внатрешните проблеми не можела да се ориентира поактивно на Истокот. Тоа најочигледно се забележало во времето на тн Источна криза 1875-1878 година. Во врска со настаните во Босна и Херцеговина во 1875 година т.е. Босанско и Херцеговското востание Scipione Gemma во својот труд Storia dei trattati 1815-1948, издаден во Фиренца 1949 година вели: "Италија и Франција немале еден директен интерес во работата (во врска со овие настани б.м.) и ги одобриле без услови предлозите на канцеларот на Австриското император согласени помеѓу трите дворови од север, пред да бидат презентирани на Портата биле дадени на увид на другите европски сили во врска со тогашната ситуација во Турција."

Во навечерието на Берлинскиот конгрес од 1878 година кој се одржувал во врска со настаните сврзани со Сан Стефанскиот мировен договор склучен меѓу Русија и Турција со кој се предвидувало создавање на тн. Сан-Стефанска Бугарија во која ќе влегувала и цела Македонија, на кој се извршило ревизија на Сан Стефанскиот мировен договор од 1878 година авторот на горецитираниот труд вели за ставовите на Италија исто како и на Франција дека тие

не биле директно заинтересирани во непосредните прашања но двете морале или барем имале потреба да си ја осигураат иднината.

Инаку Берлинскиот договор потпишан на 13 јули 1878 година од страна на Италија го xxxxx потпишале X Corti i De Launay.

Во врска со решенијата донесени со Берлинскиот мировен договор Scipione Gemma вели: "Италија не барала за себе и не постигнала ништо, за кое имало во внатрешноста остри прекори и незаслужни ... Специфичната неподготвеност се усложнувала со паѓањето на десницата (на 18 март 1876) и со напаѓање на луѓето повеќе способни за внатрешни парламентарни полемики отколку за големите меѓународни борби.

Овие луѓе погрешно мислеле, продолжува понатаму Scipione Gemma, дека Берлинскиот конгрес имал за цел да расправа за области и работи кои не ја интересирале Италија. Заборавале дека за иста ваква работа може да се рече и во Париз во '56 (1856 б.м.- Парискиот мировен договор во врска со Кримската војна во која учествувало и Сардинското кралство на страна на сојузниците од Западна Европа); но таму бил еден Кавур кој знаел добро од Кримските работи да извлече полза за работите на Италија. Овде ништо."304)

Италија не го добила Тунис на Берлинскиот конгрес иако го прижелкувала.

"... На страна гаранцијата за идните надополнувања можела барем Италија да земе една смела иницијатива во корист на поопштите и повозвишени интереси, можеше и требаше да ги заштитува и распростира овие принципи во името на кои била произлезена, требаше да подаде на разумот на измачените народи за оформување на сопствената националност, требаше во силниот шум од толку амбиции,

да се слушне еден непристрасен глас кој ќе ги потсетуваше државите на светите права на народите кои биле уште под власта на угнетувачките сили.

Тогаш сите овие народи ќе имале гледано со незадржлива симпатија.

Меѓутоа ништо; не знаела да ја следи ниту политиката на традиција ж ниту онаа на смела идеалност. Невешта во првата била несвесна во втората. Заради ова Италија излегла од конгресот со сокриен гнев од едно големо разочарување, не можејки да остане ниту во спокојна задоволеност од она што требала да го оствари на Берлинскиот конгрес."305)

Меѓутоа и покрај ваквиот став ж на самата официјална италијанска политика спрема Источната криза италијанските историчари забележувале дека кога би се правела градација на интересите на сите имплицирани држави во Источното прашање, може да се рече дека за Италија овие интереси достигнувале најголем можен интензитет. За Италија, според зборовите на, Amadori-Virgilj G., всушност решавањето на судбината на отоманските брегови ж било прашање на прво место за непосредната национална сигурност;, потоа тоа интересирање се однесувало и на нејзиниот интерес за економска експанзија и во развојот на својата зона на политичко влијание на Медитеранот. За Италија тоа не било толку едноставно за да се оствари, може да се рече според зборовите на горецитираниот историчар едно од најтешките прашања,прашањето за меѓународната рамнотежа, за важни но широки воени или економски интереси: жж За Италија тоа било вистинско и сопствено прашање за развој или за задушување на националниот организам.306)

Инаку положбата за Италија многу зависела, продоѓ

лжувал Amadori-Virgilj G., од прашањето за опстанокот на Турција, таа била зависна ж од дваата фактори едниот географски, другиот историски. Географската позиција на Италија ја подигнувала важноста за постоењето на воената опасност за окупација на бреговите на Епир и на Албанија од страна на една сила, со кое е можно (од страна на помал и поголем степен на веројатност) еден вооружен конфликт поради дадените антагонистички ж интереси во меѓународните односи. Исто така окупацијата на бреговите на Егејското море од страна на една голема сила ќе значело за Италија една воена опасност, во колку жж таквата окупација ќе го дозволувала поморскиот развој на новите сили и ќе ги подржувала комбинациите на непредвидливите сојузи кои би се дале на оваа воено-поморска рамнотежа што била дел на тогашната медитеранска ж и европска рамнотежа.

Од гледна точка на политички и економски поглед албанските, епирските и егејските брегови значеле право и можност за развивање на Истокот зона на италијанското политичко и трговско влијание: нивното окупирање од страна на една голема сила ќе имало за непосредна последица елиминација на секој економски хоризонт, губење на клиентелата, и можеби едно вистинско и сопствено задушување на италијанската активност.

Како и што порано констатиравме дури после поразот кај Адуа во Етиопија во 1896 година, Источното прашање станало за Италија национално прашање од прв ред; и сообразно на тоа постојано ја развивала својата надворешна политика преку меѓународните согласувања и сојузувања.

Но италијанските историчари вршат забелешки на оваажхх источна политика затоа што не се развивала уште со самото обединување на Италија но била развивана како важна акција на држа-

вата само после распаѓањето на нејзиниот колонијален сон.[307)]

Зголемената заинтересираност на Италија за Источно то прашање истовремено го зајакнала нејзиниот интерес за балканските прашања, а посебно за Албанија. Тоа и било разлог да на 5 и 6 ноември 1897 година се состанале во Монца (недалеку од Милано) маркизот Висконти Веноста и грофот Голуховски та усмено се договориле: "да за случај, ако би Албанија излегла од склопот на турското царство има да постани автономна (независна) држава. Тој договор дури подоцна на 20 декември 1900 година од италијанска, а на 9 февруари 1901 година од австро-унгарска страна и писмено е фиксиран во форма на разменети дипломатски ноти на двата министри за надворешни работи, а повод дале парламентарните изјави и пишувањето на италијанскиот печат, да има да се почни борбата за "другиот брег" ( l'altra sponda )[308)]

Кога започнале новите преговори за продолжување на Тројниот сојуз министерот Принети барал "да и Италија има, покрај Русија и Австро-Унгарија да учествува во средувањето на замрсеното македонско прашање, бидејќи постои оправдан страв, да би се тие двете големи сили можеле да се договорат во делбата на интересни сфери на Балканскиот Полуостров, а кога би Русија го завзела Цариград и стекнала слободен премин низ Босфорот и Дарданелите, Италија би се срозила на сила од втор ред на Средоземното море... Понатаму Принети побарал, да се и на останатите балкански земји примени принципот земен за Албанија, то ест, да и тие постанат - за случај на распаѓање на Турција - автономни(независни) држави."[309)]

И покрај ваквите настојувања на италијанската дипломатија политичките позиции на Италија во однос на Турција во дадениот момент не зајакнале. Во тој смисол италијанските публици-

сти и политички дејци често пишувале и зборувале во почетокот на XX век за тоа дека Италијанците "пристигале во Турција последни" и дека таму ним им оставиле само трошки од празната маса, на која величествено се наситувале другите држави. Во тоа не мала била улогата навистина, дека економски заостаната и слаба Италија дејствително не можела да создаде за себе во Османската империја некоја позначителна позиција.

Основните реони на италијанската експанзија во почетокот на XX век па и во првото десетилетие на истиот век биле следните делови на Османската империја-Албанија, Либија, во помала степен Сирија и Палестина.

Проникнувањето во Турција било за Италија тешка задача. Таму веќе "работеле" крупните европски банки, големите држави веќе вложиле во таа земја не една стотина милиони, прибавувајки си за себе господаречка економска и политичка положба. Тие помалку од се сакале да го пуштат одтука добиеното. Иако во Турција не гледајки на тоа, имало италијански претпријатија, тие принадлежувале воглавно на емигрантите.[310)]

Треба да се истакне дека значителен дел на италијанските поданици во Турција не биле Италијанци исто така по националност. Италијанската влада гледала во растот на италијанските колонии на Истокот средство за укрепување на своето влијание и земала во поданство многу лесно. Така напр. Италијанската колонија во Солун броела 2 илјади и петстотини луѓе. Многу биле Евреи по потекло од Ливорно.

Среде италијанските поданици во Турција биле множество левантински Евреи, Грци, Ерменци.

"Мирното проникнување" на Италија меѓутоа не

секогаш се спроведувало со мирни методи. Од почетокот на XX век италијанските воени кораби почнале често да се појавуваат во турските пристаништа, и во случај на заплашување да ги подвргнуваат на бомбардирање, ако италијанските барања не биле задоволувани. Рускиот отправник на работите во Цариград соопштувал во 1901 година, во Петроград, дека "Италијанците вовеле во систем да ја решаваат секоја спорна работа со заплашување на морска демонстрација." Се случувало да италијанските воени кораби за во некој случај исто така и да бомбардираат некоја малечка прибрежна населба, макар и да биле неколку куќи од трска.

Италијанските дипломати и политички дејци сознавајки ја слабоста на нивната земја ги побудувало да прибегнуваат особено често кон заплашување како изјавил во италијанскиот парламент еден од неговите членови, Италија, стапувајки последна во концертот на големите нации, била должна "повеќе бдително, отколк другите, да го сочува своето достоинство, и поенергично да покажува, дека таа располага со средства, да принуди да ја уважуваат."[311]

За проширување на своето влијание италијански те владеачки кругови му давале особено внимание на поштанските кан тории. Тие сметале, дека Поштата на Истокот имала огромно морално и политичко значење и дека "клиентот на поштанското одделение мног лесно можел да стане трговски клиент и политички сојузник." Поштан ските кантории, кои италијанската влада од почетокот на XX век ги отварала во различните градови на Османската империја, носеле зато не толку комерцијален, колку пропагандистички карактер. Плаќањето за услугите таму неретко се покажувало пониско, отколку на турскат пошта, а обслужувањето-подобро.[312]

Во почетокот на XX век Италија особено му посветила внимание на изградбата на железничката мрежа во Турција. Инаку изградбата на железничките линии многу придонесувала и за политичкото и економското продирање во Турција.

Во 1900 година станало извесно за намерата на Австро-Унгарија да го гради железничкиот пат од Сараево кон Митровица, кој го пресекувал Балканот од северо-запад на југо-исток. Во Митровица тој би се приклучувал на Румелијската железничка мрежа, во Сараево - со Босанската, и тогаш на располагање на Австро-Унгарија и Германија би им се укажал непосреден железнички пат "од Балтичкото до Егејското море" (или"од Берлин и Виена до Солун"). Митровичкиот железнички пат би им дал на Австријците економско и политичко преовладување во Стара Србија, Македонија вонредно би и ги засилила позициите во Албанија, би им позволила на Германија и Австро Унгарија брзо да ги пренесат во случај на потреба своите војски, не зборувајки веќе за товарите во различните реони на Османската империја.

Во Русија, Франција, Србија, Италија биле растревожени. "Во денот, кога Берлин и Виена бидат сврзани со непосреден пат со Солун, Бриндизи ќе почувствува смртоносен контраудар. Опирајки се на Солун, австро-германската дејност ќе се распространувала на Балканот, како маслена дамка на вода, ќе ја проголтала целата италијанска трговија", - пишувала римската "Трибуна". Таа ја повикувала италијанската влада "по секоја цена да го попречела тоа, за да не би австро-германската конкуренција засекогаш ја прекинела италијанската експанзија."[313)]

Во врска со проектот од страна на Србија за изградба на трансбалкански Дунавско-Јадрански железнички пат, кој бил

составен уште во 80-90 години на XIX век кој би го пресекувал Балканот од северо-исток на југо-запад,тој би ја соединил Србија со Јадранското море, а преку Романија би можело да се поврзи со Русија ако Романците би изградиле мост на Дунав, Србија се надевала да се снабди со средства во Русија, но од таму не ги добила, Белград обратил погледи кон Италија.[314)]

"Откривајки ја вратата" за проникнување во внатрешните реони на Балканскиот Полуостров на италијанските стоки и италијанското влијание, таа би станала за Италија важен адут во нејзиното соперништво со Австро-Унгарија на Балканот. Италијанскиот печат пишувал дека Дунавско-Јадранскиот пат ќе им позволел на италијанските експортери потесно да се сврзат со пазарите на Јужна Русија, ќе им позволел на италијанските поморски компании да превезуваат на своите кораби во земјите на Средоземноморието руско жито и романска нафта, доставени по Дунавско-Јадранскиот железнички пат кон прибрежјето на Јадранот. Иако изградбата на Митровичкиот железнички пат италијанското општествено мнение го примило одвај ли не како смртоносен удар по интересите на Италија, тоа за изградбата на Дунавско-Јадранскиот железнички пат на мнозина им се видел сјаен расцвет на италијанската трговска флота и италијанските јадрански пристаништа, претворање на Италија во "морски возач" во Средоземноморјето и трговски посредник помеѓу Западот и Истокот.[315)]

За пругата покажувале заинтересираност и италијанскиот министер за надворешни работи Принети и Виктор Емануел но италијанската влада немала средства и Принети го препорачувал проектот,во поединости на италијанските претприемачи. Биле водени преговори меѓу француски и италијански претприемачи за изградба на оваа пруга но не била добиена концесија од Портата за тоа.

Така беславно завршил обидот на итало-француските претприемачи да го изградат Дунавско-Јадранскиот железнички пат со сопствени сили. А во 1903-1904 година кога избувнало Илинденското востание во Македонија, а потоа и во Албанија (по чии територии бил должен да врви Дунавско-Јадранскиот железнички пат), прашањето за него воопшто било симнато од дневниот ред. Но сепак италијанското општествено мнение не сакало да се растави со многусаканата нему идеа, и во италијанскиот печат од време на време продолжувале да се јавуваат статии, кои ја докажувале важноста на Дунавско-Јадранскиот железнички пат за Италија.[316)]

Италија во почетокот на XX век не била готова за прекројување на картата на Источното Средоземноморје. Оттука стремежот на италијанскиот владеачки врв за зачувување на Балканот и на Блискиот Исток мирот и статус-квото. Раководителите на надворешната политика на Италија не еднаш истапувале со декларации на таа тема. "За Италија пожелен е не само мирот во сегашноста, но и увереност за зачувување на мирот во иднината ... Имено по тоа, дека ние би сакале да ја видиме Италија подготвена кон севозможни случајности ние сме должни да бидеме спремни, за да би прашањата што нас не тангираат, не бидат порано решени" - зборувал уште во 1900 година Висконти Веноста.[317)]

Слични мислења за италијанската политика на Балканскиот Полуостров можеме да сретнеме и кај дипломатските претставници на разните земји во Италија. Така српскиот пратеник во Рим Д-р Милован Миловановиќ му пишувал, на Павле Дениќ, министер на градежништвото и застапник на министерот за надворешни работи, на 4 април 1903 година дека "да је данашњој италијанској политици на Балканском Полуострову основа и суштина у томе: да не допусти, да

се било непосредна власт аустроугарска, било њен пресудни утицаj шире даље дуж Jадранског Мора. Ja сам такође, истом приликом, нагласио да су интереси Италиjе у питањима Балканског Полуострова толико крупни и толико актуални, да се општа спољашња политика њена и положаj њен у груписању сила европских управљаjу данас у првом реду према тим интересима, и да се њих ради Италиjа, еманципуjу и се све што више своjих ххх савезничких веза са Немачком и Аустро-Угарском, журно приближуjе Француској и преко Француске и Русиjи ..."[318])

Понатаму Миловановиќ продолжува и вели дека првата форма во коjа италиjанската политика го манифестирала своето интересирање и го утврдила своето становиште во балканските прашања било истакнувањето на албанското прашање. Италиjа се поjавила пред Европа како сила непосредно заинтересирана за Албаниjа и Албанците. Од една страна таа одсудно се изjаснила, да за судбината на Албаниjа не може да се решава и да во поглед на териториjалното статус кво во Албаниjа не можело да се менува без претходното пристанување на Италиjа. Од друга страна била отворена жива пропаганда, коjа нашла одобрување каj целиот италиjански народ, да се заснова што поjако влиjание на Италиjа меѓу Албанците и да во исто време Албанците се спремат за основање на народна албанска држава под заштита на Италиjа.[319])

Милован Миловановиќ хх уште на едно место во горецитираниот документ jа дефинирал италиjанската политика спрема Балканот. Тоj вели дека: за секоj во Италиjа, коj jа разбирал положбата и интересите на своjата татковина, тогаш било jасно да Италиjа ни по коjа цена не смеела да се впушта во освоjувачки авантури на Балканскиот Полуостров, и како италиjанската политика на Балка-

нот мора да остане на становиштето, да за себе ништо не бара, но и да не допушта да другите големи сили, а тоа посебно се однесувало на Австро-Унгарија, задржувајки го сето свое интересирање за земјата која се викала Албанија и не допуштајки да во таа земја се утврди власта или претежното австро-унгарско влијание, морала да ги напушти своите албански симпатии и своите планови со Албанците, па да бара други решенија, со кои ќе се осигура и да Албанија остане надвор од дометот на австро-унгарската власт и да во иднина засноваат или поарно да ги обноват, измеѓу нејзе и Италија оние врски, ко нејзината географска положба спрема Италија ги диктирала.[320]

Меѓутоа за разлика од ваквата политика на Италија на Балканскиот Полуостров т.е. спрема земјите на Европскиот дел од Турција сосема бил друг ставот на Италија во африканските владенија на Турција конкретно спрема Триполис. Според пишувањето на весникот "Реформи" кој го цитирал пишувањето на странскиот печа од 16 март 1902 година Италија спремала колонијале корпус од 10,000 души кој што бил предназначен за окупирање на Триполис кое што било планирано за наредното лето. Кога Италија ќе ги извршела тие воени операции против Триполис, постоел план да истовремено Бугарија, Србија и Црна Гора ќе ја нападнеле Европска Турција. Тие три балкански држави решиле да посегнат наедно на Македонија и да ја разделат помеѓу себе си. Таа таква акција ќе се подржела од Франција, Русија и Италија, кои што три сили ќе ги плателе и воените расходи. Штом воените дејствија започнеле во Европа, Италија имла намера да испрати војска и во Албанија. Меѓу францускиот пратеник во Рим и италијанските министри Zanardelli и Prinetti имало чести средби односно акциите на Франција и Италија во Триполис и Македонија. Италијанските министри би сакале да избегнат еден

конфликт со Англија, но најпосле тие не можеле да направат друго освен да отстапеле пред притисокот кој што им се правел од Франција и Италија и да ги нападнеле тие земји, без согласноста и против волјата на Англија, бидејќи, сега, таа била хххххх многу зафатена во Јужна Африка за да можела да се замеша во Триполис и Албанија.[321)]

Во периодот на се поголемото заострување на ситуацијата на Балканот италијанската влада настојувала да ги подобри своите односи со Русија. Во врска со намераваната посета на рускиот цар Никола II на Рим италијанската влада настојувала таа да се изврши затоа што во врска со разгорениот на Балканот македонски конфликт Италија тежнеејќи "кон улогата на трета, најповеќе заинтересирана држава ... во отворено соперништво со својата сојузничка" Австро-Унгарија, имала потреба од подобрување на односите со Русија Меѓутоа имено во тој период на заострување на империјалистичките противоречности на Балканот и на Далечниот Исток го обусловувало руско-австриското зближување наклонето подржано од Германија, за што недвосмислено свидетелствувала средбата на австрискиот и рускиот император во 1903 година во Мирцштег, каде што биле донесени во октомври месец истата година познатите Мирцштегски реформи во однос на Македонија а во врска со Илинденското востание од 1903 година.

Можеме да резимираме во однос на досега реченото за односите на Италија со Турција дека се карактеризирале по своите два периода ако можеме така да речеме и тоа од 1870-1896 година т.е до распаѓањето на сонот на Италија за создавање на колонијална империја и 1896-1903 година кога Италија поактивно се ангажирала во своите односи со Турција но сепак сеуште не била спремна за вооружени завојувања и во најголем број на случаи таа настојувала да се зачува статус квото на положбата во Турција.

# ГЛАВА IV

## РАЗВИВАЊЕ ИНТЕРЕСОТ НА ИТАЛИЈА КОН МАКЕДОНИЈА

### I. Различни аспекти од интересот на Италија кон Македонија

Во склопот на својата балканска политика спрема Турција во сите свои фази од создавањето на Италијанското кралство во 1861 година, па со конечното обединување во 1870 година заклучно со Илинденското востание во 1903 година Италија покажувала извесни интереси спрема Македонија во некои периоди во поголема мера а во некои периоди во помала сообразно на нејзината политика спрема Турција.

Во периодот 1861-1870 година Италија што се однесува до нејзиното интересирање за Македонија тоа во најголема мера се однесувало на стопапанско поле т.е. за увозот на земјоделски производи и тоа особено индустриските култури свилените кожурци, памукот и тутунот за своите преработувачки капацитети во Италија каде скоро во сите извештаи на нејзините дипломатски претставници имало податоци за производството на овие артикли.

Во помала мера е интересирањето на Италија за политичката положба во Македонија кое се сведувало на линијата на нејзиното интересирање за сите христијански народи кои што се наоѓале под власта на Турција. Освен во случаите кога се однесувало за едно пошироко интересирање за сите балкански народи ние во извештаите за овој период не можевме да констатираме за една конкретна политика на Италија спрема Македонија од страна на италијанските владини кругови.

Во таков поглед се движат и ставовите на италијанските демократи и револуционери Мацини и Гарибалди.

И по конечното обединување на Италија во 1870 година ние не можеме да констатираме во на нас достапните извештаи поголемо интересирање кон Македонија во склопот на италијанската политика спрема Турција. За тоа постоеле и објективни причини Италија била ангажирана со решавањето на своите внатрешни проблеми и не можела да посвети особено внимание на Источното прашање во чиј склоп се наоѓало и Македонското прашање. Тоа се видело особено за време на одржувањето на Берлинскиот конгрес каде Италија не истапила поактивно во врска со прашањата што се разгледувале на овој конгрес а за кои ние погоре се осврнавме.

И во еден од наредните поважни настани сврзани со Источното прашање а делимично и со Македонското прашање како составен дел на првото прашање т.е. ситуацијата создадена во врска со обединувањето на Кнежевството Бугарија и Источна Румелија во 1885 година и реперкусиите на македонската агитација во Бугарија а за положбата во Македонија, Италија пак водела една незаинтересирана политика. Тоа и самите нејзини дипломатски претставници во Софија го изјавувале.

Посилната активност на пропагандите на соседните балкански држави во Македонија предизвикувала значителен интерес кај италијанските дипломатски претставници во соодветните балкански држави но ние не бевме во можност да го регистрираме повеќе ставот на италијанската влада во врска со активноста на пропагандите на соседните на Македонија балкански држави.

Посебно внимание односно интересирање му е посветено на вооружените акции на бугарската пропаганда во текот на 1895 година кога навлегувале вооружени чети од Бугарија во Македонија а биле регрутирани на бугарската територија но за сето тоа покасно ќе

стане збор.

Што се однесува до последната фаза на нашиот разгледуван период можеме да констатираме зголемена заинтересираност на Италија за положбата во Македонија. Тоа е периодот на форм рањето на ВМРО во 1893 година. За првите години од дејноста на ВМР не можеме да констатираме од извештаите со кои што располагаме. Меѓутоа во годините кои што претходеле на Илинденското востание од 1903 година, 1899, 1900 па се до 1903 година можеме да забележиме во извештаите нешто повеќе за активноста и целите што си ги поставила пред себе ВМРО. Истото ова го забележуваме и во одделни публикации каде што [redacted] во склопот на Источното прашање се зборувало за Македонското прашање, за активноста на ВМРО, нејзиниот водач Гоце Делчев и друго. Во овој период го забележуваме и зголеменото интересирање на самата италијанска влада кон положбата и настаните во Македонија. Во врска со тоа се објавени ж и акти на парламентот во кои се третирало Македонското прашање, [322] а и самата италијанска влада настојувала да стане и трета најзаинтересирана сила во врска со Македонското прашање после Русија и Австро-Унгарија како што погоре констатиравме а во контекстот на изработените реформи на последните две сили а кои се однесувале во врска со положбата в Македонија. Исто така зголемено интересирање е забележано, и тоа во времето непосредно пред самото Илинденско востание во врска со положбата на македонскиот народ и крвавите репресалии на турската власт како последица на засилувањето на револуционерното движење, кај прогресивните италијански општествени кругови со создавање на разни комитети и одржување на собранија со кои се барало подобрување на положбата на македонскиот народ а и на другите народи кои се наоѓале под власта на Турција.

Од гореизнесеното во врска со интересирањето на официјалните кругови на Италија, а и на другите општествени средини, за положбата во Македонија можеме да констатираме дека тој интерес варирал во соодноc со самиот италијански став кон решавањето на Источното прашање во чиј склоп се наоѓало и Македонското прашање како негов неразделен дел. Ова интересирање со текот на времето станувало се поголемо а својот најголем интензитет го достигнало непосредно по Илинденското востание во 1903 година во времето на реформните акции на големите сили, потоа во годините по завршувањето на Првата Светска војна и тн.

II. Отворање на италијански конзулати во Македонија

За да може непосредно да се запознае положбата во одредена земја, а и заштита на своите поданици ако ги има секоја држава отвара свои дипломатски претставништва на различни нивоа. Така направила и Италија на територијата на Отоманската империја, односно нас во овој случај не интересира Македонија.[323)]

Во 1860 година за конзул на Сардинското кралство во Солун е наименуван Fernandez Salomon кој што продолжил да ја врши својата должност и по создавањето на Италијанското кралство во 1861 година.

Во периодот од 1861-1870 година се до создавањето на единствената италијанска држава имало настојувања од страна на италијанскиот конзулат во Солун да се отворат конзуларни делегации во Серес и Битола. Како причини за тоа се наведувало кога се однесувало за Серес дека тој бил главно место на провинцијата со исто име, потоа по значењето на производството на памукот од чие што количество во прилична мера како увозник се јавувала и Италија и на

крајот со тоа да би можеле да бидат заштитени трговските интереси на кралските поданици а исто така заради тоа што во овој град имале свои вице-конзулати Австрија, Русија, Англија и Грција.

Исто така како што истакнавме погоре биле поставени барања за отворање на конзуларна агенција во Битола која ќе овозможувала заштита на италијанските интереси потоа се наведувало дека Битола била седиште на независен генерален гувернер и седиште на Главниот штаб на Третиот вооружен корпус.

И покрај овие настојувања овие барања не можеле лесно да се остварат особено што се однесувало до Битола каде што заштитата на италијанските интереси била извршувана од страна на англискиот конзул.[324)]

Од извештаите на италијанските дипломатски претставници со кои што располагаме не можеме да добиеме податоци дали горенаведените барања за отворање на конзуларни агенции во Битола и Серес биле и вистински остварени.

Што се однесува до отварањето на италијански конзулати во Македонија после обединувањето на Италија во единствена држава можеме да констатираме дека барања во таа смисла се поставувале дури во почетокот на последната деценија на XIX век.

Така италијанскиот конзул во Солун Vito Finzi во еден свој извештај од 9 април 1893 година констатирал дека поради непостоењето на италијански вицеконзулат во Битола не бил апсолутно во состојба да ги известува, за положбата во овој дел на Македонија, своите претпоставени.[325)]

Истото ова го констатирал Vito Finzi и во еден друг извештај од Солун датиран од 17 април 1896 година испратен на италијанскиот амбасадор во Цариград каде што се вели дека исто така

и во Скопје немало еден директен претставник на Италија. За административните работи кога се укажувала потреба, италијанскиот конзул во Солун го замолувал од време на време австро-унгарскиот конзул во Скопје да преземел грижа. Но се напоменувало исто така дека ако се барале политички информации, италијанскиот конзул не бил во состојба брзо да известува што се случувало во Скопје бидејќи од конзулатот на Австро-Унгарија се доставувале неодредени и често контрадикторни податоци за настаните кои што се случиле надвор од Солунскиот вилает. И затоа на крајот вели дека имал потреба да располага со податоци кои што се однесувале на Северна Македонија а преку нив да може да заклучува за положбата во тој дел на Македонија.[326)]

Што се однесува до отворањето на италијанскиот конзулат во Битола односно во кој период тоа се паѓало ова можеме да го констатираме по индиректен пат т.е. преку извештајот на италијанскиот конзул во Битола O. Gaetani од 21 декември 1900 година испратен на својот министер за надворешни работи во кој што се зборувало за тоа дека италијанската влада била возбудена поради железничките линии што намеравала да ги гради Австро-Унгарија во заземените провинции и почнала живо да се интересира за албанските земји, се зборува дека италијанскиот конзулат бил основан во Битола во 1895 година. Но и покрај тоа се истакнувало дека тој конзулат до датумот на горецитираниот извештај се занимавал и бил овластен само за административни работи, но со испраќањето на еден конзуларен службеник од прва категорија повеќе ќе имало можности да се даваат информации во врска со положбата во Битолскиот вилает ако бил заинтересиран за тоа министерот за надворешни работи на Италија.[327)]

По основањето на италијанскиот конзулат во Битола продолжило да се дискутира за потребата од отворање на ист

ваков конзулат и во Скопје. Италијанскиот конзул во Битола O. Gaetani во својот извештај од 3 јануари 1901 година го известувал својот министер за надворешни работи дека по доверлив пат добил едно писмо од некој кореспондент од Скопје во кое се истакнувала потребата за основање еден италијански конзулат во овој град заради различните влијанија практикувани од рускиот и австро-унгарскиот конзул кај месното население, и каде заштитата на италијанските интереси била доверена токму на австро-унгарскиот конзулат.[328)]

Отворањето на конзулати на другите земји во Скопје ги наведувало на мислење италијанските дипломатски претставници да бараат отворање на италијански конзулат и во Скопје. Така во својот извештај од Солун од 5 декември 1901 година италијанскиот конзул V. di Revel му пишувал на својот министер за надворешни работи дека француската влада основала набрзина вице-конзулат во Скопје а за вице-конзул бил одреден дотогашниот француски вице-конзул во Битола, способна личност кој што ја имал проучено Албанија пропатувајќи ја. Спрема V. di Revel се покажувало неодложно да се следи горенаведениот пример и да се воспоставело во Скопје еден италијански вице-конзулат кој што би бил зависен од италијанскиот конзулат во Солун а како причина за основање на италијански вице-конзулат смета дека била, премногу сврзаните политички интереси со една добра служба за информации која би можела да ги надгледува тие региони за да не доаѓало до поголемо закаснување на информациите во врска со тамошната ситуација. Се нагласувало исто така дека свои конзуларни функционери во Скопје имале Австро-Унгарија, Англија, Русија, Франција, Србија и Грција и дека од отсутноста на италијанските конзуларни функционери можело да резултира со тешка штета по италијанските интереси во тие места.[329)]

Во еден разговор помеѓу италијанскиот конзул во Битола О. Gaetani и генералниот конзул на Србија Мих. Г. Ристиќ, последниот му рекол на О. Gaetani дека Франција која имала помали интереси во Албанија ја имала преминато Италија во основањето на еден конзулат во Косовскиот вилает и додал дека Србија ќе го видела со задоволство основањето на еден италијански конзулат во Скопје за урамнотежување на австриското влијание и исто така зашто тоа ќе резултирало заради тоа што од некое време тогаш се зборувало за италијанското влијание во тој регион (се мисли на Косовскиот вилает).[330]

Спрема податоците што ни ги дава Vico Mantegazza италијанскиот конзулат во Скопје бил основан кон крајот на 1902 година но наименуваниот конзул на Италија во Скопје поради болест не стапил на својата должност и отпатувал назад за Италија. "Затоа од ноември до почетокот на април, во најважните моменти, од кога се настанил во Скопје за прилагање на реформите (се мисли на реформите донесени од страна на Русија и Австро-Унгарија како најзаинтересирани меѓу големите сили за Македонското прашање) Генералниот инспектор, до почетокот на април и во текот на настаните во Митровица и атентатот над рускиот конзул, Италија не била претставувана од свој официјален дипломатски претставник."[331]

Инаку за прашањето на отворањето на италијанскиот конзулат во Скопје во на нас достапните извештаи можеме да констатираме дека првиот извештај е датиран на 23 октомври 1902 година во врска се прашањето за рускиот конзул во Митровица.

По ова исто прашање се осврнува и весникот "Право" во една своја дописка. "За да ги следи одблизу настаните во Македонија, италијанската влада решила да отвори свој конзулат во

Скопје. За таа цел таа веќе се обратила до цариградската влада. Отворањето на овој конзулат се очекувало овие дни."[332)] Кога ќе се има предвид дека оваа дописка е објавена во весникот "Право" на 13 март 1903 година се чувствува една контрадикторност во датумот на отварањето на овој конзулат спрема трите извори.

Покрај податоците кои ги добиваме преку извештаите на споменатите конзулати во Македонија податоци ние користиме исто така и од дипломатските претставништва на Италија во Турција-Цариград, Скадар; во Србија-Белград; Грција-Атина; Бугарија-Софија, Пловдив, Рушчук и др.; Црна Гора-Подгорица; Романија-Букурешт; потоа од амбасадите на Италија кај големите сили во Париз, Лондон, Петроград, Виена и Берлин.

Според горе реченото можеме да заклучиме дека во однос на отварањето на свои конзулати на територијата на Македонија Италија далеку заостанувала зад другите сили. Освен на италијанскиот конзулат во Солун кој го продолжувал својот континуитет уште од времето на Сардинското кралство, Италија не им посветувала особено внимание на барањата за отварање на конзулати во другите поголеми градови на Македонија. Како што истакнавме погоре во Битола италијанскиот конзулат бил отворен во 1895 година и покрај тоа тој не бил комплетиран со сите потребни служби а во Скопје бил отворен италијанскиот конзулат дури во крајот на 1902 или почетокот на 1903 година. Инаку нормално било што Италија посебно внимание му посветила на својот конзулат во Солун каде што таа имала најповеќе свои интереси како во поглед на трговијата и во поглед на заштитата на интересите на своите поданици кои што ги имала во прилична мера во Солун.

## III. Осврт врз извештаите на италијанските конзули во Македонија

Дејноста на италијанските конзули, како и на конзулите на останатите држави, се сведувала: на административни работи-заштита на интересите на своите поданици, испраќање на извештаи до своите претпоставени т.е. или на својот амбасадор во Цариград или директно до министерот односно министерството за надворешни работи. Бидејќи не располагаме со извештаите на италијанските дипломатски претставници за целокупниот период што нас не интересира а и со тие што располагаме се микрофилмувани што значи дека сепак е вршен извесен подбор на тие извештаи па не можеме да имаме целосна слика за нив. Извештаите се групирани временски врзани за одделни настани а исто така и тематски врзани за одредени теми.

Во почетокот накратко ќе се осврниме на содржината на извештаите кои што претходеле на нашиот период што го разработуваме т.е. од 1861-1870 година за да може да се следи континуитетот на тие извештаи.

Особено внимание му се посветувало на проблемот на одгледувањето на свилените буби, тутунот, памукот, за што погоре се осврнавме во делот за економските односи на Македонија со Италија но овде го истакнуваме нивното значење низ призмата на меѓусебните борби што ги воделе трговските претставници на одделните држави за приматот во увозот на тие значајни артикли.

Во голем број се застапени и извештаите за барањето за отварање на конзуларни агенции во Битола и Серес, како и за проблематиката на Унијатското движење во Македонија,[333] како и на италијанско-турските односи во тој период.[334] Во извештаите од овој период исто така наоѓаме податоци во врска со националната

припадност на населението во Турција во чии рамки се наоѓала и Македонија. 335) Сите овие извештаи потекнувале од италијанскиот конзулат во Солун како единствен конзулат на Италија што тогаш постоел во Македонија.

Во периодот после 1870 година во извештаите на италијанскиот конзулат од Солун среќаваме поголема тематска разновидност на податоците што ни ги презентира но дури за периодот на заострувањето на тн. Источна криза 1875-1878 година. Но овие извештаи во секој случај треба да се надополнуваат со извештаите на италијанските дипломатски претставници било на територијата на Отоманската империја или кај ослободените балкански држави. За извештаите на овие претставници покасно ќе стане збор.

Во врска со извештаите на италијанските конзули во Солун од овој период може да се каже дека тие воглавно се однесувале на политичката ситуација во Македонија и соседните на нејзе области кои биле во подрачјето на конзуларниот округ на италијанскиот конзулат во овој град. Непосредно пред избувнувањето и во времето на руско-турската војна често се среќаваат извештаи во кои што се зборува за етнографските услови и за политичкиот дух на населението на Македонија и се давале границите во кои била сместена територијата на Македонија. Во извесен број располагаме и со извештаи за ситуацијата во Македонија непосредно по завршувањето на Берлинскиот конгрес од 1878 година и создавањето на новата бугарска држава.

Особено внимание италијанските конзули од Солун во своите извештаи му посветувале на католичкото движење во Македонија и тоа во врска со акциите на лазаристите кои биле покровителствувани од страна на Франција и го ширеле францускиот јазик.

Исто се напомнувало дека италијанскиот елемент сочинувал 3/4 од католичката заедница во Солун. Општо речено од овие извештаи се гледала борбата меѓу Италија и Франција за покровителството над католиците како во колонијата во Солун така и во другите места.[336]

Кога сме кај италијанската колонија во Солун треба да споменеме дека во извештаите на италијанските конзули од овој град и е посветувано прилично внимание затоа што таа била сметана за една од позначајните меѓу останатите странски колонии. Како поданици на оваа италијанска колонија во Солун се јавувале и сопствениците на познатите трговски фирми: на браќата Алатини и на Фернандез. Италијанската колонија инаку ја сочинувале две третини од Евреи и една третина католици.

Бидејќи Солунското пристаниште било едно од најзначајните во Отоманската империја а и Италија таму имала посебни интереси а и свои поданици, таму таа често испраќала свои поморски единици во кризни ситуации особено за време на настаните од 1876 година, потоа во времето на грчко-турската војна во 1897 година и непосредно пред Илинденското востание во 1903 година во времето на познатите Солунски атентати. Во тие моменти италијанските воени бродови имале за задача да ги штитат интересите на Италија а исто така и нејзиниот конзулат во Солун. Инаку во врска со оваа проблематика во голема мера се присутни извештаите на италијанските конзули во Солун во текот на целиот разгледуван период. Во овие извештаи воглавно сретнуваме податоци за составот на италијанските воено-поморски единици, за контактите на нивните команданти со претставниците на локалните турски власти и истакнатите поединци на италијанската колонија во Солун.

Би требало да се спомене во контекстот на

горе реченото и за извештаите на поедините команданти на италијанските воени бродови или ескадри во врска со нивното присуство во некои од критичните моменти во Солун каде што се давале проценки за ситуацијата во тој град а и во некои други околни места.

Во помал обем среќаваме извештаи на италијанските конзули од Солун во врска со изградбата на железничката пруга Солун-Белград. Сето ова се гледало низ призмата на политичкото значење, на пругата од Виена-Белград-за Егејско то море, за продирањето на Австро-Унгарија преку Македонија на југ. Инаку во поголема мера со податоци за проектите за изградба на железници кои ја зафаќале и територијата на Македонија наоѓаме во извештаите на италијанските дипломатски претставници кај соседните балкански држави и во Цариград за што покасно посебно ќе се осврниме на тие извештаи.[337)]

Спрема начинот на третирањето на политиката на Австро-Унгарија на територијата на Македонија од дипломатските извештаи од страна на италијанскиот конзулат во Солун бидејќи само за него располагаме со податоци може да се види дека италијанската влада му посветувала посебно внимание на тоа ако се имаат предвид меѓусебните односи на Австро-Унгарија и Италија на Балканскиот Полуостров.

Карактеристично е да се спомене дека сосема малку среќаваме извештаи за ситуацијата во Македонија во текот на 1895 година после вооружените акции на Врховниот македонски комитет од Софија во Македонија.

Покрај прашањата што директно ги тангирале италијанските интереси спрема Македонија во извештаите на италијанските конзули во Солун наоѓаме материјали кои што се однесуваат поопштерно и на меѓусебните италијанско-турски односи. Карактеристично е

еден извештај од Солун од 3 јуни 1897 година на италијанскиот конзул Vito Finzi во врска со жестокостите на турските трупи спрема Италијанците-Гарибалдинци кои што биле заробени а учествувале како доброволци на страната на Грците во грчко-турската војна која што се водела во 1897 година.[338)]

Горе реченото е она вoглавно што се однесува на извештаите на конзулатите на Италија а што се наоѓале на територијата на Македонија.

Сметам за потребно накратко да се осврнам и на извештаите на италијанските дипломатски претставници надвор од територијата на Македонија а кои што се однесувале на прашањата сврзани со Македонија. Тоа вoглавно се извештаите од италијанските дипломатски претставништва како што истакнавме и погоре во Цариград и во други места во Турција, Бугарија, Србија, Грција, Романија, Црна Гора, потоа кај големите европски сили Австро-Унгарија, Русија Англија, Франција и Прусија.

Извештаите на италијанските дипломатски претставници во Цариград ни даваат воглавно можност во текот на тн. Источна криза 1875-1878 година повеќе да се запознаеме со самите настани и учеството на одделни италијански претставници во спроведувањето на одлуките на Берлинскиот конгрес во врска со определувањето на границите на новосоздаденото Бугарско кнежевство, а скоро воопшто нема критички коментари во однос на положбата во Македонија но тоа не е за изненадување ако се има предвид дека Италија скоро воопшто не се ангажирала во времето на одржувањето на Берлинскиот конгрес поради внатрешната состојба во државата.

Како што истакнавме погоре посебно место италијанските дипломатски претставници му посветиле на прашањето на

изградбата на железниците на територијата на Турција во чии склоп Македонија посебно е потенцирана а и на териториите на соседните на Турција балкански држави. Врз различните проекти се осврнувале како италијанските дипломатски претставници од повисок ранг како напр. амбасадорот на Италија во Виена, Цариград, пратеникот во Белград, дипломатскиот агент во Софија, италијанскиот конзул во Јанина E. De Gubernatis кој во својот извештај од 20 мај 1875 година дава еден целосен преглед на можни варијанти за изградба на железнички линии во Турција и нивната вистинска вредност. Во овој извештај станувало збор за четирите пруги ~~ххі~~ кои тогаш мислеле да се изградат. Тоа биле Варна-Рушчук; Цариград-Пловдив; Одрин-Деде Агач и Солун-Митровица. Инаку за Солун се споменувало дека ќе станел главен јазел за сите железници на Европска Турција. Се разбира сите овие проекти се разгледувале низ призмата на интересите на Италија за развивање на своите трговски врски.[340)]

Прилично материјали иако малку од поопшт аспект каде што во склопот на генералната италијанска политика спрема Истокот се третирало и Македонското прашање наоѓаме и во извештаите на италијанските дипломатски претставници во Белград. Во нив често се пишувало за идеите за една балканска конфедерација и тоа според проектот на султанот.[341)]

На настаните од 1885 година т.е. обединувањето на Бугарското кнежевство ~~х~~ и Источна Румелија а во врска со тоа на реперкусиите на положбата во Македонија дипломатскиот агент на Италија во Софија исто така прилично внимание му обрнал и веќе тука ја среќаваме тезата на италијанската политика за незаинтересираноста во тие настани, која што ќе продолжи да се застапува се до почетокот на XX век.[342)]

Активноста на пропагандите на соседните балкански држави во Македонија наоѓала соодветно внимание во извештаите на дипломатските претставници на Италија како на оние акредитирани во самите балкански земји така и на оние во поедините европски престолнини како напр. Петроград, Виена а исто така и во Цариград. Поентата во сите тие извештаи му е ставена на црковната и просветната пропаганда а во крајниот период од времето што е разгледувано во нашата тема и на вооружената пропаганда. Доминантно место му е дадено на извештаите од софиските дипломатски агенти на Италија што и е разбирливо бидејќи бугарската пропаганда отишла најдалеку во својата активност во Македонија.

Имајки можност преку разговорите со различни бугарски одговорни функционери да дознаваат разни поединости во врска со одредени прашања дипломатските агенти на Италија ни ја откриваат позадината на таквата дејност на владеачките бугарски кругови која имала за цел за зацврстување на своите позиции во Македонија.

Исто така располагаме со извештаи на дипломатските пратеници на Италија во Букурешт кои посебно се осврнуваат на активноста на романската пропаганда во Македонија, какви биле нејзините цели и дека таа најповеќе била сконцентрисана околу Битола и нејзините околни места. Со отворањето на италијанскиот конзулат во Битола и тој му обрнувал посебно внимание на активноста на романската пропаганда.

Во помал обем, за дадениов период, располагаме со извештаи за активностите на српската и грчката пропаганда на територијата на Македонија.

Се на се иако овие извештаи ги има во приличен

број тие нам ни даваат повеќе фактографски материјал а скоро воопшто нема за ставовите на Италија спрема горенаведените пропаганди.

Тематски поврзани со горенаведените извештаи се и извештаите за вооружената провокација извршена од страна на Врховниот македонски комитет во Софија во Македонија во 1895 година што ни ги дава италијанскиот дипломатски агент во истиот град. Карактеристично е да се спомене дека италијанскиот дипломатски агент во Софија ги толкувал сите овие настани околу навлегувањето на вооружените чети од Бугарија во Македонија како да биле вршени без никакво знаење на бугарската влада. Можеби за тоа било причината и неупатеноста во заткулисните манифестации на бугарските владеачки кругови.[343)]

За најпоследната фаза од нашиот разгледуван период т.е. фазата кога се појавило организираното революционерно движење на македонскиот народ со создавањето на ВМРО во 1893 година италијанските дипломатски претставници надвор од територијата на Македонија му посветуваат особено внимание но треба да се истакне како што и погоре рековме кога се однесуваше за извештаите на италијанските конзули во Македонија дека тоа воглавно се извештаи од последните години од XIX век се до периодот кој што нас не интересира во конкретниот случај до Илинденското востание во 1903 година.

Во најголема мера тоа се извештаите на италијанските дипломатски агенти во Софија, амбасадорот на Италија во Цариград и дипломатските претставници на Италија кај големите европски сили.

Во извештаите на италијанските дипломатски агенти од Софија најповеќе се зборува за ситуацијата во Македонија, акциите на организираното революционерно движење против турската

власт, посебно во врска со аферата Мис Стон а сосема малку има за конкретните ставови односно мислења за револуционерното движење од кое би можело да се види политиката на италијанската влада спрема ж него.

Во однос на извештаите на италијанскиот амбасадор во Цариград може да се каже дека тие најповеќе се однесуваат за 1902-1903 година односно ситуацијата во Македонија во тој временски период и ставот спрема реформите донесени од страна на Русија и Австро-Унгарија со цел да се подобрела турската администрација во Македонија.

Што се однесува до извештаите на италијанските дипломатски претставници кај големите евррописки сили во хх нив воглавно се застапени реагирањата на односните влади во врска со разни настани сврзани со Македонското прашање а во помала мера можат да се извлечат одредени ставови за италијанската владина политика спрема Македонското прашање.

Карактеристично е да се спомене дека во врска со ситуацијата во Македонија во текот на 1903 година се до почетокот на Илинденското востание располагаме со италијански извештаи изработувани од Командата на корпусот на главниот штаб во кои Македонското прашање се третирало од воен аспект. Тие извештаи се изработувале врз основа на добиените податоци од италијанските дипломатски и конзуларни агенти т.е. од италијанското пратеништво во Белград, на италијанските конзулати во Солун, Јанина, Сараево, Риека и Трст, од италијанската амбасада во Цариград, на извештаите од военото аташе во Цариград, информации специјално донесени од Македонија, од военото аташе во Виена, од приватни извештаи и податоците од весниците во врска со настаните во Македонија.

Во овие извештаи се третираат разни настани во врска со Македонското прашање како напр. за флотната демонстрација т.е. за пристигањето на флотите на големите сили во Солунското пристаниште по повод Солунските атентати а посебно место секако и се посветува на италијанската флота, нејзиниот состав итн.

Во овие извештаи е регистрирана и смртта на организаторот на македонското револуционерно движење Гоце Делчев кој паднал убиен во судирот со турската војска во селото Баница.[344]

Исто така во овие извештаи се застапени податоци за воените мерки што ги преземале, во врска со заострувањето на состојбата околу Македонското прашање, балканските држави а и некои од големите европски сили.

Од сето горе реченото што се однесува за извештаите на италијанските конзули во Македонија и на извештаите на италијанските дипломатски претставници во останатите држави може да се каже дека тие воглавно даваат податоци за положбата во Македонија во одредените периоди на времето што е разгледувано во нашата тема така да се рече регистрирање на настаните, а во сосема мал број случаеви се даваат и свои ставови во врска со одредени прашања Во неможноста да се користиме со извештаите за официјалните ставови на италијанската влада во однос на одделните аспекти на Македонското прашање сме принудени да се користиме и со литература за оваа проблематика. Исто така можат да ни користат и различни дипломатски документи издавани од страна на италијанската влада како напр.

Documenti diplomatici, Presentati al Parlamento Italiano dal Ministro degli Affari esteri (Di San Giuliano), Macedonia, Roma, 1906, Legisl. XXII, Sess. 1904-906.

Можеби причина за ваквата концепција на извештаите

на италијанските дипломатски претставници било немањето на особен интерес спрема Македонското прашање, кое било во склопот на Источното прашање, од страна на официјалните италијански политички кругови.

Инаку во приличен број на извештаи заедно се третираат Македонското и Албанското прашање со особен акцент фрлен на последното прашање бидејќи знаеме дека Италија имала посебен интерес спрема Албанија со оглед на нејзината близина до италијанскиот брег и постојаната борба водена меѓу Италија и Австро-Унгарија за стекнување на посилни позиции во Албанија која го правела Тројниот сојуз, во кој се наоѓала покрај Италија и Австро-Унгарија и Германија, нестабилен.[345)] Во италијанските дипломатски извештаи имајќи го предвид горе реченото повеќе се среќава материјал за австро-унгарската политика спрема одредени аспекти на Македонското прашање отколку за својата сопствена политика. К. Э. Кирова во својата погоре споменатата студија "Итальянская экспанзия в Восточном Средиземноморье (В начале XX в.)" вели дека Италија немала специјални интереси за Македонија, но бидејќи таа се граничела со Албанија, и тоа било достаточно, за да би италијанските дипломати со напрегнато внимание го следеле поведението во Македонија на другите држави.[346)]

Меѓутоа и покрај сето горенаведено што го споменавме со понатамошното проучување на овие и на други нам засега недостапни извештаи кои што се наоѓаат во архивите на Италија и во други места ќе се овозможи повеќе да се осветли политиката на Италија спрема Македонија во периодот кој што ние го третираме.

# ГЛАВА V

# ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1870-1903 ГОДИНА

## I. Италијанската политика кон Македонија во периодот од 1861-1893 година

### 1. Италијанската политика кон Македонија во периодот на борбите за обединување на Италија (1861-1870 година)

За да може да се зборува за италијанската политика кон Македонија во периодот од 1870-1893 година односно до појавата на ТМРО мораме во неколку реченици да се осврниме на периодот до Обединувањето на Италија во единствена држава во 1870година.

Треба да кажеме дека посебни интереси Италија спрема Македонија во овој период не покажувала поради редица внатрешни причини зафатеноста со проблемот за целосно ослободување и обединување на земјата, постојаните непријателства со Австрија која се јавувала против создавањето на една обединета италијанска држава.

Оние карактеристики што се однесувале за италијанската политика спрема Турција во овој период се однесуваат и на Македонија. Италија имала посебни планови кои намеравала да ги оствари во заедница со христијанските народи кои се наоѓале под власта на Турција а во борба против Австрија односно покасно Австро-Унгарија. Инаку некои посебни планови за Македонија на дипломатски план Италија немала за разлика од многу разгранатите односи на стопанско поле во врска со увозот во оваа земја на индустриските земјоделски култури тутунот, памукот а особено се истакнувал увозот на кожурци од свилени буби од Македонија за Италија.

Во овој период поточно во 1862 година итали-

јанскиот конзул во Солун Фернандез јавувал во врска со ситуацијата во Македонија дека во фантазијата на Турците била секогаш присутна можноста од некое истоварување на Гарибалдинските доброволци, и гувернерот во еден поверлив разговор му го изразил својот страв во врска со евентуалната таква можност. Но од своја страна Фернандез го успокојува гувернерот со тоа дека италијанската влада била премногу заинтересирана за одржување на мирот во странство, и не би дозволила регрутирање кое би имало непријателски намери кон пријателска сила, и дека не биле точни гласовите на весниците кои биле со спротивни намери и непријателски расположени спрема Италија.[347]

Инаку италијанската влада односно нејзиниот конзуларен претставник т.е. генералниот конзул на Италија за Македонија и Тесалија покажувал прилично интересирање за народоносниот состав на населението од Македонија. Така во еден извештај од 18 март 1867 година упатен до државниот секретар за надворешни работи E. Visconti Venosta вели дека населението на Македонија тогаш се искачувало на околу 800,000 жители од кое на населението, како што вели самиот тој, од Словенско потекло и Власи му припаѓало 400,000 жители, 60,000 Грци, 310,000 Турци и Албанци и 30,000 Евреи.[348]

Италијанската официјална политика спрема Македонија ако можеме така да речеме во овој период се заокружувала со значителниот интерес што го имала кон својата колонија и нејзините поданици во Солун а и некои други помали места и прашањето за отварањето на конзуларни претставништва во другите градови на Македонија покрај веќе постоечкиот италијански конзулат во Солун за што погоре зборувавме.

## 2. Италијанската политика кон Македонија во времето од 1870 до 1878 година заклучно со Берлинскиот конгрес

Зафатеноста на Италија со решавањето на внатрешните прашања кои што произлегле од состојбата создадена со обединувањето на земјата во 1870 година и несреденоста на своите односи со соседите не и овозможило поактивна политика на Истокот, односно спрема Турција во чии рамки влегувала и Македонија.

Во рамките на своите можности Италија настојувала колку толку да ги заштитува и да ги раширува оние интереси кои биле тесно сврзани со нејзината позиција на поморска сила, и тоа главно на Левантот, чии пристаништа, во кои секако влегувало и Солунското пристаниште, некогаш претставувале пазаришта за нејзините тргувања, биле тогаш заради брзината на врските, потесно опфатени во таа маса на политички и материјални интереси која била репрезентирана на Медитеранот. Како најприродно средство, според италијанскиот конзул во Солун Trabandi Toscarini, за развивањето на своето влијание во Турција било увеличувањето на своите поморски врски со неа. Една од мерките за засилувањето на италијанските интереси била застанувањето на бродовите на италијанското морепловство во пристаништата на Левантот, бидејќи дотогаш италијанските бродови морале да бараат подалечни мориња за корисно развивање на нивната дејност. За овој проект се зафатила агенцијата на компанијата Тринакрија. Италијанскиот конзул настојувал во тој правец да дава и други предлози кои би биле во корист на италијанските интереси.[349)]

Во годините на заострувањето на големата Источна криза 1875-1878 година Италија преку извештаите на своите дипломатски претставници при земјите кои што биле опфатени со таа криза

засилено го набљудувала развитокот на настаните но без да земе некој активен удел во неа. Сепак во тој период на заострување на кризата и мошне влошената положба на христијанското население во Европските провинции на Турција италијанските конзуларни претставници примале разни петиции во врска со несносната положба на христијанското население во кои се барало запознавање на италијанската влад со таквата положба. Тие ги уверувале доносителите на тие петиции дека "Италија не помалку од другите сили се занимавала со љубов кон христијанските народи од Балканскиот Полуостров и ќе ги имала на конференцијата (се мисли на Цариградската конференција од 1876 година одржана со цел да се поправи положбата на христијанското население во Турција) посветено сите свои сили за подобрување на нивната состојба.[350)]

Исто така италијанските дипломатски претставници му посветувале особено внимание на проектите за преуредување на Европска Турција со цел за смирување на различните елементи кои тогаш неа ја населувале и во дозволувањето на нив еден слободен и независен развиток.

Еден ваков проект ни е даден во еден извештај упатен на 29 септември 1876 година на италијанското пратеништво во Цариград во врска со барањата "на Бугарите за една автономија која би ги опфаќала и Тракија, Македонија и малку ж по малку што целиот Балкански Полуостров".

Авторот на гореспоменатиот проект ја разделувал Европска Турција на шеснаесет провинции во кои што територијата на Македонија би била опфатена во три провинции и тоа: Пеонија во која би била опфатена територијата по горната долина на Вардар со главно место Скопје; Источна Македонија со главно место

Солун и Западна Македонија со главно место Битола. Се барало исто така давање широк дел на автономија на таквите провинции.[351)]

Италијанскиот конзул во Солун Trabandi Toscarini водел грижа за сигурноста на трговските агенти на фирмите на италијанските поданици Браќата Алатини, потоа на Елиа Д. Фернандез, кои вршеле разни дејности на територијата на Македонија во интерес на гореспоменатите фирми а биле често објект на напади при своите патувања низ територијата на Македонија. Тој во една своја нота од 11 декември 1876 година испратена на валијата во Солун посебно инсистирал на мерките за лична сигурност на овие трговски агенти.[352)]

Несносната положба на христијанското население во Македонија често доведувало до поплаки на истото до претставниците т.е. конзулите на разните држави особено тоа се однесувало на конзулите на големите европски сили во врска со различните насилија на локалните турски власти. При една таква интервенција на европските конзули во Солун на 6 мај 1876 година биле убиени конзулите на Германија и Франција од страна на фанатизираните турски маси.

Сето тоа довело до испраќање на флотите на големите европски сили во Солунското пристаниште. Исто така по итна интервенција на италијанскиот конзул во Солун Trabandi Toscarini било наредено брзо да се испрателе воени бродови за одбрана и заштита на италијанските национални интереси, и за Италијанците настанети во овој град. Во Солунското пристаниште пристигнале кралската фрегата "Regina Maria Pia" и воениот брод "Messaggero".

Италијанската влада настојувала со присуството на својата флота во разните пристаништа да го зголеми престижот

и угледот на Италија во овие подрачја на Македонија. Се настојувало покрај во Солун исто така и во Кавала да биде присутен еден италијански воен брод кој покрај другото би ја заштитувал италијанската колонија во овој град која се состоела од триесетмина луѓе и таа била најважна после грчката колонија.

Инаку италијанското министерство на морнарицата директно било надлежно за истоварувањето на вооружените трупи од присутните италијански бродови во Солунското пристаниште во случај на некои бунтови а во околности на итна потреба би биле испратени во конзулатот на Италија во Солун само мал број на морнари за негова заштита.

Италија иако не покажувала поголема активност во врска со настаните после руско-турската војна од 1877-1878 година која завршила со Санстефанскиот мировен договор склучен на 3 март 1878 година, таа сепак била загрижена од создавањето на Сан-Стефанска Бугарија, во чии рамки се предвидувало да биде опфатена и Македонија.

Во еден неозначен и недатиран извештај за кој досега не успеавме да утврдиме кој го напишал и кога, е изложен италијанскиот став спрема создавањето на Сан-Стефанска Бугарија, која како што вели непознатиот автор на овој извештај ќе се простирала од Дунав до Егејот, од Црното Море до околината на Јадранот. Исто така овој непознат автор смета дека спрема создавањето на Сан-Стефанска Бугарија Германија можела да биде индиферентна, кое што би било фатално за латинските народи. И тој допира само на Италија како на најдиректно заинтересирана која со создавањето на една таква "Голема Бугарија" ќе најдела на непријателство за италијанската трговија а нејзините воени пристаништа би биле одредени за примање на

руските флоти.[353]

Создавањето на ваквата Сан-Стефанска Бугарија во чии рамки би се наоѓала и Македонија а и други територии надвор од Бугарија предизвикала отпор кај другите xx големи европски сили.

Склучувањето на мировниот договор, наречен "Санстефански мировен договор" предизвика голем шум во Европа. За неговите решенија веднаш се разбра во печатот и сред дипломатијата. Тоа предизвика реакција не само меѓу дипломатските кругови кај Силите, туку и сред јавното мислење. Печатот и јавното мислење во западноевропските земји се противеа на диктираниот мир во Сан-Стефано и против создавањето на таканаречената "Голема Бугарија". Речиси во сите земји дипломатите и другите јавни работници му се противставија на тоа прекројување на картата на Балканскиот Полуостров. Во повеќето земји, а особено во Англија се разви "неповолна" агитација за "Голема Бугарија".[354]

Со Санстефанскиот мировен договор посебно [redacted] биле повредени политичките интереси на Англија и Австро-Унгарија. Англија се спротивставила на создавањето "Голема Бугарија" и на ширењето на руското влијание на Балканот, плашејќи се од појавата на Русија како конкурент на Средоземното Море. Таа со сите сили работела за ревизија на одредбите од Санстефанскиот мир. Австро-Унгарија сметаше дека се нарушени поранешните спогодби, со кои не се допушташе создавањето на "Голема Бугарија". Покрај ова Австро-Унгарија одбивала да се согласи со одредбите на овој мир, бидејќи со него му се поставувала брана на нејзиното економско и политичко ширење на Балканот и на излезот на Солунскиот залив. Франција, иако, поради последиците од француско-пруската војна и Париската комуна, во моментот не водеше активна источна политика, не го одобруваше ширењето

на Бугарија, беше за зачувување на статус-квото.

На Сан-Стефанскиот договор му се противставија и Србија и Грција. Тие протестираа против територијалното проширување на Бугарија и присвојувањето на Македонија.[355)]

Сето ова довело до повторно разгледување на решенијата на Сан-Стефанскиот мировен договор, кое што било на Берлинскиот конгрес (13.VI. до 13.VII.1878) каде по едномесечната дискусија, била извршена радикална ревизија на Сан-Стефанскиот договор. Пред се Србија, Црна Гора и Романија, според ревидираниот договор, биле прогласени за наполно независни од султанот. Австро-Унгарија ја окупирала Босна и Херцеговина и добила право да држи свои воени гарнизони по градовите на Новопазарскиот санџак. Од Дунав до Стара Планина било формирано автономно вазално кнежевство Бугарија, а јужно од неа-автономна област Источна Румелија. Со член 23 од Берлинскиот договор се предвидувале реформи за Македонија и за другите балкански области кои и понатаму останувале под турска власт. Со решенијата на Берлинскиот конгрес западните големи сили само до извесна мера ја спасиле Турција од нејзиното распаѓање. Од друга страна тие им овозможиле на Австро-Унгарија и Германија да продолжат со нивното продирање на Балканот, а го запреле, поправо го намалиле влијанието на Русија на Балканот.

Италија на Берлинскиот конгрес не покажала никаква активност за што погоре во одделот за италијанско-турските односи посебно се осврнавме. Кога се зборува за односите на силите на Берлинскиот конгрес ќе го спомeнеме и мислењето на Вико Мантегаца кој вели како се однесувала Италија на тој конгрес: "Најпосле, на страна Италија која правела една фигура така шокантно наивна, другите биле собрани во Берлин за да се раздели пленот."[356)]

Но сепак од тој момент се забележувало за постоењето на Источното прашање во чиј склоп било и Македонското прашање така што италијанските историчари во почетокот на XX век веќе почнуваат да даваат толкување на тој проблем. Но за ова покасно.

Положбата во Македонија по српско-турските и руско-турските војни и Берлинскиот конгрес била многу тешка. Ова довело до вриење и незадоволство кое што преминало во вистинско востание, кое по местото на избувнувањето во село Кресна се вика Кресненско.

Италијанскиот дипломатски претставник во Цариград во врска со акциите на кресненските востаници покажувал прилично внимание но тој не им припишувал голема важност. Постигнатите успеси на востаниците тој ги толкувал не толку на нивниот број и на нивната сила туку на тоталниот недостиг на отоманските трупи и нивната неактивност во местата кои што биле во рацете на востаниците. Сметал дека со испратените појачувања турската власт ќе успеела да го ограничи востанието. Исто така забележал и за внатрешните противоречности а и мешањето од надвор што во крајна цел придонесло да не успее востанието.[357]

Покрај вниманието кое било посветено во врска со Кресненско-Разлошкото востание од 1878/79 година италијанските дипломатски претставници обрнувале внимание и на недостатокот на јавната сигурност во провинцијата на Солун кое предизвикувало голема материјална штета за стопанската дејност и тогаш тие препорачувале на Високата Порта првостепена грижа за подобрување на сигурноста во гореспоменатиот регион.

Внимателно била следена активноста на австро-унгарската пропаганда на теренот на Македонија бидејќи се стравувало од можноста за една евентуална окупација на Македонија од стра-

на на Австро-Унгарија со што би се пресекле сите евентуални планови на Италија на Балканот.[358)]

Италијанската влада и покрај тоа што не покажала во текот на Берлинскиот конгрес некоја активност во моментот кога се решавало прашањето за границите на Балканот таа му придавала значење на учеството на својот претставник во мешовитата комисија за разграничување на Бугарија спрема своите соседи каде што кралскиот делегат полковникот Ореро особено инсистирал во работата на комисијата да има еднакви критериуми, да била независна и да се придржувала на решенијата на Берлинскиот конгрес. Инаку оваа комисија имала за задача да врши разграничување покрај останатото и на границата на Бугарија со Турција од што се подразбира и на границата спрема Македонија.[359)]

Едно од решенијата на Берлинскиот конгрес се однесувало и за Македонија тоа е членот 23 на Берлинскиот договор како што истакнавме погоре. Со него се предвидувале реформи за Македонија и за другите балкански области кои и понатаму останувале под турска власт. Во врска со практичната примена на овие реформи италијанските дипломатски претставници им давале место во своите извештаи. Спрема изјавите или она што се зборувало во Солун а и од известувањата на италијанските конзуларни агенти во Кавала и Серес и христијанското и турското население одгледувало многу малку надеж дека проектираните реформи можеле да дадат еден практичен и користен ефект на земјата.[360)]

### 3. Италијанската политика кон Македонија во периодот од Берлинскиот конгрес до создавањето на ВМРО во 1893 год.

Можеме да констатираме дека по завршувањето на акутната фаза на Источната криза од 1875-1878 година кога таа се решавала по вооружен пат, настанало едно затишје ако може така да се рече во извештаите на италијанските дипломатски претставници кои што се однесувале на политичката ситуација во Македонија и околу неа а во врска со нејзината положба. Италија почнала да гледа на Македонија во склопот на нејзините источни планови во кои била опфатена и целата Отоманска империја т.е. во изградбата на железнички патишта кои што би ги градела турската власт преку разни акционерски друштва но тие патишта ги гледала од аспект на развојот на својата трговија и своите стратегиски интереси.

Инаку интересот на Италија кон изградбата на железничките линии на територијата на Отоманската империја се појавил уште кога таа не била обединета како единствена држава на Апенинскиот Полуостров. Проектите за тие железници секогаш на видно место ја имале Македонија. Како трговска и поморска сила на Јадранот Италија била сврзана со политичката и економската иднина на европските провинции на Турција меѓу кои на првите места се наоѓала и Македонија. Таа најголемо внимание покажувала кон проектот за изградбата на железничката линија Солун-Виена имајки го предвид нејзиното значење во замислите на Австро-Унгарија за нејзиното ширење на Исток. Италијанските претставници ја уочиле намерата на Австро-Унгарија преку оваа засилена изградба на железници да го наметнела своето влијание врз балканските земји а истото го изјавувале и самите агенти на Австро-Унгарската империја. Целта била Србија и Бугарија да ги вовлечела во своите граници со статус каков го

имале Хрватска и Унгарија. Заради таа своја цел Австро-Унгарија настојувала да го зачува статус-квото и интегритетот на Отоманската империја заради изградбата на своите железници, и во таквите околности Италија требала да остани со отворени очи за да ја согледа таа ситуација. Во врска со оваа проблематика Италија и Русија имале блиски гледишта во почетокот на 1867 година.

Италија покрај другото била прилично заинтересирана за изградбата на пругата Валона-Солун-Цариград, ако се има предвид близината на Валона спрема италијанскиот брег на Јадранското Море, од која Италија би имала економска корист а Турција политичка и воена корист.

Во контекстот на овие настани се настојувало да се докаже дека не требало повеќе турската влада да се покажува недоверлива кон Италија која можеби повеќе од секоја друга сила ж имала интерес да се зачува интегритетот на Отоманската империја и дека поранешниот страв кој бил замислен од страна на Турците да ги видат Гарибалдинските чети како продираат во Турција и кое премногу му служело на исклучителните интереси кои не биле на Високата Порта зошто министрите на султанот не забележувале од која страна се наоѓала вистинската опасност а спрема италијанските погледи таа доаѓала од страна на Австро-Унгарија. Со изградбата на горенаведената пруга се наблегнувало на бројните врски кои што произлегувале од заедничките општи интереси помеѓу Италија и Отоманската империја.[361]

После обединувањето на целата земја во 1870 година Италија уште поинтензивно размислувала во врска со разните проекти за изградбата на железничките линии кои што мислеле да се градат на територијата на Отоманската империја. Покрај останатото што за нас интерес претставува каков бил италијанскиот став спрема прое-

ктот за изградбата на пругата од Солун до Митровица и поврзување на оваа пруга со друга пруга која би тргнувала од едно од пристаништата од Бар или Улцињ по претходно воспоставената врска помеѓу двата брега на Јадранот односно помеѓу Италија и Турција која би ја проширила оваа врска со внатрешноста на земјата и би продолжила или преку Скадар или Валона или пак во Драч и одтаму би продолжила за Битола или пак во центарот на оваа железничка линија во Скопје, или би се надоврзала на истата во Солун.

Италијанските дипломатски претставници ја увидувале важноста на главните центри на Македонија на пругата Солун-Митровица. Скопје го сметале како важен производствен центар, а пак за Солун сметале дека ќе постанел главен јазел за сите железници на Европска Турција; оттаму лесно би се одржувале врските со Јадранот, оттаму Архипелагот би бил отворен пред тргувањата со Левантот, оттаму најпосле лесно преку крајбрежјето на морето би се одвивале железничките врски со Цариград. После сврзувањето на Солун со Деде Агач и после намеравaното сврзување на Валона со новата железница, Солун би се нашол, како што сметал италијанскиот конзул во Јанина E. De Gubernatis по малку време сврзан со Босна и Србија преку Митровица, со Тракија преку Деде Агач, со Бугарија преку Скопје и Софија, со Италија преку Валона и Битола.

Инаку треба да се нагласи исто така дека сигурно италијанската влада во поддржување на оваа или онаа железница се наклонувала од една тројна цел. - Прво од локални интереси, за да се најде полесно едно друштво кое од местата кај што би се градела железницата ќе ја прифателo градбата и многу полесно би можело да се издејствува кај турската влада во согласувањето за концесија. 2. Италијански и европски интереси во колку овие се согла-

сувале со италијанските, ова би придонесло за една полезна работа за Италија, кое што се огледало во нејзините тргувања кои што барале потребен излез на Левантот. Овие тргувања би се увеличиле уште исто така значително за транзитот во Италија.

Довде била манифестирана очигледната цел, на која се настојувало најповеќе на тоа да се изградела линијата за Валона со која што би се поврзал Солун преку пругата Солун-Митровица.

Третата цел на Италија била политичка во врска со претензиите на Австро-Унгарија кон Солун. Според сето горе изнесеното Италија сакала, раширување на нејзиното влијание во сета Европска Турција, која од дамнина била веќе прочуено поле на трговиите на Ѓенова и Венеција; то ест да се извлече од една таква железница максимален благодат за локалните интереси, за италијанските интереси, за европските интереси, за идната италијанска политика. Со изградбата на ваквата железница Италија настојувала да биде независна во своите односи во врска со плановите на Австро-Унгарија на Истокот. На крајот во својот извештај Е. De Gubernatis пледира на тоа и давајќи ја својата полна доверба на изградбата на железничката пруга или на онаа од Валона до Солун, или од Солун до Драч, сметајки дека малку ќе имало значење, местото на растоварување на стоките од Италија - то ест пристаништето, а многу му давал меѓутоа значење на изборот на овие или оние предели врз кои ќе се ширеле тргувањата и влијанијата.362)

Интересирањето на Италија кон проектите за изградбата на железничките линии на територијата на Отоманската империја, во чии состав влегувала и Македонија, а кои би се сврзувале и со соседните балкански држави, продолжило и во 80-тите годи-

ни на XIX век.

Кон секој проект се давала оценка од гледна точка на италијанските интереси дали тие со тоа добивале или губеле.

Во врска со замислата за изградба на железничка линија која ќе водела од бугарската граница кај Ќустендил до Скопје а од таму ќе се приклучела кон постојната железничка пруга за Солун италијанскиот дипломатски агент во Софија велел: "дека таа ќе била една x значајна железничка пруга, дека ќе го соединувала Егејското Море со Црното Море, и, во исто време, од Дунав завршувајќи се во Солун, станувал патот побрз за стоките за Индија." Спрема него секоја интернационална линија, било за Србија, или било за Бугарија, која излегувала во Солун, го намалувала прометот на италијанското пристаниште во Бриндизи.[363]

Секоја една изградба x на железничка пруга која се предвидувала да се изгради на територијата на Балканскиот Полуостров била во центарот на вниманието на италијанските дипломатски претставници а и на другите италијански официјални лица. Во врска со намеравановото поврзување на Источните железници со линијата Пиреј-Лариса се велело дека "големата линија која би одела од Пиреј за Солун, а одтаму би продолжувала за Виена ќе имала неоспорно најзлокобни ефекти за економската иднина на Италија, ако не се погрижела во догледно време за изградбата на еден железнички пат кој тргнувајќи од Валона ќе се сврзел со линијата Солун-Пиреј.

Овој нов пат ќе имал за ефект да се одржел за италијанските железници транзитот кој тогаш се извршувал за Бриндизи и да се xxxxxxx централизирал во едно пристаниште на Јадранот, најблиско на Бриндизи, еден дел од трговијата на Балканскиот Полуостров, на Грција и на архипелагот.[364]

Инаку италијанскиот инжинер Saccati проектот за изградбата на железницата од Валона до Солун го презентирал на Висо- ката Порта, во 1879 година. Уште тогаш италијанскиот дипломатски претставник L. Corti му доставил еден подробен извештај за тоа прашање на кралското министерство во кој што ја изложувал користа која што ќе ја имала трговијата од изградбата на горенаведената пруга.[365)]

Треба да се истакне дека освен разгледувањето на проектите во врска со изградбата на разните железници, од Италија биле испраќани лица кои што директно се запознавале со ситуацијата на теренот во врска со горното прашање. Така например една италија- нска железничка дирекција испратила во Солун инжинер да ја проучува линијата Солун-Белград, а една друга италијанска железничка дирекци- ја испратила исто така инжинер во врска со плановите за изградбата на пругата Солун-Лариса. Инжинерот Michele de Fraen ја просту- дирал пругата Солун-Прешево и за своите резултати го известувал над- лежното министерство на Турција.[366)]

Веќе во почетокот на 90-тите години на XIX век италијанската влада почнала на прашањето за изградбата на железници- те во Отоманската империја и соседните на нејзе балкански држави да xxx му посветува поголемо внимание кое што се огледало во поши- роките дипломатски контакти на нејзините дипломатски претставници со владите на останатите заинтересирани европски сили. Така италија- нскиот амбасадор во Виена Avarna имал чести контакти со австро-унгарските официјални лица во врска со изградбата на железнички линии во Бугарија и Турција. Аварна исто така разговарал во врска со горното прашање и со австро-унгарскиот министер за надворешни работи Кално- ки каде што последниот инсистирал италијанската влада да побара од

Високата Порта железниците кои што ќе се граделе во Бугарија да бидат поврзани со оние во Турција.[367]

Како италијанската влада така и самите италијански железници посветувале големо внимание кон прашањето за желе- зниците во Турција и Бугарија. Тие давале посебна оценка за оправданоста на подршката на Италија на соодветните влади за изградбат на проектираните железници. Така во еден свој извештај кралскиот генерален инспекторат на железниците, централна администрација, ко што е направен во врска со барањето од Италијанското министерство за надворешни работи за оценка што се однесувала по прашањето за проектираната железница од Ќустендил до Куманово се даваат и по- датоци во врска со положбата на местата во Бугарија каде што се има ло намера да врви таа железница било за земјата што ја преминува т.е. Македонија која што била во составот на Отоманската империја, како и неколку нови податоци за меѓународната трговија на Бугарија и на специјален начин за трговските врски со Италија.

После разгледувањето на низа елементи произле гувало дека линијата Шумла-Ќустендил, кога би била сврзана со пругата од Скопје до Солун со потегот Ќустендил-Куманово, имала за цел било да скршнува кон Солун еден дел од меѓународната трговија на Бугарија, дотогаш практикувана на линијата преку Дунав, било да даде поголем растеж на дадената трговија. Италија не гледала некој особен интерес во изградбата на горенаведената железница зашто трго вијата меѓу нејзе (Италија) и Бугарија била малку развиена но во случај да била изградена една пруга од Јадранскиот морски брег, ак се имало предвид близината на Италија, која би се надоврзала на пругата Скопје-Солун а со потегот Куманово-Ќустендил со Бугарија тогаш Италија можела сериозно да конкурира во зголемувањето на сво-

јата трговија со Бугарија.

Генералниот инспектор сметал тогаш иако не постоеле специјални италијански интереси за да се подржи изградбата на гореспомената железница со која ќе се допринесло за развивањето на меѓународната трговија на Бугарија би требало да се поткрепат чекорите кои што ги преземала оваа земја во Цариград за изградба на делот од железницата Ќустендил-Куманово.[368)]

Но по една неполна година, веројатно заради тоа што не успеала да добие одобрување од Високата Порта за изградбата на железницата Ќустендил-Куманово, Бугарија ја променила својата првобитна намера и се ориентирала на проектот за изградбата на пругата Струма-Серес која ќе ја поврзела Бугарија со Солун. Италијанскиот дипломатски претставник во врска со бараните информации од својата влада за да се поткрепело ова барање на бугарската влада и притоа нагласувал дека од Софија до Солун со овој проект на пругата патот се скратувал за 124 километри кое што било попогодно за тргувањето на Италија.[369)]

Во врска со гореспоменатиот извештај Кралското министерство за надворешни работи на Италија, со своја одлука бр. 24463 која што се однесувала на "Бугарско-турските железници", го известил отправникот на работите на италијанската амбасада во Цариград за тоа дека италијанската влада била склона да го помогне проектот за изградбата на железницата Струма-Серес, италијанскиот отправник на работите тоа требал да го стори согласно со неговите колеги од Австро-Унгарија и од Англија.[370)]

Сето горе изнесено во врска со изградбата на гореспоменатите железници слабо се реализирало во практиката. Дури во 1897 година италијанскиот дипломатски претставник во Софија

G. Silvestrelli во својот извештај од 27 октомври 1897 година јавувал дека како резултат на последната посета на бугарскиот кнез Фердинанд на Цариград султанот издал Ираде за изградба на пруга од бугарската граница близу Ќустендил до Куманово каде што ќе се приклучувала на линијата Ниш-Солун.[371] Но како што знаеме до тоа не дошло.

Од досега изнесеното произлегува дека како италијанските официјални политички кругови така и разни поединци од Италија му посветувале прилично внимание на прашањето за проектите за изградба на железници во Отоманската империја а и соседните на нејзе балкански држави. Посебно внимание се разбира се имало спрема Македонија затоа што секој проект за изградба на железници на територијата на Турција морал да ја зафаќа и Македонија која што го зазема централниот дел на Балканскиот Полуостров и за нејзините центри Скопје, Солун и Битола се предвидувало во тие проекти да бидат поврзани со железнички линии а особено се сметало Солун да стане главен железнички јазел.

Но италијанската влада немала средства а и не секогаш сретнувала на благонаклон однос на Турција за да може самата да учествува во реализирањето на тие проекти. Италија ја увидувала важноста на железниците за освојување на погодни позиции на Балканот наспрам нејзиниот најголем противник на Балканот иако и сојузник од Тројниот сојуз, Австро-Унгарија. Железниците биле битен предуслов за трговската и политичката експанзија во одредени места за секоја земја а во конкретниот случај и за Италија.

Покрај вниманието што го обрнала италијанската влада спрема проблемите сврзани со проектите за изградба на разни железници таа им посветила внимание и на настаните од 1885

година сврзани со обединувањето на Бугарското кнежевство и Источна Румелија а во врска со тоа и на реперкусиите на положбата во Македонија.

Во почетокот на 1885 година во Бугарија почнало да се одржуваат се поголем број на агитации и демонстрации кои имале за цел да допринесат за обединување на Македонија и Источна Румелија кон Бугарското кнежевство и така да се остварело она што не се остварило со Санстефанскиот мировен договор од 1878 година склучен по војната меѓу Русија и Турција. Италијанскиот дипломатски агент во Софија постојано ги известувал своите претпоставени во врска со текот на горенаведените настани. При тоа нему како и на останатите претставници на големите сили му биле врачувани разни петиции во врска со ситуацијата во Македонија во кои се барало од силите потписнички на Берлинскиот договор примена на членовите 23 и 62 од истиот договор за Македонија.

Инаку кон сите настани сврзани со Македонското прашање италијанскиот дипломатски претставник во Софија имал поведение кое било порезервирано од онаа на поголемиот дел од неговите колеги дипломатските претставници на останатите големи европски сили.[372)]

Покрај горенаведеното италијанскиот дипломатски агент исто така го известувал својот министер за надворешни работи за поставувањето во бугарскиот парламент прашањето за положбата во Македонија. Исто така и бугарскиот кнез Александар ги известувал претставниците на Австро-Унгарија, Германија, Англија и Италија во врска со активноста на бугарскиот парламент односно ситуацијата во Македонија.

Италијанскиот дипломатски претставник во Софи-

ја примал инструкции од својата влада да даде пријателски совети за воздржаност и за мудрост на кнежевската влада за да се избегнел секој повод за компликации со Високата Порта а во врска со тоа што последнава ја обвинувала бугарската влада по повод митинзите што се одржувале во Софија и во другите градови на кнежевството односно положбата во Македонија.[373)]

Во еден разговор на италијанскиот дипломатски пратеник во Софија de Sonnaz со министерот за надворешни работи на Бугарија во врска со македонската агитација, de Sonnaz на крајот од разговорот додал дека "италијанската влада била незаинтересирана (во врска со горенаведената проблематика б.м.) но за доброто на ж кнежевството, давала совети за воздржаност и за умереност во врска со македонската агитација."[374)] Од гореизложеното може да се извлече заклучок дека Италија водела умерена и незаинтересирана политика во дадениот момент.

Италијанската влада истакнувала, а тоа се гледа и преку постојаните разговори што ги имал со бугарскиот министер за надворешни работи италијанскиот дипломатски претставник во Софија,дека "најголема желба за нас (Италија б.м.) била да не гледа раѓање на компликации во овие региони кои можеле да штетат на европскиот мир, така живо сакан од кралската влада (на Италија б.м.)."[375)]

Во врска со разговорите кои што de Sonnaz ги имал со бугарските официјални личности во времето кога Македонското прашање било многу актуелизирано тој стоел во постојани xxxx контакти со отправникот на работите на италијанската амбасада во Цариград откаде што примал инструкции во врска со поедини аспекти од Македонското прашање. Инаку отправникот на работите на италијанската амбасада во Цариград инсистирал кај Високата Порта да тргне-

ла по патот за смирување на духовите во измачената македонска провинција.[376)]

Но сепак како сигурен индикатор за тоа колку останатите големи европски сили ја сметале Италија како рамноправна на нив кога се работело за преземање на заеднички акции во врска со погоре третираното прашање можело да се види од следното: кога дипломатските агенти на Германија, Австро-Унгарија и Франција почитувајќи ги специјалните инструкции примени од соодветните нивни министерства извршиле демарш кај кнежевската влада за да се воздржела од секој акт кој можел да предизвика ширење на востаничкото движење или даде повод за пролевање на крв. Италијанскиот дипломатски агент во Софија не бил поканет од горенаведените дипломатски агенти да се присоедини кон нив за заедничко истапување кај кнежевската влада.[377)]

Италијанската влада била постојано загрижена заради тогашната положба на Балканскиот Полуостров имплицирана од политиката на Бугарија спрема Македонија. Така во еден извештај каде што се зборувало за внатрешната ситуација во Бугарија во светлината на односите на кнезот Александар со Русија италијанскиот дипломатски агент de Sonnaz вели дека:"оставал да оцени на висока оценка на министерот за надворешни работи генералот грофот Robilant колку потешка ќе стане политичката ситуација на Балканот ако на сегашните тешкотии дојде и се придружи едно востание во Македонија."[378]

Инаку и италијанскиот дипломатски претставник во Солун забележувал за влошената ситуација во Македонија како последица на настаните што погоре ги наведовме. Така тој во врска со влошената јавна сигурност ни го наведува примерот дека: "Вчера еден трговец од Милано кој пошол кон Воден, заради работи со кожур-

циите од свилени буби, се вратил истиот кон Солун, исплашен од алармантните вести за непостоењето на никаква сигурност на патот, кој го одбрал и морал да се врати назад."[379]

Од сето горе изнесеното може да се заклучи дека италијанската официјална политика му посветувала прилично внимание во дадените околности на ситуацијата во Македонија низ аспектот на реперкусиите на тогашната положба во Бугарија како и со тоа што Италија била заинтересирана за запазувањето на мирот во Европа а кој што бил загрозуван со постојаните кризи во врска со Источното прашање.

Исто така треба да се истакне и тоа дека италијанската влада посебно внимание му посветувала на католичката пропаганда во Македонија спроведувана преку разните мисионери кои што работеле во интерес на католичката црква а и на Франција и xx Австро-Унгарија.

Најмногу место во извештаите на италијанските дипломатски претставници било во Цариград било во Солун се посветувало на дејноста на Мисијата на лазаристите.

Видливите спротивности меѓу официјалната италијанска политика и дејноста на лазаристите се огледале во тоа што последните настојувале се повеќе да се раширува францускиот јазик меѓу католиците на сметка на италијанскиот јазик.[380]

Италија и Франција, последната користејки ја помошта на Мисијата на лазаристите, воделе борба за покровителството над католиците во италијанската колонија во Солун и воопшто во други места.

Мисијата на лазаристите барала помош покрај од останатите места и од Италија за својата дејност и била единствена

католичка религиозна заедница која се наоѓала во Македонија. Молбата за доделување помош на Мисијата на лазаристите ја имаше испратено монсињорот Bonetti до италијанскиот крал. Во врска со ова италијанскиот министер за надворешни работи грофот Nicolis di Robilant барал мислење од италијанскиот дипломатски претеник во Цариград Galvagna за тоа каква била дејноста на Мисијата на лазаристите.

Преку ова мислење ние можеме да дознаеме за италијанскиот официјален став спрема дејноста на Мисијата на лазаристите особено за нејзината дејност во Македонија. Братсвото на лазаристите вели Galvagna, заедно со монсињорот Bonetti, била една мисија која правела забележителни служби на христијанството поради тоа што била единствена католичка религиозна заедница која се наоѓала во Македонија. Целта на таа мисија била суштествено политичка, настојувајки да се вратат расколниците во крилото на Римската црква. Вредно потпирани од Франција лазаристите исто така настојувале да се шири француското влијание во овие предели, пропагирајки го францускиот јазик и со тоа нанесувале потполна штета на италијанското влијание. Спрема Galvagna помошта на Мисијата на лазаристите и била потребна да стекнува нови терени за својата дејност. Се на се може да се каже дека ставот на италијанската влада спрема дејноста на Мисијата на лазаристите во Македонија ~~хх~~ а и воопшто бил нетолерантен со оглед на тоа што лазаристите настојувале да го истиснат ~~х~~ италијанското влијание за сметка на француското влијание.[381)]

Од горенаведеното може да се види а и посебно треба да се истакне дека италијанската влада особено внимание му посветувала на своите колонии кои што биле основани во разните

места на Отоманската империја а нас овде конкретно во нашиот случа не интересира за италијанските колонии во Македонија, за што погор пообемно се осврнавме во одделот за извештаите на италијанските конзули во Солун по оваа проблематика. Во периодот до 1893 година како и после овој период до Илинденското востание константни се настојувањата на италијанската влада да им овозможи на своите пода никци во тие колонии услови за непречен развој на економското, културното и политичкото поле и покрај настојувањето на останатите големи сили особено на Франција тоа да се попречи. Најголемата италијанска колонија во Македонија била во Солун а такви колонии имало и во некои други помали места како во Кавала и др. Инаку значителен дел на италијанските поданици во Турција а исто така и во Македонија како што истакнавме и погоре не биле Италијанци исто така по национaлност. Италијанската влада гледала во растот на италијанските колонии на Истокот средство за укрепување на своето влијание и земала во поданство многу лесно.

Под претекст за заштита на своите поданици во овие колонии италијанската влада испраќала во Солун и Кавала во врска со повремените заострувања на ситуацијата а и по други поводи свои воени бродови во пристаништата на споменатите градови. Ова имало за цел покрај другото и за подигнувањето на угледот на Италија во очите и на другите странски поданици во горенаведените пристаништа.

При честите посети на италијанските поморски единици на Солунското пристаниште нивните команданти ги посетувале турските раководни личности во Солун. Во врска со импресијата која била предизвикана кај сето население во Солун со посетата на италијанската поморска дивизија во текот на 1886 година, која покрај

Солун ја посетила и Кавала, италијанскиот конзул во Солун F. Bruni вели дека тоа било еден вид на материјална потврда на силата на Италија и ефектот од пристигањето на италијанската поморска дивизија бил одличен. Повидните личности на италијанската колонија во Солун биле претставени на бродот на командантот на поморската дивизија.

Исто така ваквите посети имале придонесувано за зајакнувањето на славата на Италија во Солун и другите места и присутноста на италијанските поморски единици имало сигурно помагано, според зборовите на италијанскиот конзул во Солун F. Bruni, на моралното влијание на Италија и за заштитата на италијанските интереси.[382)]

Меѓутоа Италија му посветувала внимание на Македонското прашање и низ призмата на своите становишта во врска со некои проекти за создавање на една балканска конфедерација.

4. Односот на Италија кон прашањето за балканска конфедерација

Во средината на 80-тите години на XIX век Италија му посветувала доста внимание на разните проекти во врска со создавањето на една балканска конфедерација во која би биле опфатени како териториите што биле во составот на Отоманската империја така и независните балкански држави. Во ова секако би била вклучена и Македонија. Италијанските дипломатски претставници како во Софија така и во Белград му посветувале доста простор во своите извештаи на оваа проблематика.

Италијанскиот дипломатски агент во Софија de Sonnaz сметал дека идеата за создавање на една балканска конфедерација потекнала од султанот, кој што се стремел преку создавањето

на овоа конфедерација да ја зголеми својата важност и сила. Но de Sonnaz сметал дека создавањето на една таква конфедерација би довело до соперништво на Србија и Грција, без да се сметале и големите сили односно нивните противоречности, за иднината на Албанија, и помеѓу Грција и Бугарија за Македонија, и во едни вакви услови Србија и Грција не ќе можеле да пристапат во Балканската конфедерација заедно со Отоманската империја. Се оценувало дека замислата за една конфедерација помеѓу балканските држави можела да доведе до едно практично остварување на плановите на заинтересираните страни кои што имале така спротивни интереси помеѓу себе.[383)]

Во истото време и италијанскиот дипломатски претставник во Белград обрнувал внимание на реагирањата во претстолнината на Србија во врска со проектот на султанот за создавање на една балканска конфедерација. Се сметало дека ако се успеело горенаведената идеа да се изведе во пракса ќе станела добра препрека против опасностите од руското навлегување или од австро-унгарското завладување. Српските официјални личности воделе често разговори со италијанскиот дипломатски претставник во Белград во врска со прашањето за проектот за една балканска конфедерација. Истиот особено го повикувал вниманието на својот министер за надворешни работи во врска со држењето на Австро-Унгарија во ситуацијата ако тогаш би дошло до создавањето на замислената балканска конфедерација.

Од друга страна во врска со политиката на Русија италијанскиот дипломатски претставник во Белград зборувал: дека за спречувањето на руската експанзија требало да се засилеле малите балкански држави и да се спречел патот на Русија кон Цариград.

Во еден извештај на италијанскиот дипломатски претставник во Белград од 5 мај 1886 година во врска со про-

блемот за создавањето на една балканска конфедерација се вели исто така дека за тие кои што учествувале во движењето за обединувањето на Италија идеите за една балканска конфедерација, каде што се споменувало обраќање на некој моќен странски владетел евоцирале неприродни сеќавања, но сепак кон создавањето на една таква конфедерација се гледало со наклоност од страна на Италија и се сметало дека ќе можело да и користи на нејзините интереси.[384)]

Според горе реченото можеме да заклучиме дека италијанските дипломатски претставници во Софија и Белград, а преку нивните извештаи, и италијанската влада гледале спрема плановите за создавањето на една балканска конфедерација низ аспектот на сопствените интереси кои се огледале во заштитата на Балканскиот Полуостров од опасноста на руското навлегување или од австро-унгарското завладување. Инаку посебно за ставот на Италија спрема Македонија во врска со создавањето на една балканска конфедерација во извештаите што ни се достапни не среќаваме.

Од досега реченото, што се однесува на италијанската политика спрема Македонија во периодот од 1870 до 1893 година, можеме да извлечеме еден општ заклучок во кој што ќе ги изнесеме главните релации во кои што се движела италијанската политика спрема Македонија во овој период.

1. Италија во овој период немала изградено свои политички ставови посебно спрема Македонија и Македонското прашање поради низа околности во прво време заради зафатеноста со внатрешните проблеми на новата обединета италијанска држава.

2. Треба да се истакне и неактивноста на италијанската надворешна политика во поделните фази на Источното прашање кога се решавал проблемот за опстанокот на Отоманската

империја како напр. на Берлинскиот конгрес во 1878 година кога Италија како што истакнавме погоре немала своја дефинирана политика било општо спрема Отоманската империја било посебно спрема Македонското прашање. И во текот на понатамошните кризи како напр. во времето на кризата која што била предизвикана со обединувањето на Бугарското кнежевство и Источна Румелија и во врска со тоа положбата во Македонија.

3. Меѓутоа треба да се спомене и тоа дека и покрај тоа што не била доволно преокупирана со Источното прашање Италија будно го следела поведението на останатите големи европски сили на Балканот посебно во неговиот западен дел и тоа особено за активноста на Австро-Унгарија во Македонија и во Албанија, помалку на Франција и на Русија.

Основните премиси на италијанската надворешна политика кои што ја потенцирале политиката на незаинтересираност спроведувана од страна на Италија доминирале и во периодот од 1893 до 1903 година заклучно со Илинденското востание. Меѓутоа можат да се забележат извесни промени во италијанската политика спрема Македонија во првите години на XX век кои се карактеризирале со поголема заинтересираност за настаните во Македонија како последица на активноста на Македонското револуционерно и националноослободително движење. Ова нешто особено ќе дојде до израз во периодот непосредно после Илинденското востание во 1903 година за што ќе стане збор во нашето натамошно излагање.

## II. Италијанската политика кон Македонија во периодот од 1893 година до Илинденското востание во 1903 година

Во периодот од 1893 до Илинденското востание во 1903 година италијанската политика спрема Македонија може да се констатира дека се одвивала на два плана и тоа во врска со нејзините контакти со големите европски сили во однос на Македонското прашање и ставот на Италија спрема Македонското национално-ослободително движење иако за тоа во извештаите на италијанските дипломатски претставници од теренот на Македонија посебно не се зборува освен што се регистрирале настаните во врска со активностите на тоа движење.

Италија настојувала како и во претходниот период да го следи развојот на Македонското прашање во склопот на нејзината глобална политика спрема Турција и воопшто спрема Балканот. Како што порано кажавме и покрај тоа што Италија ја спроведувала својата политика на незаинтересираност прокламирана уште од времето на Берлинскиот конгрес во 1878 година се забележувале извесни промени во италијанската политика спрема Македонија во првите години на XX век во времето кога како две најзаинтересирани сили по Македонското прашање се јавувале Русија и Австро-Унгарија, особено по склучената меѓусебна согласност во 1897 година, а Италија настојувала да се појави како трета заинтересирана сила во врска со Македонското прашање.

Во текот на овој период на Балканот се одиграле низа настани во врска со Македонија и околу неа поврзани со прашањето на опстанокот на Отоманската империја кои нормално предизвикувале интерес кај Италија поради нејзината географска блискост а исто така во врска со ставот на нејзините односи со големите европ-

ски сили а овде посебно станува збор за Австро-Унгарија која настојувала да продре на Исток со што се нарушувале плановите на Италија во врска со нејзината балканска политика и воопшто нејзината источна ж политика. Настаните кои што ги иницираве погоре се: големобугарските вооружени акции во Македонија, Критското прашање, грчко-турската војна во 1897 година која иако војнички завршила со победа на Турција таа придонела уште повеќе да се смалат териториите на Европска Турција во корист на Грција.

Сето ова нормално ја зголемила заинтересираноста на Италија спрема Македонија во дадениов период. Според некои весници од почетокот на XX век се вели дека дури тогаш во западное европскиот печат почнало да се споменува почесто, дека Италија имала интереси на Балканскиот Полуостров, кои што не се согласувале со австриските. Исто така многу италијански весници и напомнувале на својата влада, да следи внимателно, како работела Австро-Унгарија на југ од Босна, бидејки италијанските интереси на Јадранското Море сериозно биле заплашувани од италијанскиот сојузник и сосед. Од тоа некои публицисти направиле заклучок, дека Италија имала претензии и врз Македонија. Во најголема мера како што е и истакнато италијанските интереси се спротивставувале на австриските во Албанија. Оттаму антагонизмот минувал и на Македонска почва.

Од друга страна за да го закрепела своето влијание во Албанија, италијанската влада барала да и се даде концесија на италијанската компанија за изградба на железничка линија од Битола преку Охрид и Елбасан за Драч или Валона. Италијанските инжинери во 1892-3 година ја проучувале таа линија и во Рим се верувало на успех. Но австриската дипломатија го осуетила во Цариград тој италијански план и султанот не го издал очекуваното ираде. Тоа

тогаш многу ги раздразнило Италијанците, но, повисоките државни интереси, ги запреле непријатностите меѓу двете сојузнички влади.

Впрочем било познато дека Италија не сакала да се раширува австриската власт врз албанските земји. Од друга страна неоспорно било дека Австро-Унгарија полагала големи грижи да спечали почва во Албанија. Австро-Унгарија барала пат за Солунскиот залив кој би врвел низ Македонија а да се осигура тој требало Австро-Унгарија да ги зацврсне своите позиции во Албанија.

Од досега изложеното може да се добие претстава дека Италија во Македонија не преследувала завојувачка политика. Како што е истакнато во претходните поглавија дека после Кримската војна Италија имала голема трговија со Солун и беше успеала да заземе првенствена положба во трговските односи меѓу тој град и Западна Европа. Тогаш се засилила италијанската колонија во Солун, која држела важно место по број и во дадениот момент; тогаш и италијанскиот јазик постигнал голем успех во неговото ширење во тој xxxx град. Но во периодот кој што го разгледуваме кон крајот на XIX век положбата многу била изменета. Италија останала многу назад во трговијата со Солун, поназад од Австро-Унгарија, Германија, Франција и Англија. Но италијанската влада правела сериозни усилија да го надокнади изгубеното. Таа го подржувала италијанското трговско училиште во Солун, ги покровителствувала неколкуте богати европски куќи во тој град, субсидирала параболодски компании, кои што ги сврзувале италијанските пристаништа со Солун и се стремела да избира способни луѓе за свои политички агенти. Целта на Италија била xx да ја засили својата трговија со Македонија. Тогаш се сметало дека ако еден ден Македонија директно или индиректно би паднала под власта на Австро-Унгарија, тогаш Италија ги загубувала веднаш и засе-

когаш не само сите македонски пазари, но и пазарите на целото Егејско Море. Од таму и произлегувало соперништвото на Италија спрема Австро-Унгарија во Македонија. Тоа било природно и им се налагало на Италијанците од нивните најсуштествени интереси.

Таквата заинтересираност за Македонското прашање од страна на Италија допринесувала во дадениот период ова прашање да се разгледува во низа студии од различни италијански автори. Тие во своите расправи го негирале мислењето на европската дипломатија која го имала одвоено Македонското прашање од источниот проблем: но во тој источен проблем имало други парцијални проблеми кои подиректно, поради историски, географски и политички причини, биле поврзани на Македонското прашање и се блиско заинтересирани за своето развивање. Ситуацијата во Македонија не можела да не се рефлектира и на положбата на останатите прашања, толку повеќе што само во овие ќе биде можно да се најдат замени и рамнотежи за некои сили во контраст на македонското поле.[385)]

Албанија и Епир биле проблеми поврзани со македонскиот проблем, и од него не можеле да бидат одвоени-толку повеќе земајќи го во предвид ширењето, кое дипломатијата тогаш го имала дадено на македонската територија, и која географски се граничела со териториите на Албанија и Епир. Amadori-Virgilj G., нагласува дека сите три провинции Албанија, Епир и Македонија секогаш си ја запазувале нивната посебна битност без обзир xx на допирните точки на нивните проблеми. Елементите на Македонското, Епирското и Албанското прашање, политичките организми од кои се развивале контрастите на интересите и силите кои дејствувале а тоа биле три, и сите три функционирале паралелно: домашното население, балканските државиxxx и големите xxxx сили. Тоа биле три категории на

интереси, на сили, на тенденции кои биле диференцирани помеѓу нив и внатре од нив но дека исто така често се комбинирале на различен начин според моментот и местото.[386)]

Македонското прашање, покрај значителниот интерес што го предизвикувало кај италијанските официјални политички кругови, било разгледувано исто така и на страниците на италијанскиот печат. Ова особено се однесува за почетокот на XX век.

Така италијанскиот весник "Tribuna" чие пишување го пренесува весникот "Реформи" од 5.X.1902 година, откако ги разгледува македонските работи, кажувал, "дека никој не можел да го оспори правото на Турција да го задуши едно евентуално востание, но секое преминување кон жестокости ќе повлечело позади себе неизброени беди; ете зошто, неопростително би било, ако во Македонија, како што едно време станало во Ерменија, се попречило да се воведат реформи, кои што би ја осигурале и целоста на турското царство, па би дале и сигурност на христијанското население. Весникот ја обвинува Австро-Унгарија за неискреност спрема Македонија; една "Македонија за Македонците"-спрема пишувањето на "Tribuna", - која што би можела да стане како средиште за проектираната Балканска конфедерација, помалку ќе служела на австриските интереси, како што била и една "Ерменија за Ерменците" - на руските. За тоа никако не треба да се чудиме, продолжува понатаму "Tribuna", ако од Виена прават пречки да се издигне македонската народност."[387)]

Италијанскиот печат решително се искажувал во полза на христијанското население во Македонија. Речиси сите видни органи го осудувале дотогашното бездејствие спрема турското бесправие во европските владенија на султанот. Весникот "Tribuna" кој исто така погоре го цитиравме и кој што ги изразувал погледите

на италијанската влада, напечатил тогаш неколку статии по Македонското прашање. Тој весник отворено велел, дека пред европските сил тогаш стоела дилемата: широки реформи, во смисла на автономија, ил пак разделување на турските владенија. Друг начин за разрешување н Македонското прашање, кое што се наложило на Европа, спрема пишува њето на весникот "Tribuna" било невозможно. Со такви реформи, какви што ги издала турската влада, не можело да се постигне умиро творението на Македонија и да се запазел мирот на Балканскиот Полуостров.

Турција веќе ја докажала својата неспособност да воведе во своите владенија едно човечко управување: силите треб ле да го осигурат животот на христијаните со полна автономија. Што се однесувало до Италија - велел органот на италијанските владини кругови - таа, верна на своите традиции, ќе застанела на страната на христијаните, кои што ужасно страдале од една безчовечна управа и на кое што Европа е гарантирала полно самоуправување.[388]

Настаните на Балканскиот Полуостров особено во Македонија освен што предизвикале внимание во печатот и политичкит кругови набргу го привлекле вниманието на италијанскиот парламент благодарение на прашањата на пратениците Чирмени и Сантини односно дејствијата, кои владата мислела да ги хххххх превземе после трагичните настани во Солун. (Станува збор за Солунските атентати б.м При тој случај се појавило разногласие меѓу владата и оние што го поставиле прашањето по изгледите кон најблиските задачи на Италија тоа разногласие не можело да се мине молчешкум, х затоа што и дват пратеници што ги поставиле х прашањата претставувале доста опширна и влијателна група од населението, кое го создавало општественото мислење во Италија.

Министерот за надворешни работи Morin забележал, дека новиот пресврт, кои што го земале востаничките движења во Македонија, не можел да ги измени општите принципи, кои што ја воделе политиката на Италија во Источното прашање. А тие принципи се засновувале во заедничкиот стремеж со другите заинтересирани држави да се прекратат безредијата и да ги спречат меѓународните усложнувања, кои што последните ги беа повлекле. Во тоа време запазувањето на статус-кво што се сметало од сите држави како најдобра гаранција за мирот; кон достигањето на општата цел биле насочени заеднички те солидарни дејствија. Според пишувањето на весникот "С.П.В." Италија немала причини да се откажува од таа политика и за понатаму бидејќи меѓу државите, заинтересирани во работите на Блискиот Исток, постоела полна согласност како при оценката на настаните во Солун, така и односително начините и средствата да се ослаби значењето на последните и да се предупредат за нивните последици. Испраќањето на воените паребродови, изјавил министерот, било станало исклучително да се помогне и да се заштитат италијанските граѓани: штом спокојството во Солун се воспоставило, италијанските парабродови го напуштиле Солунското пристаниште. Имено таа изјава на министерот не ги задоволила интерпелаторите. Тие сметале, дека не требало да се отстапува. Штом воената ескадра минала на спротивниот брег на Јадранското Море, не требала да толку брзо да се врати назад: не требало да се заборави дека балканското прашање во чиј што склоп било и Македонското прашање, било животно прашање за Италија, така што ескадрата требала да остане во странските води, додека на Балканот постоело законото италијанско право. Тоа било гласот на оние политички групи, кои отворено го изјавувале историското право на Италија врз Јадранското Море, кое што требало да стане

"латинско езеро".[389)]

Во погоре изнесеното воглавно се осврнавме глобално за ставот на Италија спрема Македонското прашање воопшто со поголемо потенцирање на последните години од XIX и почетокот на XX век зашто за ова време располагаме со повеќе податоци а и Италија токму во тие години покажувала поголем интерес кон меѓународните аспекти на Македонското прашање кога таа будно ги следела акциите на големите европски сили во врска со заострената ситуација во Македонија. Конкретно станувало збор за акциите на Русија и Австро-Унгарија, т.е. за изработените од нив и приложени реформи за администрацијата на трите македонски провинции и кои биле предложени од владите на двете земји на Високата Порта а од Италија како на друга сила, биле поткрепени и биле прифатени од турската влада.

Инаку реформната програма била донесена на 8 февруари 1903 година во Виена од страна на претставниците на владите на Русија и Австро-Унгарија кои уште со спогодба од 1897 година го санкционирале својот однос на "заинтересирани" за работите на Балканот, односно за Македонија. Според оваа програма се предвидувала реорганизација на турската жандармерија и полиција, самостоен буџет, замена на десетокот со земјишен данок и друго. Меѓутоа, овие реформи не донесле никакви резултати.[390)]

И покрај тоа што Австро-Унгарија и Русија истапувале самостојно во врска со примената на проектот за реформи на администрацијата тие настојувале покрај останатите и Италија да ја поткрепи нивната акција кај Високата Порта. Така во телеграмата на италијанскиот амбасадор во Виена **Nigra** од 17 април 1903 година испратена на италијанскиот министер за надворешни работи се вели дека грофот Голуховски, австро-унгарскиот министер за надворешни

работи, му изјавил на Nigra дека на баронот Pasetti му било наложено да го замоли италијанскиот министер за надворешни работи да биде поткрепена од италијанскиот амбасадор во Цариград една нова препорака од Австро-Унгарија и од Русија на Високата Порта за да таа дејствува со голема енергија во прилагањето на реформите, и во спречувањето на востание во македонските вилаети.[391)]

Исто така и самиот италијански амбасадор во Цариград Malaspina во разговорот што го водел со султанот, сообразно со инструкциите од италијанскиот министер за надворешни работи, на 23 април 1903 година, му ги изнесол на султанот опасностите од тогашната ситуација на работите кои побарувале брзи и ефикасни мерки, за да би се спречиле според неговите зборови новите безредија, за смирување на агитацијата и остранување на пречките кои што се спротивставувале на ефективното прилагање на реформите.[392)] Преку сите контакти што ги одржувал италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina видно било настојувањето на италијанската влада за зачувувањето на статус-квото на Балканскиот Полуостров поради веќе порано изнесените соображенија.

За да ја дефинираме италијанската политика спрема Македонија во дадениов период се служиме и со извештаите на италијанските дипломатски претставници кај големите европски сили како напр. Петроград, Виена, Париз, Лондон, Берлин и кај балканските држави. Тие на посреден начин преку коментари на акциите на владите на големите европски сили во врска со Македонското прашање го даваат ставот на Италија во врска со ситуацијата во Македонија. Исто така во овие извештаи биле пренесувани и официјалните ставови на големите европски сили во врска со засилувањето на револуционерното движење во Македонија. Но треба да се нагласи дека овие изве-

штаи воглавно се однесуваат за 1903 година т.е. кога Македонското прашање се актуелизирало во најголем степен.

Италијанската влада одржувала контакти во врска со ситуацијата во Македонија покрај со владите на двете нај-заинтересирани сили по Македонското прашање Австро-Унгарија и Русија и со француската влада која се јавувала како помалку заинтересирана во врска со овој проблем во споредба со горенаведените земји. Но сепак треба да се каже дека со оглед на глобалните француско-италијански односи во светлината на нивните стремежи за нови територијални освојувања во Африка, министерот за надворешни работи на Франција XXXXXXXXX Делкасе во врска со положбата во Турција, воопшто во овој регион и ефектите што ги предизвикала објавувањето на "<u>жолтата книга</u>" разговарал со амбасадорите на Австро-Унгарија. Англија, Русија и Турција но немал разговарано со оние на Италија и Германија. Но сепак на италијанскиот министер за надворешни работи му е пренесено од страна на италијанскиот амбасадор да ја прегледа "жолтата книга" и ако имало забелешки да се доставеле до министерот за надворешни работи на Франција Делкасе.[393)]

Руската влада, според извештајот на италијанскиот амбасадор во Виена **Nigra**, ги известила преку грофот Ламсдорф министер за надворешни работи на Русија, владите на Италија и Франција со посредство на руските амбасади во Рим и Париз доставувајки им документ дека Бугарија во случај на востанички движења против Турција не би можела да смета на некаква подршка од руската влада а исто така и носителите на тоа движење не би можеле да сметаат на некаква подршка и дека ќе се оставела Турција да презема секакви мерки за да се спречат востаничките движења.[394)]

Италијанскиот амбасадор во Лондон **Pansa**

исто така со внимание го следел реагирањето на англиската влада во врска со австро-рускиот проект за реформи а известувал и за контактите што ги имал англискиот министер xxxx за надворешни работи со кабинетите во Рим, Париз и Берлин во врска со ставовите на амбасадорите на Австро-Унгарија и Русија по однос на прашањето за реформите.[395)]

Треба да се истакне дека во извесна мера за оценките на италијанската политика спрема Балканот а во конкретниот случај за Македонското прашање ни помагаат и извештаите на италијанските дипломатски претставници во Букурешт. Чести биле разговорите меѓу романскиот министер за надворешни работи Bratiano и италијанскиот дипломатски претставник во Букурешт околу настаните на Балканскиот Полуостров од почетокот на XX век особено после актуелизирањето на Македонското прашање, бидејќи и Романија била раководена од свои одредени интереси во врска со ова прашање. Италијанскиот дипломатски претставник го уверувал романскиот министер за надворешни работи за акцијата на Италија за зачувување на "статус-квото" и околу начинот на гледање на италијанската влада со обзир на тогашната долготрајна експанзија на Австро-Унгарија на морските брегови на Источен Јадран.[396)]

Италијанската влада по разни патишта одржувала контакти, и покрај веќе порано споменатите меѓусебни противоречности, со својата сојузничка од Тројниот сојуз Австро-Унгарија во врска со активноста на последнава заедно со Русија околу изработката на проектот за реформи на македонските вилаети, иако Италија ја имала Австро-Унгарија како главен противник на својата експанзија спрема Балканскиот Полуостров имајќи ги предвид претензиите на Австро-Унгарија спрема јужниот и источниот дел на Балканот. Итали-

јанскиот амбасадор во Виена **Nigra** водел разговори со австро-унгарскиот министер за надворешни работи грофот Голуховски во врска со австро-руското проект за реформи во македонските вилаети и во овие разговори сметајки на репутацијата на италијанската влада било во Цариград било во Софија а тоа го истакнувала и австро-унгарската влада, италијанската влада се декларирала готова да се присоединела на задачата за соработување во мисијата, како што вели **Nigra**, за ред, за воспоставување мир и за надзор на статус-квото, која силите ја имале преземено советувајки ја Високата Порта за приложување на познатите реформи во македонските вилаети.[397)]

Во досегашното излагање имавме намера да ги изложиме општите ставови на Италија спрема Македонското прашање во рамките на своите односи со другите заинтересирани европски сили и балкански држави спрема ситуацијата во Македонија во периодот од 1893 до 1903 година. Инаку покасно во продолжението посебно ќе се осврниме на ставовите на Италија спрема одделните аспекти на Македонското прашање како напр. појавата и развитокот на македонското национално-ослободително движење до Илинденското востание во 1903 година, дејноста на странските пропаганди и тн.

Главна карактеристика на италијанската политика во гореспоменатиот период што се однесува до Македонското прашање е немањето на посебна дефинирана политика од страна на Италија во даденото временско раздобје како што било и во поранешниот период од 1870 до 1893 година. Поради тоа Италија воглавно се јавувала во улога на придружничка во акциите на останатите европски сили во конкретниот случај најзаинтересираните по Македонското прашање Австро-Унгарија и Русија. Таквите становишта на Италија датирале уште од порано во времето на кризата на Крит. Така во деба-

тите за работите на Крит во италијанскиот парламент, Висконти Веноста изјавил дека Италија, со обзир на своите интереси на Медитеранот морала да земе учество во заедничката акција на силите. Воопшт речено Италија сакала Источното прашање секогаш да се поставува по заштита на обединетите сили.[398)]

Согледувајќи дека Австро-Унгарија извонредно ја засилувала дејноста во Албанија по сите насоки допринесло многу да се заплаши Италија и во Рим се набљудуваше брза промена на политиката. Италија сакала да си го запази влијанието врз источниот брег на Јадранското Море. И затоа таа се ~~хх~~јавувала како покровите на она течение во Јужна Албанија кое барало автономија. И според весникот "Право" тоа било од голема важност за решението на Македонското прашање.[399)]

Австро-руското согласување од 1897 година многу повлијаело за понатамошното определување на италијанската политика имајќи го предвид фактот дека тоа воглавно се однесувало за Источното прашање во чии сфери влегувало и Македонското прашање и според изјавите на самиот министер за надворешни работи на Австро-Унгарија грофот Голуховски како резултат на тоа согласување доаѓа и француско-италијанското согласување кое ги имало истите причини и истите соображенија, какви ги имало австро-руското.

Спрема весникот "Право"од 1902 (?) година причините и соображенијата на француско-италијанското согласување биле следните: спорот меѓу тие две држави изникнал од нивното соперништво на Средоземното Море или или поарно речено од опасноста со која Италија се е вообразувала, дека била заплашувана од Франција. Откако Италија добила најкатегорични уверувања, дека не само немало опасност за Италија на Средоземното Море, но дека Франција не

би имала ништо против завземањето на Триполис од Италија, министерот Принети при тогашните дискусии во италијанскиот парламент изјавил, дека во Тројниот сојуз немало ниту општи стипулации, ниту специјални конвенции, кои ја визирале Франција. 400)

Иако италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina во текот на крајот на 1902 и 1903 година во своите извештаи често пишувал за австро-рускиот проект за администрацијата на провинциите на Европска Турција во кое често имало и ставови на италијанскиот амбасадор од кои на индиректен начин може да се види и италијанската оценка на ефективната вредност од примената на тие реформи било во провинциите на Европска Турција било во македонските вилаети.

Во врска со мерките што ги преземала турската влада а во согласност со мерките што биле приложени од горепоменатиот австро-руски проект, а кои имале за цел подобрување на администрацијата на провинциите на Европска Турција во кои влегувала и Македонија, италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina после размената на мислења со своите колеги во врска со предложените мерки од Високата Порта, се уверил дека тие не биле доволни за елиминирање на причините за незадоволството на христијанските народи и за намалување на агитациите во Македонија и во Бугарија.

Со турскиот министер за надворешни работи дискутирал подетално за секоја приложена мерка и ги изнесувал своите забелешки. Исто италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina специјално инсистирал на едновременото приложување на горенаведените мерки без разлика во сите провинции на Европска Турција. Во споредба што сториле дипломатските претставници на големите европски сили во Цариград, во врска со прилагањето на реформите, не сториле повеќе во влијание врз Високата Порта за ефективно приложување на реформите отколку италијанскиот амбасадор во Цариград со исклучок

на отправникот на работите на Франција кој што ја советувал Високата Порта во името на својата влада да преземе серија ефикасни мерки за да се спречат тешките компликации, инсистирајки посебно на потребата за осигурување на исплаќањето на трупите и на функционерите и елиминирање за во иднина злоупотребите при собирањето на данок.[401]

Италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina пишувал во своите извештаи испраќани на министерот за надворешни работи во врска со дотогашниот тек на настаните како последица на прилагањето на проектираните реформи и вели дека веќе требало да заврши периодот на припреми за примена на горенаведените административни уредби и дека било време тие мерки да се спроведат во дело и да има гаранции за нивното извршување.

Malaspina направил аналогни чекори во врска со спроведувањето на проектираните реформи, иако доста тешко, кај Високата Порта како оние на неговите двајца колеги од Русија и Австро-Унгарија во името на италијанската влада без да ги знае точните граници на соопштенијата на неговите колеги; но неговите препораки генерално се поклопувале со нивните и тој се ослонувал да ги повтори на Високата Порта специјалните и конкретни прашања и препораки кои биле плод на прецизни согласувања на амбасадорите на Австро-Унгарија и Русија и покрај тоа што ниту еден од двата амбасадори не го поканил да учествува во заедничкото изработување на проектираните реформи за прилагање во европските провинции на Турција.

Известувајќи го својот претпоставен министер за надворешни работи во врска со мерките кои што се преземале за подобрување на положбата во Македонија тој кажувал дека од ден на ден дипломатската активност била се поголема и го молел својот

министер за надворешни работи какви норми на владеење за секоја евентуалност би требало да се следат.[402)]

Италијанскиот амбасадор во Цариград и во народната 1903 година му посветувал интензивно внимание во своите извештаи во врска со проектот на реформите за Македонија кој го изработиле амбасадорите на Австро-Унгарија и Русија после посетата на руският министер за надворешни работи Ламсдорф на Виена. Со овој проект биле запознати односните заинтересирани влади и се барале нивни предлози. Во врска со ова италијанскиот амбасадор Malaspina во својот извештај вели: "Она што ми беше речено завчера од баронот Каличе е потврдено денес од Зиновиев. Обајцата се воздржаа да ме запознаат подробно околу тој проект кој го чуваат со најсовршена внимателност. Баронот Каличе кој оценил за корисно да се задржува со голема упорност на овој аргумент, се ограничил да ми каже дека замислата за генерален гувернер единствен за цела Македонија ги исклучува предлозите сега конкретизирани додавајќи дека не се воздржува да достави околу тие прецизни известувања, произлегувајќи дека, ако се одобрени од двата кабинета пристигнати на својата влада истото соопштено на Вашата Екселенција (т.е. министерот за надворешни работи на Италија Принети б.м.)."[403)]

Карактеристичен е ставот на Malaspina кога го оценува австро-руският меморандум во врска со административните мерки за Македонија од аспект на нивниот одраз на соседните на Македонија провинции во рамките на Европска Турција, кога истиот вели дека интересите и влијанието на Италија ќе страдале ако акцијата на Австро-Унгарија и Русија дојде по сила на работите раширена надвор од границите фиксирани со меморандумот, т.е. ако двете сили биле во настроение да ја окупираат Албанија заради одразот од со-

стојбата на работите во Скадарскиот и Јанинскиот вилает која се рефлектирала во македонските вилаети.

Една таква акција според зборовите на италијанскиот амбасадор во Цариград која би требала тогаш да пристигне практично ќе имала големо влијание врз идното решение на албанското прашање. Макар што согласувањата на Италија со Австро-Унгарија исклучувале решенија кои не се сложувале со италијанските, не требало да се губи од вид според неговите зборови дека Албанија се граничела на север со Црна Гора, словенска држава и на југ со Грција, православна држава и дека побарувањата на оваа последната во Македонија според зборовите на Malaspina биле отстранети, нивните аспирации тогаш се носеле на југ на Албанија и дека Русија можела во такви услови да присакува идни комбинации кои би биле приспособливи за давање на некаква задоволеност на тие две држави.

На секој начин, продолжува Malaspina, во својот извештај, режимот создаден во Македонија од тогашните реформи имајки временен карактер, останувало сомнение ако дефинитивното решение на Македонското прашање дозволувало одржување на статус-квото во Албанија.

Наспроти на таа ситуација тој си дозволувал да го искаже мислењето кое било во интерес за Италија да ги спречи настаните да одат во нејзина штета, да се спогоди со Австро-Унгарија во врска со албанското прашање и да се дополнат согласувањата што од порано постоеле за тие прашања.

Врз комплексот на реформите кои биле предложени од Австро-Унгарија и од Русија не можело да се донесе според зборовите на Malaspina благонаклонето мислење. Истото го забележувал и за Меморандумот на мерките кои би се презеле за спречување на

немирите во Албанија. Што се однесувало до ефикасноста на истите реформи му се чинело сомнително дека Високата Порта била во состојба да ги изведе целосно и неодложно приложените реформи и дека добрите замисли кои што биле презентирани во горенаведениот проект и кои султанот ги прифатил и дали царската власт ќе успеела да воспостави во Македонија една нормална ситуација.404)

Италијанскиот министер за надворешни работи вице-адмиралот Morin покрај од италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina во врска со положбата во Македонија во однос на спроведувањето на реформите бил запознаван исто така и преку извештаите на италијанските конзули во Македонија. Во еден извештај испратен до својот министер за надворешни работи, а направен врз основа на извештаите што ги добивал од италијанските конзули во Македонија, Malaspina, вели дека во разговорот со другите амбасадори на европските сили, изнесувал едно песимистичко гледиште во врска со ситуацијата во Македонија. Според извештаите од конзулите а и од друга страна не се исклучувала можноста од една ненадејност и италијанскиот амбасадор сметал за потребно преку една посета на големиот везир да му соопшти за извештаите што пристигале за положбата на работите во Македонија. Malaspina оценил според изјавите направени од големиот везир, имајќи го предвид фактот што последниот изјавил дека неговата влада ќе ги применела сите средства за да се спроведат горенаведените реформи, дека не се навестувале опасности од блиски компликации сепак заклучувал дека актуелната положба на работите во Македонија будела сомнение кај турската влада која внимателно се обрнала кон приложување на редица воени мерки било на бугарската граница било да во внатрешноста на трите вилаети.405)

Инаку како што погоре истакнавме во расвет-

лувањето на комплексноста на Македонското прашање придонесувале и извештаите на италијанските дипломатски претставници на самата територија на Македонија т.е. преку конзулските извештаи и извештаите на италијанските дипломатски претставници во соседните балкански земји.

Преку прво споменатите извештаи се даваат оценки на италијанските претставници за делотворноста на реформите објавени од султанот кој претходно бил поттикнат со австро-рускиот меморандум во врска со тие прашања. Италијанскиот конзул во Битола на 16 декември 1902 година во еден свој извештај известувал дека јавното мислење во Битолскиот вилает се покажувало доста скептично на ефикасноста на новите објавени реформи.[406]

Во еден подоцнешен извештај на италијанскиот конзул од Битола A. Visart се забележува дека прифаќањето на реформите од страна на Турција а кои што биле изработени од Австро-Унгарија и Русија немале донесено мир во таа земја. [407]

Наоѓајки се непосредно до теренот на Македонија италијанскиот дипломатски претставник во Софија Imperial [redacted] бил во можност да ја види практичната вредност на реформите на Русија и Австро-Унгарија. Изразувајки го мислењето за ефикасноста на толку величените реформи предложени од Русија и Австро-Унгарија вели дека не би требало да се придаваат големи надежи во нив. Ако горе споменатите сили, продолжува италијанскиот дипломатски претставник во својот извештај испратен на италијанскиот министер за надворешни работи Morin, сакале навистина да дојдат до еден практичен резултат ќе требало а кое што било и становиште на бугарскиот министер за надворешни работи Петров, да се донесело решение во одредено време да испрателе во Македонија една комисија од нивни претста-

вници со налог да ги проучуваат приложените реформи.[408)]

Исто како што Италија било директно преку својата влада или преку дипломатските извештаи на своите претставници во Отоманската империја или во другите земји давала оценки за политиката на заинтересираните европски сили спрема Македонија а и воопшто спрема Турција така и другите зантересирани земји давале оценки за италијанската политика на Балканот а посебно и во Македонија. Рускиот печат осврнувајки се на австриските успеси во Турција ја оценува низ таа призма и политиката на Италија. Така во руският весник "Rossija" во врска со политиката на Австро-Унгарија се споменува и за политиката на Италија. Во горепосочениот весник се вели дека австриските успеси во Турција биле германски успеси и се советувало дека Италија требала да води своја политика на согласување со онаа од оние држави кои немале интерес за разлика од онаа со која австриското влијание се повеќе се изложувало на Балканот. Таквите држави, според пишувањето на горецитираниот весник, биле Русија и Франција. Никој не сакал на Италија да и го наметне сопственото пријателство, продолжува понатаму весникот, но било необично, дека таа не се занимавала за своите сопствени интереси.[409)]

Италијанската политика спрема Македонското прашање била исто така предмет на разгледување во дипломатската преписка на кралството Србија.[410)]

Српскиот пратеник во Рим Др Миленко Весниќ, во својот извештај испратен на министерот за надворешни работи на Србија Сима Лозаниќ, ја истакнува зголемената заинтересираност на Италија во текот на 1902 и почетокот на 1903 година во врска со средувањето на Македонското прашање.

Петроградската и виенската влада, истакнувал

Др. Миленко Весниќ, како да пристанале на формалното учество на Италија во уредувањето на односите во Македонија, бидејќи полуслужбената "Tribuna" донесувала на угледно место едно важно соопштение кое гласело: "Телеграфот нас ни соопштува една значајна статија на "Нова Слободна Преса" за Македонското прашање. Со обзир на Италија тој весник пишувал: "Меѓу виенскиот и римскиот кабинет се водени непрекидни измени на мисли за сето време на преговорите меѓу Русија и Австро-Унгарија. Сето нас ни дава разлог да се верува дека и во ова прашање да се потврди тоа дека постои потполн споразум меѓу сојузните влади." Меѓутоа во забелешка В. Ќоровиќ вели дека обавестувањето не било точно: тоа само било тежнение на Италија, кое Виена го одбила.

Во горенаведената збирка на В. Ќоровиќ во врска со ова се вели: "Во овие зборови е наговестувањето на фактот, кое ни е со задоволство го земаме на знаење. Од него доиста излегува не само: да Италија во прашањето за реформите кои би требало да се воведат во Европска Турција оди по патот на својата традиционална политика и по правецот на заштита на своите интереси, туку да сета важност на тие традиции и на тие интереси ја признаваат и силите; кои се поблиску и потесно во овие прашања ангажирани..."[411)]

"Између формулата за интегритетот на Отоманската империја и таа за нејзината преобразба постои цела низа на потребни договори и можни настани, за кои на Италија не и е допуштено да не се грижи."[412)]

После сите овие дипломатски разговори меѓу владите на Австро-Унгарија, Русија и Италија во врска со евентуалните настани кои се очекувале во Македонија, весникот "Tribuna" особено после преговорите на италијанската влада со Виена, а по

своја прилика и по желба од Балплац, настојувал на тоа да Македонско то прашање требало да се држи одвоено од албанското "од почитувањето спрема историските односи, и покрај сите протести од страна на Албанците."[413)]

Дури откако успеал во Виена, да во името на Италија земе видно учество во прашањето за новото уредување на Македонија, Принети "порачал" интерпелација за држењето на Италија во односите на Блискиот Исток, бидејќи поновно биле отворени седниците на Народното претставништво.

Српскиот пратеник во Рим Др. Миленко Весниќ во еден разговор со италијанскиот министер за надворешни работи во врска со балканските прашања вели дека италијанскиот министер за надворешни работи не бил уште начисто со тоа, дали во Македонија ќе можело да се одржи напролетта мирот и по уверувањето на Принети, единствена сила која можела стварно да влијае на бугарската влада да стане ж на патот на агитациите на македонските комитети, била Русија. Тој држел да грофот Ламздорф дал озбилни и одлучни совети во тој поглед, па ако се успеело Македонците да се воздржеле од понатамошните агитации, тогаш нешто ќе можело да се постигни, бидејќи тие тогаш најрешително барале политички, додека останатите етнографски елементи: Србите, Грците и Албанците би се задоволиле со управни реформи. Тој вели дека за тие последните тогаш и единствено можело да биде збор.[414)]

На овој ист состанок станало збор и за новиот управник на Македонија, бидејќи тогаш се сметало дека од него и од подобноста и совесноста на неговите помошници зависело прашањето за успехот на реформите. Принети исто така изјавил дека кандидирањето ж на некој член на која и да било владетелска фамилија за положбата

на управник на Македонија по негово мислење потполно е исклучено, бидејќи на тој начин би се компромитирала самата природа на чисто управните реформи, која од сите страни непрестано и одсудно е нагласувана.[415)]

Од изложеното може да се види дека во 1902 и 1903 година Италија му посветувала многу големо внимание на Македонското прашање кога тоа го окупирало вниманието скоро на сите европски сили секоја гледајки на него од свој аспект.

И италијанските публицисти во своите дела му посветувале прилично внимание на Македонското прашање од аспект на италијанските интереси.

Така x Vico Mantegazza во своето дело Macedonia (marzo-aprile 1903) кое го напишал откако ја пропатувал Македонија и земјите кои што биле најзаинтересирани за Македонското прашање му посветил на ова прашање исто така прилично внимание. Тој сметал дека Македонското прашање имало исто така за Италија една голема важност, за политичките интереси кои ги имала на Јадранот и на Балканскиот Полуостров и за трговските интереси кои постојано се развивале и за кои се сметало тогаш дека во иднината уште повеќе ќе растеле. Во истото време се критикувала владата бидејќи го губела времето испраќајки толку бескорисни циркулари и се барало владата да се заземе сериозно, како што правеле другите земји кои што гледале на здобивање на овие пазари.

Во поширок интерес Vico Mantegazza нагласува дека Италија морала да посакува да на Јадранот исто како на Егејот при евентуалните промени што морале да настанат, тие да се покажеле на малите сили x со кои ќе било многу полесно да се одело во согласност и дека можеби би било во интерес на Италија за xxxxxx

помагање, против една голема сила која не се нагласувала но и без тоа се знае дека тоа било Австро-Унгарија, со која речиси секогаш биле во судир интересите на Италија. Се апелирало исто така во врска со интервенцијата на позаинтересираните ~~хх~~ сили за Балканско-то прашање во чиј склоп се наоѓало и Македонското прашање и се велело дека оваа евентуалност не ќе требало да ја најде Италија неподготвена.[416)]

Воглавно во горенаведеното го изнесовме италијанскиот став спрема Македонското прашање низ аспектот на целокупното Балканско прашање. Италијанската влада покажувала вонредно интересирање спрема Македонското прашање во последните две години пред избувнувањето на Илинденското востание т.е. во 1902 и 1903 година во екот кога големите европски сили особено Русија и Австро-Унгарија преземале акции за смирување на ситуацијата во Македонија т.е. со приложување на одредени реформи. Со тоа двете сили дејствувале во правец на своите интереси. (Австро-Унгарија се стремела што повеќе да го зајакне своето влијание на Балканот, да ги оствари своите аспирантски намери кон моравско-вардарската долина и кон Солун. Но поради комплицираната меѓународна положба таа не го сметала моментот за погоден и дејствувала во правец на запазување на статус-квото на Балканот и била против секое револуционерно движење, ако тоа се косело со нејзините интереси. Русија била заинтересирана за Босфорот и Дарданелите но поради далечноисточните заплети и се позасилената активност на рускиот пролетаријат внатре во земјата, го сметала прашањето на Балканот за второстепено, била против секое револуционерно движење и работела, исто така, во правец на запазување на статус-квото.).

Следејќи ги ваквите акции на овие сили и

Италија настојувала да се приклучи кон нив како трета заинтересирана сила по Македонското прашање исто така од свои соображенија бидејќи настојувала во Македонија, која се граничела со Албанија а за која што таа покажувала голем интерес, да се воведе мир.

Ангажираноста на Италија во решавањето на Македонското прашање поконкретен вид ќе добие непосредно по Илинденското востание кога во оквирот на Мирцштегските реформи (донесени по средбата одржана при крајот на септември 1903 година на руксиот цар Никола II со австро-унгарскиот император Франц Јозеф, во резултат на што биле донесени Мирцштегските реформи. Според малото штаерско место Мирцштег каде што се донесени, тие реформи се наречени "Мирцштегски реформи." На крајот на разговорите на двата императори била донесена реформна програма за Македонија, на 2 октомври 1903 година.) било решено италијанскиот генерал Де Џорџис да биде на чело на европските офицери за реорганизација на турската жандармерија во Македонија. Исто така по извршената територијална поделба на Македонија по сектори Битолскиот вилает го добила Италија.

Покрај на дипломатскиот аспект на Македонското прашање Италија му обрнувала внимание и на другите компоненти на тоа прашање. Карактеристично е да го проследиме нејзиниот став xxxx спрема македонското национално-ослободително движење иако x xxxxx за тоа располагаме со сосема мал број на материјали и нејзиниот став спрема активноста на странските пропаганди во Македонија.

те од централизаторската политика на Егзархијата во Македонија, станале и првите иницијатори за формирањето на Тајната македоно-одринска револуционерна организација.

Основачкиот состанок на организацијата бил одржан на 23 октомври 1893 година (стар стил) во Солун. Веќе со завршувањето на првата година од своето постоење Македонската револуционерна организација ги добила основните карактеристики на организационен и идејно-политички облик.

На основачите на Револуционерната организација и воопшто на македонската интелигенција и биле познати идеите на Мацини од кои се воодушевувала и делата на Гарибалди.

Треба да се спомене дека први податоци за постоењето на организираното револуционерно движење во на нас доста пните извештаи на италијанските дипломатски претставници во Македонија а и во соседните балкански држави датираат од крајот на последната деценија на XIX век а нешто повеќе по првите години на XX век и непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година.

Што се однесува до италијанската литература која нам ни е достапна во врска со ставот на Италија спрема македонското национално-ослободително движење може да се каже дека во неа се даваат повеќе општи податоци каде што се зборува за Револуционерната организација во Македонија, нејзиното устројство, активност и друго.

Во попрвите извештаи на италијанските дипломатски претставници се забележува дека тие не располагале со попрецизни информации за постоењето на ТМОРО и за нејзината активност а тоа е сосема оправдано ако се има предвид фактот дека дури во 1896

година турската власт го открила постоењето на ТМОРО. Дури во 1897 година сите настојувања на турската власт да дојде до поголеми сознанија за ширината на револуционерното движење довело до резултати

Во еден извештај од Солун италијанскиот конзул Revel известува дека во неколку места на територијата на Солунскиот вилает се манифестирало револуционерното движење и тој ж сметал дека ако христијанското население на Македонија и на Румелија стоело потполно мирно се надевал дека немало да се случат несреќни ситуации. Во спротивен случај при манифестирање на револуционерното движење можеле да произлезат акти на фанатично насилие од страна на турските трупи и на муслиманското население.[417]

Италијанските дипломатски претставници во своите извештаи реагирале на пишувањето на италијанските весници кои во есента на 1901 година имале публикувано најалармантни вести за ситуацијата во Македонија а исто така и во Стара Србија. Италијанскиот вице-конзул од Солун Majoni [redacted] го известува италијанскиот министер за надворешни работи дека иако тогашната положба во тие региони не била смирена, но состојбата на настаните што ја прикажувале доста италијански весници била многу преувеличена. Сигурно е дека, како што се изразувал тој, "бугарско-македонските комитети" воделе постојана жива агитација во Македонија, додека од друга страна се обрнувало внимание на целиот Косовски вилает на незадоволството на Албанците кон лошата турска управа и нејзините постапки. Спрема италијанскиот претставник за ваквата положба на работите свој удел имала и австро-унгарската политика.

Во продолжението се констатира дека во секој случај било мошне тешко, пред сè за Италија, спрема зборовите на италијанскиот вице-конзул во Солун Majoni(?) поради непостоење-

то на некој конзуларен претставник во Скопје, како што се изразувал истиот вице-конзул, центар на агитациите, за да можеле да се прибават точни информации со внимание. После сите овие настани италијанскиот претставник го известува својот министер за надворешни работи дека ќе настојувал да го држи што поинформиран за x различни настани кои што можеле да се случат во тие региони.418)

Во последните три месеци на 1901 година и во 1902 година извештаите на италијанските претставници од Македонија и на италијанскиот дипломатски агент во Софија биле воглавно исполнети со податоци околу аферата Мис Стон. Како што е познато грабнувањето на американската мисионерка Мис Стон и нејзината другарка Цилка е извршено на 21 август 1901 година од страна на дејците на Револуционерната организација Јане Сандански, Чернопеев, Кр. Асенов со една чета преоблечена во аскерска униформа на патот Банско-Горна Џумаја, на местото "Потпрена Скала" каде што била поставена заседа и биле xx пленети гореспоменатите Стон и Цилка. Со успешниот крај на аферата би се добиле и материјални средства а покрај xx тоа би имало и политички последици на Организацијата. Пленувањето на мисионерката му дало можност на светскиот печат да се занимава со положбата во Македонија, да ја истакнува слабоста на Турција, што x не било ни најмалку популарно за Турската империја. Од друга страна, тоа било случај да се популаризира вистината за борбата на македонскиот народ, која со сите средства се прикривала од соседните буржоаски држави.

Италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Valacco третирајќи ја во својот извештај од 11 октомври 1901 година аферата Мис Стон сметал дека тој инцидент по својот интернационален карактер можел да има една определена сериозност

и поради тоа исто така сметал за потребно постојано да го известува италијанскиот министер за надворешни работи Принети.[419)]

Во врска со аферата Мис Стон исто така пишувале и италијанските весници, кои пренесувале вести од странскиот печат. Во овие весници се изнесувало уверувањето дека Мис Стон и нејзината придружничка Цилка според веста соопштена од страна на генералниот гувернер на Солун биле убиени.[420)]

Италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Valacco му посветил исто така внимание и на ослободувањето на Мис Стон и Цилка откако била исплатена за откупот сумата од 14,500 турски лири.[421)]

Инаку италијанскиот министер за надворешни работи Принети преку Италијанското министерство за надворешни работи-дипломатска служба ги примал сите овие извештаи со што се гледа дека тој покажувал прилична заинтересираност за развитокот на настаните.[422)]

Акциите на Револуционерната организација во Македонија ја принудувале турската влада преку своите дипломатски претставници преземање на соодветни чекори кај големите европски сили во врска со тие акции. Аналогно на тоа турскиот амбасадор во Рим го посетил италијанскиот министер за надворешни работи Принети во врска со акциите на Револуционерната организација во Македонија и се надевал дека Италија ќе се придружела кон чекорот на другите големи сили кај бугарската влада во врска со тие акции. Италијанскиот министер за надворешни работи Принети барал италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Valacco заедно со неговите колеги при една посета на бугарскиот министер за надворешни работи да го потсети за тоа дека колкава важност придавала италијанската влада

на одржувањето на редот и мирот во Македонија и колку било потребно бугарската влада да настојува да ја надзира акцијата на комитетите. Италијанскиот министер барал потоа да биде информиран за резултатите од преземените чекори кои биле направени во согласност со неговите инструкции.[423)]

Од сето она што погоре го изложивме т.е. од ставот на италијанскиот министер за надворешни работи Принети може да се забележи дека италијанската влада сепак не го увидела постоењето на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација која дејствувала наполно независно од бугарската влада и не било можно преку преземање на одредени акции на нејзиниот дипломатски агент во Софија да се бара од бугарската влада надзирање на акцијата на комитетите бидејќи тие дејствувале на територијата на самата Македонија.

Принети му испратил исто така на италијанските амбасади во Берлин, Лондон, Париз, Виена, Петроград, Цариград, Букурешт и Атина копија на истата депеша што ја испратил на италијанската агенција во Софија околу акцијата на комитетите во Македонија. Тој изразил голема заинтересираност за ставот на останатите европски сили спрема аналогното барање на турскиот амбасадор во Рим и заради тоа барал известување од италијанските амбасадори во гореспоменатите градови за соодветните одговори на владите при кои што биле акредитирани италијанските амбасадори во врска со една заедничка акција кај бугарската влада според барањето на турската влада за одржување на редот и мирот во Македонија.424)

Италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Valacco ги презел потребните чекори направени во врска со отоманскиот циркулар од турскиот амбасадор во Рим. Соодветно на

добиените инструкции италијанскиот дипломатски претставник во разговорот со Данев ја истакнал важноста која италијанската влада ја придавала на одржувањето на редот во Македонија и на енергичното спречување на комитетите да го нарушуваат мирот. Бугарскиот министер за надворешни работи покрај другото му изјавил на италијанскиот дипломатски агент за потребата да се спречи акцијата на револуционерните комитети.

И покрај определените спротивности меѓу претставниците на големите сили во Софија тие меѓусебно се информирале во врска со тогашната ситуација. Англискиот исто како и германскиот претставник му имале ветено на италијанскиот дипломатски агент **G. Valacco** да го држат информиран во врска со акциите што тие намеравале да ги преземат. Италијанскиот дипломатски агент специјално ја усогласил својата акција со акцијата на германскиот претставник.[425)]

Во извештаите на италијанскиот дипломатски агент од Софија **G. Valacco** со доаѓањето на пролетта 1902 година се забележуваат се повеќе податоци за дејноста на револуционерните чети во Македонија а во врска со тоа и контактите со странските претставници што ги имал самиот претставник на Италија во овој град. **G. Valacco** нагласува дека активноста на револуционерните чети станувала најголема во пролетта.[426)]

Актуелната положба на работите во Македонија во дадениов период, според зборовите на италијанскиот амбасадор во Цариград **Malaspina,** била несомнено заплашувачка и можела да постане извор на тешки ситуации. Но од сето тоа изведувал заклучоци дека не би можело да избие едно општо востание туку едно ограничено востание кое не би имало една војска регуларно организирана.[427)]

Дури во 1903 година во извештаите на италијанските дипломатски претставници се среќаваме со повеќе материјали во кои што се дава нивна оценка за Револуционерната организација во Македонија кое што дошло како логична последица на нивното осознавање дека акциите во Македонија против турските власти се воделе од страна на една силна Внатрешна организација односно ТМОРО.

Во еден извештај на италијанскиот дипломатски агент од Софија G. Valacco во врска со активноста х на Револуционерната организација се вели дека: "Тајната организација во текот на 1902 година, при сешто таа се била воздржала и беше дури спротивна на востание, револуционерните чети развиле голема активност, без да биле оневозможени од страна на турските власти но сепак не го сметала дадениот поволен момент погоден за подигање на едно востание.

Во продолжение, на веќе погоре споменатиот извештај, се зборува за организационата структура на Револуционерната организација и спрема G. Valacco во многу села на Македонија оваа организација оставала или поарно речено имала формирано група од 10 или 12 луѓе, на кои што им се оставало оружје и муниција за нив, но и за другите селани кои понесени од општото движење исто така земале оружје за постигање на нивниот идеал.

Покрај останато во овој извештај се вели и тоа дека кнежевската влада на Бугарија, не можела да има никаква контрола над таа таинствена организација, и таа е онаа од која треба да се плаши, одколку од комитетите што егзистирале во Бугарија. Исто така се сметало во поглед на прашањето за востаничката активност против турските власти во Македонија дека во пролетта 1903 година Македонците ќе ја зајакнеле ххх таа активност и ќе се дигнеле да

направат, и покрај реформите една демонстрација посилна од онаа што станала во 1902 година. Спрема италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Valacco главната цел на Револуционерната организација во Македонија била преку својата активност да предизвика интервенција на силите и можеби едно општо движење од кое што се надевала да извлече некаква полза бидејќи постигањето на автономија не можела да го оствари со оружје знаејќи дека тоа е многу тешко во борбата со големата Отоманска империја.

Затоа не верувал дека Бугарија ќе форсирала во свој интерес, поткрепа на проектот за автономија на Македонија, зошто ќе исчезнел тогаш за неа сонот за голема Бугарија од Сан Стефано, и автономна Македонија што ќе се граничела со неа ќе била со постојана и тешка опасност.[428)]

Во текот на месец април 1903 година во извештаите на италијанските дипломатски претставници главно се изнесуваа податоци за засилените востанички активности на територијата на Македонија и тоа воглавно на патните комуникации особено железничките со цел да се спречи евентуалното доаѓање на трупи од Турција.[429)]

Голем одглас во извештаите на италијанските дипломатски претставници од Македонија од соседните балкански држави од Турција а и од претстолнините на големите европски сили нашле настаните поврзани со Солунските атентати.[430)] Тие биле дело на група македонски интелектуалци кои се наоѓале под влијание на анархистичките идеи, а во Солун оформиле своја терористичка група позната под името "Гемиџии". Во својата дејност тие се ориентирале кон подготвување на "динамитни атентати" за рушење на установи на капиталистичките држави или на установи каде што бил инвестиран

странски капитал во Македонија. Основната тенденција на тие динамитни акти се состоела во стремежот да се заинтересира европската јавност за состојбата во Македонија и да се предизвикала интервенција на европските сили. Во групата со својата дејност се истакнувале: Ордан Орданов-Орцето, Милан Бошнаков, Димитар Мечев, Константин Кирков, Павел Шатев, Милан Арсов, Владимир Пингов и др.

Откако сите подготовки систематски биле извршени, на 29 април 1903 година во Солун тие го подигнале во воздух францускиот брод "Гвадалкивир", потоа познатата Отоманска банка, поштата, плинарата, германскиот клуб и други згради. Од атентаторите една група загинале во атентатите, а другите биле фатени, осудени на смрт, а потоа казните им биле заменети со заточение во Мала Азија.

Солунските атентати предизвикале голем шум во Македонија и во Европа. Во Македонија ситуацијата станала уште позатегната. Репресалиите на турската солдатеска станувале се побројни. Состојбата станувала се поднесносна. Со тоа и кај значителен дел на поробената македонска маса се засилувал отпорот, стремежот да се изнајде спас од кризата. Таа состојба солунските атентати, како и другите слични акции, особено атентатите на железничките линии, уште повеќе ја револуционизирале.

Во европската јавност и во дипломатските кругови, солунските атентати биле отпрвин пречекани со изненадување и внимание. Започнало се повеќе да се зборува за македонските работи и да се предлагаат можности за решавање на прашањето на Македонија.

Овие настани предизвикале сериозно внимание и кај италијанската влада и тоа воглавно од две причини. Прво од

нејзината глобална источна политика каде што се залагала за одржување на статус-квото на Балканот во дадениот момент и второ поради заштитата на нејзините поданици која ги имала во значителен број во Солун. И во таа смисла се толкувало испраќањето на италијанските воени бродови во Солун. Спрема извештајот на српскиот пратеник во Берлин Мих. Милиќевиќ испратен на министерот за народно стопанство и застапникот на министерот за надворешни работи Љубомир Новаковиќ оваа мерка од една страна влијаела на султанот многу непријатно, а од друга страна революционерните комитети во неа можеле да го видат во неколку доказ, дека ја постигнале својата цел т.е. мешањето на Европа. Тоа биле мислите, од кои се раководела Италија а и останатите сили при решавањето за таа мерка.

"... Паднало во очи големиот број на воени бродови, кои ги испратила Италија, и можев да констатирам, дека во тоа се назира некое неповерење на Италија и доказ на некоја ? завидливост спрема Австро-Унгарија, иако се признава, дека Италија во Солун од сите големи сили има најголем број на свои поданици. Францускиот амбасадор пред некој ден нарочито ми нагласил дека е потребно да се избегне, да присуството на воените бродови во Солун се толкува од страна на македонските революционери како за нив поволна околност и успех на нивните замисли".431)

По дознавањето за солунските атентати италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina му испратил телеграма на италијанскиот министер за надворешни работи на 29 април 1903 година во која го известува дека му наложил на првиот преведувач на италијанската амбасада да се упати веднаш во приватната резиденција на големиот везир за да бара категорично: 1. дека, освен на општите мерки за заштита на животот и на имотите на кралските пода

ници, да бидат преземени специјални мерки за заштита на кралскиот конзулат, на училиштата, на установите, за добротворство, на италијанските претпријатија, помеѓу другите на банката **Allatini e Modiano**, на млинот и фабриката **Allatini** исто така на италијанските трговски куќи; 2. дека во случај на недостаточност на трупи во градот, гарнизонот да биде без одолговлечување зголемен; 3. дека ќе биде снабден со ефикасни средства за отстранување на опасноста од евентуални слични акции; 4. дека, бидејќи бил веќе распространет гласот за можни атентати во Битола и Скопје, да бидат преземени во овие градови аналогни мерки.

На големиот везир му било укажано за исклучителната тежина на ситуацијата, оставајќи да сфати дека настаните што се случиле ќе можат да имаат за последица да ги поттикне силите да преземат директна заштита на нивните поданици. Големиот везир ветил дека сите потребни мерки за заштита на конзулите и на странските поданици биле преземени.[432]

Италијанскиот генерален конзул во Солун **Di Revel** исто така испраќал извештаи на италијанскиот министер за надворешни работи бидејќи бил во центарот на настаните, кои што имале одраз и врз италијанската колонија во Солун. Ревел сметал дека "сигурно испраќањето на кралските бродови ќе успеело да и донесе голема утеха на колонијата исто така гаранција за сигурност, бидејќи, турските власти знаат да се грижат моментално, често пати не ги одржувале наредбите за потребно време да делуваат за ~~xxxxxxxxxx~~ долготрајно."[433]

Се настојувало од страна на италијанската влада да не се преземало некоја одвоена италијанска акција но колективна со останатите заинтересирани сили и му се советувало на ита-

лијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina да бидe во константна врска, со оглед на настанатата ситуација, со амбасадорите на останатите европски сили во престолнината на Отоманската империја. Меѓутоа и покрај сето ова италијанската влада за секоја евентуалност го испратила воениот брод "Гарибалди" во Солун.[434,435)]

Но еден ден по испраќањето на погоре споменатиот италијански воен брод "Гарибалди", италијанската влада наредила втората дивизија на постојаната поморска ескадра веднаш да отпатува за Солун за заштита на италијанските поданици.[436)]

Треба да се истакне сосема правилното мислење на италијанскиот генерален конзул во Солун Di Revel во врска со ситуацијата настаната како последица од солунските атентати каде се вели дека: "Тие атентати биле резултат од неприменувањето сериозно на реформите и настојувањето на турските власти револуционерното движење кое што произлегло од несносната положба на поробеното македонско население да го задушат со ригорозни мерки." Во продолжението италијанскиот конзул вели: "Комитетите, четите, революционерните организации, се отровни плодови на еден заразен организам; и ако не се лекува организмот плодовите се размножуваат."[437)]

Карактеристично е да се спомене дека кога се поставило прашањето за повлекување на италијанските воени бродови од Солун италијанската влада настојувала тоа да се спроведе истовремено со повлекувањето на австро-унгарските воени бродови. Според извештаите што пристигале од италијанскиот и австро-унгарскиот конзул во Солун во кои се констатирало за смирување на ситуацијата, италијанскиот амбасадор во Цариград Malaspina и неговиот австро-унгарски колега Calice се согласиле во констатацијата

да можат да се повлечат назад од Солун воените бродови кои што биле таму испратени во врска со ситуацијата настаната како последица од солунските атентати, останувајки само еден. Министерот за надворешни работи преку италијанскиот амбасадор во Виена барал да се добиела информација од австро-унгарскиот министер за надворешни работи кога било предвидено повлекувањето на австро-унгарските воени бродови за да аналогно се повлечат и италијанските воени бродови.

Интенцијата на италијанската влада била да се оставело во Солун, освен еден поголем воен брод, исто така и една контраторпилерка за одржување на врски.[438] Воглавно со тоа се завршила италијанската ангажираност околу солунските атентати. Биле оставени двата гореспоменати бродови во Солунското пристаниште.

Спрема извештајот на српскиот пратеник во Рим Др Милован Миловановиќ испратен до министерот за градежништво и застапникот на министерот за надворешни работи Павле Дениќ од 14 мај 1903 година се вели: "Во Рим почнува со малку повеќе оптимизам да се гледа на приликите во Македонија. Преовладува уверувањето дека на револуционерното движење му се сокршени крилата и дека македонските комитети го немаат повеќе во своите раце мирот на Балканот. Заплашувањата со нови динамитски подвизи, налик на оние солунските, не се земаат премногу трагично,најповеќе и заради тоа, што се смета дека ни управата каква што е турската не дава двапати едно по друго, и тоа во краток рок, да се изненадува со препади од таков вид. Во поглед на Македонија она што е главно тоа е, дека и во Италија се добило потполно, апсолутно поверење во искреноста на руската политика, која сака мир и која не допушта приликите на Балканот и понатаму да се заоструваат. А во Италија како и секаде посветените кругови стојат на гледиште, дека револу-

ционерните христијански обиди на Балканот можат да фатат подлабоки корени и да добијат изгледи на успех само ако Русија ги подржува или барем ако можат да рачунаат на симпатии руски..."[439] Меѓутоа во контекстот на извештајот на гореспоменатиот српски пратеник од Рим можат да се стават забелешки за суштината на дејствувањето на македонското национално-ослободително движење. Македонското национално-ослободително движење се појавило како потполно самостојно движење бидејќи остварувањето на македонската револуција се замислувала низ ред постапни револуционерни акции, а како нивна врвна кулминација требало да дојде вооруженото општонародно востание. Првенецот на македонската револуционерна самодејност Гоце Делчев ова начело го објаснувал со максимата: "Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешното востание". Суштината xx во оваа постапка се состоела во стремежот кај секој да проникне идејата на револуцијата, секој да се подготви за неа и дури тогаш, при полни услови, да се пристапи кон повик за масовно востание.

Извештаите на италијанскиот конзул во Битола Visart испраќани до своите претпоставени непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година зборуваат за нараснувањето на востаничките чети во Битолскиот вилает. Меѓу причините што ги наведува конзулот за наголемувањето на востаничките чети биле тие што од Битола и другите места постојано бегало населението притиснато од бедата и од прогонувањето од страна на турските власти и одело да го зголеми бројот на востаниците. Со несредената ситуација дошло до замирање на стопанскиот живот, трговијата слабеела кое што резултирало со постојано зголемување на бедата xx кое во крајна линија според зборовите на италијанскиот конзул му користело на востаничкото движење за засилување на своите xxxxxxx

позиции.[440]

Во извештаите на италијанските дипломатски претставници се регистрираат извесни податоци кои што се однесуваат за нивната оценка за дејноста на раководителите на Внатрешната револуционерна организација а исто така и во литературата по прашањето што го разгледуваме.

Влијанието на италијанските револуционери Гарибалди и Мацини се одразило и врз раководните дејци на Внатрешната револуционерна организација а особено на Гоце Делчев. Џузепе Гарибалди (1807-1882) бил крупна фигура во италијанското национално-ослободително движење. Исто така и Џузепе Мацини (1805-1872) бил крупна фигура во ова движење. И обајцата на Гоцета му служеле како революционерни идоли, тој врз нивното дело и учење се учел и ја изградувал својата револуционерна филозофија, тактика и стратегија.

Историјата на борбите за обединување на Италија и нејзините сподвижници Гарибалди и Мацини била разгледувана и на посебни кружоци што биле организирани од страна на дејците на Внатрешната революционерна организација. Така во април во 1895 година во Штип во отвореното празнично училиште се држеа предавања со чисто революционерна тенденција на пр.: "Обединувањето на Италија", "Американското востание", биографии на революционери како Гарибалди,Мацини и др... имало голем наплив на слушатели."[441]

Гоце Делчев доаѓал во допир и со италијанските работници. Еве што за тоа пишувал П. К. Јаворов во летото 1895 година. "... И Гоце грижливо бара во тоа време во Х. луѓе што би можеле да помогнат, било со упатсва за минско-разурнувачка работа, било за приготвување и доставување на експлозивни материјали. За таа цел тој се вовлекува преку целото лето меѓу италијанските рабо

тници, во чија средина скоро добива една особена почит и љубов. Така тој еднаш оди да бара некого во крчмата каде што се состанувале и ги наоѓа фатени еден за друг за косите, "Viva Garibaldi, viva Mazzini!" (Да живее Гарибалди, Да живее Мацини!) - се јавува xxx Гоце од вратата, "Viva Giorgio"! (Да живее Георги!) - викаат заборавените во битката работници и го понесуваат на раце. При сето тоа Гоце не успеа да направи многу нешто со нив."[442]

За активноста на Гоце Делчев пишувале и италијанските публицисти од првите децении на XX век кои што се занимавале со Балканското прашање во првите години на Првата светска војна. Така Angelo Pernice кога пишува за Македонското прашање зборува за создавањето на Внатрешната организација во Македонија и за улогата на Гоце Делчев што ја имал во неа како раководител и стратег.[443] Дејноста на Гоце Делчев се споредувала со онаа на Мацини бидејќи за истите свои активности биле иако во различно време, преследувани и во различни услови кои постоеле во овие земји а исто така се зборува за дејноста на Гоце Делчев во приготвувањето на движењето за ослободување на македонскиот народ.[444]

Италијанските дипломатски претставници и италијанскиот печат го регистрирале убиството на водачот и стратегот на македонското национално-ослободително движење Гоце Делчев. Така италијанскиот дипломатски агент во Софија Livio Borghese во својот извештај од 25 мај 1903 година во врска со убиството на Гоце Делчев пишувал: "Вчера дојде овде потврдена веста дека Делчев, водачот на Внатрешната организација бил мртов околу 15 дена во xxx еден судир близу Сер. Оваа вест која потекнувала од турски извори била соопштена xxxxxxx своевремено овде и дошла во деликатно време и секогаш била демантирана, можеби во немање на сигурни податоци,

но можеби пак за да не се обесхрабрат македонските востаници, кои ја губат со него душата и раководителот на Организацијата."[445)]

Италијанските весници исто така го одбележале убиството на Гоце Делчев. Така весникот "Avanti", од 8 мај 1903 година под наслов "На Балканот" пишува: "Солун 7. Во селото Баница близу до Серез стана едно судирање помеѓу турските војски и една чета.

Последната имаше 79 мртви, меѓу кои и водачот некојси Делчев. Турците имаа 5 мртви и ранети. Триесет куќи се изгорени."[446)]

Весникот XXX "Il Giornale d'Italia" од 8.V.1903 година под наслов "Денови на терор во Солун" пишува: "Кај селото Баница, близу до Серез, стана едно судирање помеѓу турските трупи и една чета ...

Оваа последната имаше 70 мртви, меѓу кои беше водачот, познатиот Делчев. Турците имаа 5 мртви и тројца ранети. Триесет куќи беа запалени."[447)]

„Corriere della Sera" на 10.V.1903 година под наслов "Македонските водачи" според "Vossische Zeitung" (Берлин 8 мај) пишува: ", ... Еве ги "љугето на акцијата". Георги Делчев, кој "оперира" во солунскиот вилает. Делчев беше тој што го дигна во воздух мостот и го урна тунелот на линијата Солун-Цариград близу до Ангиста; тој е еден од најхрабрите произведувачи на бомби, еден вистински организатор на револтот, всушност типичен претставник на теророт во Македонија. Тој лично во секој случај не изгледа така премногу храбар, Напротив, тој е познат како многу работлив, многу способен, но често избегнувал да се сретне гради со гради со Турците. Иако е физички доста слаб, тој ја продолжува-

ше агитацијата, а исто така и работата во животот по шумите, нерет- ко излагајки го на опасност своето здравје."[448)]

Во дописот на "Corriere della Sera" од 13.V 1903 година од Виена на 12 мај под наслов "Како загина востаничкиот водач Делчев" меѓу останатото пишува дека "... во борбата кај Баница, во близината на Серез, меѓу трупите и востаниците, повторно се потврди загинувањето на познатиот водач Делчев, кој беше грабнувачот на американската мисионерка Мис Стон."

За Гоце Делчев во продолжението се вели, после описот на борбата во која што тој загинал дека: "Делчев, стар мајстор на занаетот, беше од најактивните водачи на револтот и го управуваше движењето на Внатрешната организација."

Сите востаници беа облечени во униформи од сиво платно и носеа една беретка над која беше напишано "Слобода или смрт". Близу до труповите е најдена една направа за печатење на револуционерен весник. Исто така, најдени се различни карти кај Делчев, со план на градот Серез во кој (план) е назначено каде да се постават динамитни мини, како што стана во Солун.[449)]

Истиот весник „Corriere della Sera" во написот на Луици Барзини под наслов "Настаните на Балканот" објавен xxxx на 30.V 1903 година пишувал дека: "последното судирање во Баница на 5 мај, каде што беше убиен познатиот Делчев, уште е предмет на живо расправање во Комитетот во Софија. Турците демонстрираа повеќе измачувања, бидејќи закопувањето на телото на водачот на востаниците беше неизвесно и се криеше до ноќта за да може во Серез да се земе една фотографија."[450]

Покрај заинтересираноста на италијанската влада за настаните кои што се одвивале во Македонија непосредно пред

Илинденското востание во 1903 година голем одглас тие настани наишле и сред широката италијанска јавност особено кај нејзините прогресивни кругови.

За разлика од тие кругови известувањата за крвавите судири во несреќната Македонија предизвикувале од страна на управувачките кругови совет за благоразумност. Така министерскиот орган "Tribuna", според пишувањето на весникот "Реформи" од 15.V.1903 година, откако ја печати телеграмата што му била испратена од Стојан Михајловски, со која овој го моли италијанскиот печат да ги заштити несреќните Македонци, осудени од палачите на панисламизмот на убивање, тој одговорил: "запазувањето на Status-quo-то на Балканскиот Полуостров било неопходно за европскиот мир; македонското движење заплашувало да го наруши. Заради тоа европската дипломатија, и покрај енергичното дејствување на Високата Порта да воведе реформи, требало да се повика софиската влада кон лојалност, а пак Македонците - кон благоразумност. Нека последните веруваат на Европа, "која што искрено сака и е загрижена да ги примени реформите, и да не прибегнуваат кон анархистичката борба со бомби. Но при тоа владиниот орган "Tribuna" признавал, дека трагедијата, која што се одигрувала на Балканскиот Полуостров била плод на колебањето и егоизмот на европските држави, загрижени не толку да дадат на Македонското прашање природно и логично решение, туку да остават пукнатина, низ која би можеле да го протураат своето сопствено влијание".

Напоредно со тоа во Италија се повеќе се раширувало движењето во полза на угнетените народи во Отоманската империја,- движење, кое било диктирано од хуманоста и сознавањето на општо човечката солидарност. Насекаде се организирале комитети

"Pro Armenia e Macedonia" - "За Ерменија и Македонија" - кои што се стремеле - преку митинзи и агитација во печатот - да го натераат италијанскиот парламент и владата да дејствуваат за поенергични постапки од страна на Европа во полза на христијанското население во Турција.

Во Милано се одржал митинг, на кој што зборувале познати италијански општествени дејци, без разлика на политичкото убедување, почнувајки од духовенството, во лицето на дон - Вергези, и завршувајки со социјалистите. Сите говорници еднодушно протестирале против неактивноста на европската дипломатија, која што гледала рамнодушно на убивањето на Македонците и Ерменците. Претседателот на миланскиот комитет, Монета, се обратил до министерот за надворешни работи со писмо, со кое што му ја соопштил резолуцијата на митингот. Ние знаеме,- пишувал Монета, - "дека во дадениот случај се судирале многубројни интереси, дека работата се однесувала за сложни и деликатни проблеми освен решението на источното прашање во смисла благопријатно за мирот и цивилизацијата. Но средствата против несреќата, кои што ги принесува христијанското население во Турција, биле познати: уште неодамна тие биле посочени право на претставниците на државите потписнички на Берлинскиот договор." Во продолжението се вели: "За сожаление, и досега не било пристапено кон сериозни практични мерки, и Монета, од името на целата земја, го моли министерот, за да би при разгледувањето, заедно со другите држави, судбината на Ерменија и Македонија италијанската влада "да не ги заборави интересите на мирот и цивилизацијата". "Италија воскреснала неодамна на нов живот, не може да ги гледа рамнодушно ужасните турски насилија, кои што и ги напомнуваат маките и солзите од нејзиното сопствено доскорашно минато. Италија

ќе изгуби на славата и високото историско значење на својата национална епопеја, ако не се отзови на повиците на народностите, кои што го бараат правото, да живеат спокојно во својата родна земја."

И Рим не останал рамнодушен кон општото движење: во салонот на "друштвото на публицистите" имало претходно собрание од иницијаторите на комитетот "Pro Armenia e Macedonia", да изработи програма за својата дејност. На собранието претседателствувал познатиот научник Серджи, а учествувале највидните политички и општествени дејци, претставниците на познатите научници, писатели меѓу кои што бил и Анатол Франс, кој што произнесол краток но прочувствен говор.

Аналогни митинзи се планирало да се одржат во текот на месец мај во Торино, Фиренца, Неапол и Палермо. По таков начин италијанското општество се отзвало доста енергично на несносната положба во која што се наоѓале угнетените народи на Балканот.[451)]

Покрај комитетот "Pro Armenia e Macedonia" во Италија се формирал и друг комитет во врска со ситуацијата на Балканот кој што имал за цел да се продолжи легалната агитација започната од порано за да се поттикне владата енергично да интервенира во корист на народите во регионите на Балканскиот Полуостров кои што биле под власта на Турција.

Во еден извештај на Италијанското министерство за внатрешни работи од Рим на 13 мај 1903 година испратен до италијанскиот министер за надворешни работи се вели дека тој комитет бил основан во Милано и го носел името "Pro-Balcani". Претседател на овој Комитет бил Ernesto Teodoro Moneta, а покрај него во овој Комитет влегувале и други претставници на различни локални

партии.[452)]

Ваквата активност на овие комитети организирани во Италија уште повеќе се засилила во времето на Илинденското востание од 1903 година и непосредно по неговото завршување кога преку агитации дејствувале да го популаризираат македонското дело и преку помошни акции да соберат што повеќе прилози во полза на пострадаnите во Македонија за време на Илинденското востание.

## IV. Односот на Италија спрема активноста на странските пропаганди во Македонија

Италијанската политика спрема Македонија секако од посебен аспект може да се види и од нејзините становишта спрема активноста на странските пропаганди во Македонија.

Треба да се спомене дека една од специфичните карактеристики за условите во кои се појавило и се развило македонското национално-ослободително движење било дејствувањето на балканските црковно-просветни пропаганди во Македонија.

Блиското соседство на Грција до Македонија, со оглед на новодобиените области, во Тесалија, потоа на Србија, со новоприклучените области на Врање и Топлица, како и соседството на новоформираното бугарско кнежевство, предизвикало зголемено интересирање кај буржоазиите и владите на овие земји за проширување на пазарот на своите стоки и на политичкото влијание во Македонија. Базирајќи се врз специфичната положба во која се наоѓала Македонија и македонскиот народ во втората половина на XIX век, соседните балкански држави развиле огромна пропагандна енергија за да го запрат историскиот развој на македонскиот народ, односно да го насочат тој x развој во правец на своите сопствени интереси. Сосем

е разбирливо дека за постигнување на своите намери и цели соседните држави барале поткрепа и помош кај поголемите европски држави. Целокупноста на сите форми, методи на работа и употребувани средства за реализација на своите намери ја прави содржината на политичките и националните пропаганди, коишто биле различни и по времето, и по вложените средства, а и по постигнатите резултати.

Како најважно средство за постигање на целта на странските пропаганди требало да послужат црквата и училиштето. Тие биле најсигурно средство за денационализирање на македонскиот народ. Трите главни претенденти врз Македонија биле Грција, Бугарија и Србија.

Италијанските дипломатски претставници било на територијата на Македонија, т.е. италијанските конзули во Македонија, било во Турција, во соседните балкански држави, па и во европските претстолнини му посветувале широко внимание на дејноста на странските пропаганди во Македонија.

Најголемо внимание, имајќи ја во предвид ситуацијата на теренот, италијанските дипломатски претставници му посветиле на бугарската пропаганда која ги имала зајакнато најповеќе своите позиции на теренот во однос со другите странски пропаганди и истапувала со свои далекусежни цели.

Италијанскиот дипломатски агент во Софија Ariva во еден свој извештај од 1893 година ја уочува целта на бугарската пропаганда во Македонија што ја проследувала во тој период, урамнотежување на влијанието на грчката и српската пропаганда во Македонија, со создавање и помагање на бугарски училишта и со инсистирање кај Високата Порта за создавање на бугарски епископии во Македонија.[453)]

Ваквата ситуација во врска со активноста на бугарската пропаганда довело до тоа, според италијанскиот дипломатски агент во Софија Ariva, да Турција се нашла на крстопат со обзир на прашањето на Македонија, требајќи да избира помеѓу задоволување на барањата поставувани од страна на Бугарија кои значеле според Ariva пропаганда до крајност за една идна анексија, и заплашување со една агитација која можела да води во истата цел, по различен пат.[454)]

Бугарската влада настојувала да ја придобие Италија овaa да ја поткрепи во своите барања пред Високата Порта и заради тоа бугарскиот дипломатски агент во Цариград постојано го информирал италијанскиот дипломатски претеник во овој град во врска со мерките што ги преземала Високата Порта а кои што се однесувале на сите бугарски училишта што постоеле во Отоманската империја.

Егзархот исто така настојувал да го повика вниманието на италијанската влада за тогашната состојба на бугарската црква во Македонија. Тој се надевал на иста онаква поткрепа што му ја дале Австро-Унгарија, Англија и Италија во врска со прашањето на бератите за владиките во Охрид и Скопје.[455)]

Италијанскиот дипломатски агент во Софија Ariva пратејки го од непосредна близина развитокот на прашањето за бугарските училишта во Македонија ја уочува намерата на бугарската влада да по пат на предупредување со една програма на репресалии која била оставена од нејзина страна да ја назира Високата Порта за да ги прифати барањата од кнежевството во поглед на отворањето на бугарски училишта во Македонија.[456)]

Во врска со активноста на бугарската пропаганда во Македонија италијанските дипломатски претставници акредитирани

во соседните на Македонија балкански земји одржувале контакти со соодветните заинтересирани влади по односното прашање. Така италијанскиот пратеник во Белград Avarna во текот на месец февруари 1895 година водел разговори со српскиот министер за надворешни работи во врска со активноста на бугарската пропаганда во Македонија. Односно овој проблем италијанскиот пратеник Avarna во еден свој извештај вели дека пропагандата која што се водела од бугарска страна во Македонија била внимателно набљудувана во Србија, но сепак треба да кажеме, од свои соображенија затоа што и оваа преследувала во Македонија свои определени цели.[457)]

Треба да се истакне дека Италија внимателно го набљудувала однесувањето на Русија во многу деликатната ситуација на Балканот која како таква во тоа време суштествувала. Спрема мислењето на италијанскиот амбасадор во Цариград Pansa Егзархијата била основана со цел да служи за продирање на Русија на Балканот. Во продолжението се вели дека Русија застапувајки се за еднаква застапеност на ривалските народи на Балканот настојувала да се јавува во улога на нивен арбитер во настаните кои што следеле.[458)]

Од друга страна преку извештаите на италијанските дипломатски претставници може да се забележи дека од италијанска страна се сметало во случај ако Високата Порта се решила да продолжи со практиката во давање на концесии за отворање на нови бугарски епископии во Македонија, можело да се предвиди еден период во кој македонското движење ќе се покажело во сета своја важност и ќе земело еден поголем и посериозен развој. Ова било искажано од страна на италијанскиот дипломатски пратеник во Атина Avarna после разговорите што ги имал со компетентните грчки претставници во врска со проблемот на бугарските епископии во Македонија.[459)]

Италијанските конзули на територијата на Македонија наоѓајки се во центарот на збивнувањата и активноста на странските пропаганди во своите извештаи ја изнесувале конкретната ситуација за нивната активност а и за отпорот што го пружал македонскиот народ спрема нивната активност. Така во еден извештај на раководителот на италијанскиот конзулат во Битола М. Pinetta се зборува за судирите во Битола и Прилеп помеѓу Егзархијата односно на нејзините претставници и учителската интелигенција во овие градови. Меѓутоа кога се дава суштинска оценка за причините што довеле до непријателство на овие групи се доаѓа до заклучок дека не ж биле спознати основните причини кои довеле до тоа бидејќи мотивите за тие борби според М. Pinetta биле пред се како резултат на личните нетрпеливости а што е погрешно. Сето тоа било резултат на суштинските спротивности меѓу нивните ставови бидејќи претставниците на Егзархијата ги заштитувале интересите на странските буржоаски кругови а учителската интелигенција ги заштитувала интересите на македонскиот народ за своја национална слобода.

Од становиштето на политичка гледна точка гореспоменатиот М. Pinetta вели дека, според негова оценка, во Битола постоеле две партии: либералната партија чие движење го сочинувале млади луѓе и учителската интелигенција и конзервативната партија која била принудена да отстапува ја сочинувале владиката, бугарскиот агент и неколку други личности кои советувале мир и опрезност.[460)]

Покрај ова кај италијанските дипломатски претставници не останало незабележано и тоа дека при јубилејните празнувања на востанието на бугарскиот народ во борбата против Отоманската империја, во мај 1901 година доаѓало до повод кај бугар-

ската влада и круговите околу нејзе одново да ги потврдуваат аспирациите за владеење на Македонија.[461)]

Религиозните борби кои се јавувале како директна последица од делувањето на странските пропаганди во Македонија особено на соседните балкански држави биле во центарот на вниманието на италијанските дипломатски претставници во Македонија. Конкретно станувало збор за религиозните борби во Битолскиот вилает. Италијанскиот конзул во Битола О. Gaetani во еден свој извештај пишува во врска со предлогот за создавање на една единствена патријаршија преку помирување на Егзархијата и грчката патријаршија

Интересно е да се напомене во овој извештај дека од него можат да се видат главните задачи на италијанскиот конзул во Битола низ призмата на меѓусебните борби на странските пропаганди. "Во оваа околност верувам не е некорисно да Ве известам, вели италијанскиот конзул во Битола О. Gaetani во својот извештај испратен до италијанскиот министер за надворешни работи во Рим, дека во согласност со министерските инструкции дадени во моментот на основањето на овој кралски конзулат , нема отсуствувано во досегашниот тек проучувањето на борбата која овде се водела помеѓу двете цркви грчката и бугарската."

Иако авторот на гореспоменатиот извештај борбите кои што ги воделе приврзаниците на Егзархијата и Патријаршијата ги карактеризирал како мали борби но од друга страна истакнува дека тие борби "во овие земји имале важност, бидејќи на црквата е врзан изворот на јазикот и на националноста, и дека го објаснува толку споменатото."[462)]

Во извештаите на италијанските конзули во Македонија исто така се забележува дека бугарската пропаганда

покрај преку другите институции се вршела и низ активноста на бугарските трговски агенции.[463)]

Инаку што се однесува до глобалниот став што го имала италијанската влада спрема прашањето за бугарските училишта во Македонија може да се види во еден одговор на извештајот на италијанскиот амбасадор од Виена од страна на италијанскиот министер за надворешни работи каде што се вели дека италијанската влада можела на време да го следи во таа и во секоја друга слична околност на линијата на поведение согласно со онаа присвоена од Австро-Унгарија, која имала испратено на Високата Порта пријателски совети за исполнување на оние барања на бугарската влада кои презентирале, според зборовите на италијанскиот министер за надворешни работи, воглавно основани барања, одземајки така секоја причина за разидување со Бугарија.[464)]

Значајно место во извештаите на италијанските конзули од Македонија нашло и пишувањето на овие во врска со изборот на одредени црковни поглавари со служба во Македонија. Во конкретниот случај станува збор за назначувањето на Фирмилијан за митрополит во Скопје кој бил од српска националност. Сето ова предизвикало реагирања од страна на бугарската влада а кое му било пренесено и на италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Silvestreli.

Претседателот на бугарската влада Цанков го замолил италијанскиот дипломатски агент во Софија G. Silvestreli да дејствува кај италијанската влада и кај италијанскиот амбасадор во Цариград да му обрнат внимание на султанот во врска со прашањето за назначувањето на Фирмилијан и во врска со церемонијата што требала да се направи кога тој ќе се воведувал во должноста

дали тоа требало да се стори попрво во Цариград или во Солун.[465]

За разлика од тоа што за италијанскиот став спрема дејствувањето на бугарската пропаганда во Македонија располагаме со поголем број на извештаи на италијанските дипломатски претставници во однос на активноста на српската пропаганда во Македонија располагаме со сосема мал број на дипломатски извештаи. Карактеристичен е еден извештај на италијанскиот конзул во Битола O. Gaetani од 9 септември 1901 година каде што се зборува за локалната ситуација во конзуларниот округ на италијанскиот конзулат во овој град.

Во гореспоменатиот извештај станувало збор за следното: Во врска со едно извршено патување во регионот на Кичево од страна на италијанскиот конзул во Битола се велело дека не постоеле српски чети во тој дел "и јас можам повеќе да констатирам како српската пропаганда во овој вилает имала еден многу вештачки карактер бидејќи таа била исклучителна работа на конзулите и на учителите без некоја локална сериозност." Италијанскиот конзул од друга страна сосема поинаку ја окарактеризирал дејноста на бугарската пропаганда која многу интензивно работела на теренот на Македонија. Италијанскиот конзул забележува во својот извештај дека и покрај сите овие активности на пропагандите на соседните балкански држави владите на односните земји, во одредени периоди во зависност од општата политичка ситуација, во конкретниот случај станува збор за согласувањата на српската и бугарската влада во врска со борбата на нивните пропаганди во кои што учествувала и Русија.[466]

Покрај работата на пропагандите на соседните балкански држави, на територијата на Македонија дејствувала и романската пропаганда поттикнувана од Романија меѓу влашкото население

во Македонија. Италија односно нејзините дипломатски претставници во Македонија а и во Романија му обрнувале посебно внимание на ова сметајки и на остварување и на свое одредено влијание меѓу влашкото население.

Воглавно најголемо место во извештаите на италијанските дипломатски претставници е посветено кога се зборува за дејноста на романската пропаганда е работата на романските училишта околу која постоеле спротивности меѓу романскиот конзул во Битола Константинеску и Апостол Маргарит администратор на влашките училишта во Македонија и водач на партијата на македонските Власи.

Интересот на Италија по ова прашање може да се види од еден извештај на италијанскиот конзул во Битола А. Scaniglia од 18 март 1896 година кога се вели дека Италија чие население припаѓало кон латинските нации сакала помош преку една спогодба со Власите кои потекнувале според мислењето на италијанските официјални кругови од старите римски колони и преку тоа би се направила една тврдина против навлегувањето на панславизмот и елинизмот во Македонија.[467)]

Италијанскиот дипломатски пратеник во Букурешт E. eli Beccaria внимателно ја следел активноста на романската влада во врска со нејзината политика во Македонија. Така тој во својот извештај од 26 март 1896 година повикувајки се на својот претходен извештај од 25 истиот месец март вели дека претседателот на советот на романските министри му ја искажал желбата за запознавање од страна на италијанската амбасада во Цариград и италијанските конзулати во Македонија и во Епир кои биле информирани околу вистинската положба со работата на романските училишта во овие провинции на Отоманската империја и кои биле мислите на истите, како и

на акцијата, карактерот на Апостол Маргарит и довербата која можела на него да се допушти. Романскиот претседател на советот на министрите Sturdza изјавил дека ќе биде крајно благодарен на италијанската влада ако ги добиел потребните информации. Констатирајки дека Sturdza одгледувал кон Италија и Италијанците особени симпатии за што биле дадени повторно докази и затоа италијанскиот дипломатски пратеник во Букурешт, му препорачувал на италијанскиот министер за надворешни работи Duca Caetani di Sermoneto да му се посвети сето внимание кон молбата на романскиот претседател на советот на министрите Sturdza.[468)]

Не треба исто така да се заборави дека италијанските конзули во Македонија внимателно го набљудувале појавувањето на некои претставници на големите европски сили во врска со проучувањето на влашкото прашање. Во конкретниот случај станувало збор за доаѓањето на капетанот Леон Ламуш од францускиот генералштаб во Битола со цел да го проучува влашкото прашање.[469)] Во опширниот извештај на италијанскиот конзул во Битола А. Scaniglia се вели дека главен објект на разговорите меѓу проф. Biulli -директор на романскиот лицеј во Битола и капетанот Ламуш станувало латинското потекло на "Македо-Романците"и актуелната положба на овие во тогашниот период. Меѓу останатото прилично внимание се посветува и на активноста на лазаристите поврзано со дејствувањето на романската пропаганда бидејќи овие последните имале свои одредени цели кои намеравале да ги остварат со дејствувањето меѓу Власите а познат е италијанскиот став спрема активноста на лазаристите.

Впрочем интересирањето на Италија кон сета оваа активност на француските претставници, иако на оваа место излегува од доменот на нашето интересирање, имало своја позадина. Да

